**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

**ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО ОДБРАНА**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА**

**ТЕМА:**

# „АНАЛИЗА НА СТРАТЕГИСКИТЕ КОНЦЕПТИ НА НАТО “

**Ментор:** **Кандидат:**

**Проф.д-р Зоран Нацев** **Марија Митевска**

**Скопје, ноември 2014 година**

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.................................................... 4

ГЛАВА 1 АНАЛИЗА НА ПРОМЕНИТЕ ВО БЕЗБЕДНОСНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ И РАЗВОЈОТ НА СТРАТЕГИСКИТЕ КОНЦЕПТИ НА НАТО ОД 1949 ДО 1991 ГОДИНА.................................................... 10

1. Европа по Втората светска војна и создавањето на НАТО.................................................... 10

2. Стратегиски концепти на НАТО .................................................... 13

3. Анализа на стратегиските концепти на НАТО од 1949 до 1991 година.......... 14

3.1 Иницијална стратегија на одвраќање и одбранбена специјализација (Initial Strategy of Deterrence and Defence Specialisation) 1949 до 1951 година........... 14

3.2. Изградба на НАТО одбрана и колективна одбрана (NATO Defence Building and Collective Defence) од 1951 – 1957година .................................................... 17

3.3. Стратегија на масовна одмазда (Strategy of Massive Retaliation) од 1957 до 1967 година .................................................... 20

3.4. Стратегија на флексибилен одговор (Strategy of Flexible Response) од 1967-1991 година .................................................... 23

ГЛАВА 2 СТРАТЕГИСКО БЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ ПО ПАДОТ НА БЕРЛИНСКИОТ ЅИД И НОВИОТ СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ НА НАТО ОД 1991 ГОДИНА .................................................... 27

1. Состојбата во Европа по завршувањето на Студената војна.................................................... 27

2. Новиот стратегиски концепт на Алијансата од 1991 година.................................................... 31

3. Одлуки од Самитите на НАТО од 1990 – 1999 година .................................................... 39

2.1 Самит на НАТО во Лондон 1990 година.................................................... 39

2.2 Самит на НАТО во Рим 1991 година.................................................... 44

2.3 Самит на НАТО во Брисел 1994 година.................................................... 48

2.3 Самит на НАТО во Мадрид 1997 година.................................................... 51

3. Механизми за соработка на НАТО со земјите партнери .................................................... 55

3.1 Евроатлантскиот партнерски совет .................................................... 55

3.2 Партнерство за мир .................................................... 57

3.3 Процес на планирање, анализа и преглед .................................................... 62

ГЛАВА 3 НОВИОТ СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ НА АЛИЈАНСАТА ОД 1999 ГОДИНА - "THE ALLIANCE'S NEW STRATEGIC CONCEPT" .......................... 66

1. Причини кои доведоа до усвојување на стратегискиот концепт на Алијансата од 1999 година ........................................................................................ 66

2. Стратегиски концепт на Алијансата од 1999 година " The Alliance's new Strategic Concept " ........................................................................................ 69

2. Одлуки од Самитите на НАТО 1999- 2010 година ........................................ 78

2.1 Самит на Алијансата во Вашингтон 1999година ........................................ 78

2.2 Самит на НАТО во Прага 2002 година ........................................................ 83

2.3 Самит на НАТО во Истанбул 2004 година .................................................. 88

2.4 Самит на Алијансата во Рига 2006 година.................................................. 91

2.5 Самит на НАТО во Букурешт 2008година.................................................. 98

2.6 Самит на НАТО во Стразбур – Келн 2009година ...................................... 102

ГЛАВА 4 СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ НА АЛИЈАНСАТА ОД 2010 ГОДИНА - „ACTIVE ENGAGEMENT, MODERN DEFENCE: STRATEGIC CONCEPT FOR DEFENCE AND SECURITY OF THE MEMBERS OF THE NORTH ATLANTIC TREATY ORGANISATION" ........................................................................ 107

1. Причини кои доведоа до усвојување на стратегискиот концепт на Алијансата од 2010 година ........................................................................ 107

2. Стратегиски концепт на Алијансата од Лисабон 2010 година - „Активен ангажман, модерна одбрана: Стратегиски концепт за одбрана и безбедност на членките на Севрноатлантската договорна организација" .................................. 111

2. Одлуки на шефови на држави и влади од Самитите на НАТО 2010-2014 година ........................................................................................................ 118

2.1 Самит на НАТО во Лисабон 2010 година .................................................. 118

2.2 Самит на НАТО во Чикаго 2012 година .................................................... 121

2.3 Самит на НАТО во Кардиф 2014 година .................................................... 127

Заклучок ........................................................................................................ 133

ЛИТЕРАТУРА .................................................................................................. 145

# ВОВЕД

После завршувањето на Втората светска војна, довчерашните сојузници се најдоа во нова, поинаква конфронтација. Со цел да извојуваат „победа“ во истата, тие започнаа да се групираат во воено политички блокови. Така во 1949 година создаден е „Северноатлантскиот договор“ или НАТО Алијансата предводен од САД и останатите земји на капитал системот. Неколку години подоцна создаден е и „Варшавскиот договор“ предводен од тогашниот Советски сојуз и новите комунистички земји од Источна Европа. Ваквата поделеност ја дефинираше и тогашната стратегиска и безбедносна околина во која светот живееше во страв од можна директна воена конфронтација помеѓу супер силите (САД и СССР).

Присуството на 50 оклопни дивизии и два милиони војници на Варшавскиот пакт западно од Урал зборуваа многу погласно од стратегиските концепти на двете страни. Евентуалната воена конфронтација ќе резултираше со катаклизмички последици по човештвото. Благодарение на „здраворазумското“ размислување на водачите на супер силите, тоа не се случи. Силите, предводиници на двата воено политички блокови избегнаа меѓусебна директна воена конфронтација. Меѓутоа, можноста од судир беше предмет на нивните безбедносни концепти и доктрини преку кои меѓусебно се надмудруваа во сите полиња на дејствување, па и евентуалното војување. Таа напнатост официјално заврши во 1989 година со падот на Берлинскиот ѕид и обединувањето на Западна со Источна Германија. Истото предизвика распад на Варшавскиот договор без ниту еден испукан куршум. Од оваа т.н. студена војна, НАТО излезе како победник.

Алијансата ја извојува победата, помеѓу другото, благодарение и на добро осмислените концептуални и доктринерни решенија произлезени како резултат на предизвиците од Студената војна. Имено, во текот на

Студената војна, НАТО со Вашингтонскиот договор од 1949 година го промовира и првиот Стратегиски концепт на Алијансата насловен како „Иницијална стратегија на детеренција и одбранбена специјализација“ („Initial Strategy of Deterrence and Defence Specialisation”) кој официјално беше во функција од 1949 до 1951 година. Потоа следуваа „Изградба на НАТО одбрана и колективна одбрана“ („NATO Defence Building and Collective Defence”) - 1951 – 1957година, „Стратегија на масовна одмазда“ („Strategy of Massive Retaliation”) - 1957 до 1967 година и „Стратегија на флексибилен одговор“ („Strategy of Flexible Response”) - 1967-1991 година.

Контекстот на закани се менуваше со секоја одмината година по Студената војна. Без јасна закана од Истокот, проширувањето кон Централна и Источна Европа стана главен императив на Алијансата. Со секоја нова членка на НАТО се појавуваше нов национален интерес, кој го дефинираше контекстот на закани, а консензусот за заедничка закана од конвенционална војна полека исчезнуваше.

После крајот на студената војна, НАТО промовира уште три стратегиски концепти и тоа: „Новиот стратегиски концепт на Алијансата“ („The Aliance's New Strategic Concept“) - 1991-1999 година, „Новиот стратегиски концепт“ (“New Strategic Concept”) - 1999 – 2010 година, „Активно ангажирање, модерна одбрана: стратегиски концепт за безбедност и одбрана на земјите членки на Северноатлантската договорна алијанса“ („Active Engagement, Modern Defence: Strategic concept for Defence and Security of the members of the North Atlantic Treaty Organisation“) – 2010 година.

Сите овие стратегиски концепти на Алијансата беа донесени под влијание на актуелното опкружување. Првите четири беа наменети за одвраќање на идеолошкиот непријател од воена агресија, или доколку до истата дојде да се одговори на најсоодветен начин и да се извојува победа. Меѓутоа, последните три Стратегиски концепти беа донесени во

безбедносно опкружување во кое немаше идеолошки противник и поради тоа се разликуваа од предходните. Алијансата се соочи со предизвикот дали да ги прифати новите аспиратни за членство или истите да ги држи понастрана од своите редови. Сепак, НАТО одлучи да ги прилагоди своите концептуални решенија со цел за евентуално проширување со нови земји членки. Така, концептите на НАТО после студената војна се креирани со цел да се соочат со предизвокот на проширување на Алијансата со довчерашните идеолошки противници.

Паралелно со новите концептуални решенија, Алијансата иницираше и креираше повеќе механизми за соработка кои имаа за цел да ги приближат и да ги подготват поранешните комунистички земји за идно членство во Алиајнсата. Попознати механизми се Партнерството за мир, Акциониот план за членство, Процесот на планирање, преглед и анализа, регионалните форуми за соработка, Северноатланстскиот совет, Индивидуалната партнерска програма и други.

Оттука, проблемот на истражувањето во овој магистерски труд е преку анализа да се дојде до одредени научни сознанија колку стратегиските концепти и механизми на НАТО придонесоа земјите од поранешниот комунистички блок да ја отфрлат старата идеологија и безусловно да ја прифатат либерл демократската идеологија на капитал системот како општо цивилизациска вредност. Кои импликации ги предизвикаа трите последни стратегиски концепти на Алијансата по безбедносното опкружување и по безбедноста на земјите од Евроатлантската област и пошироко. Односно, проучување и анализа на содржината на концептите и нивните импликации врз општата безбедност на Алијансата и на земјите кандидати за членство во НАТО.

Фактите говорат дека речиси сите поранешни комунистички земји, преку ноќ ја отфрлија социјалистичката идеологија и ја прифатија либерал демократијата како општоцивилизациска вредност. Со одредени

исклучоци, скоро сите земји пројавија аспирации за членство во Алијансата и активно започнаа да ги користат механизмите кои им стоеја на располагање, надополнето со соодветна општествена трансформација. Овој процес го опфати целокупното општествено уредување на државите, вклучително и безбедносниот и одбранбениот сектор. Впрочем, државите започнаа да ги трансформираат своите одбранбени способности и да ги дизајнираат армиите согласно националните расположливи ресурси и одделни проекции на НАТО засновани на основната концептуална премиса дека во „Евроатлантската област значително е редуцирана заканата од конвенционална војна, но истата во потполност не може да се исклучи“.

Истражувањето на стратегиските концепти на НАТО и нивното влијание врз безбедноста во евроатлантската област се однесува на периодот од формирањето на Алијансата во 1949 година па се до Самитот на НАТО во 2014 година. Потесното истражување ќе го опфати периодот од распадот на Берлинскиот ѕид во 1989 година односно од обединувањето на Западна со Источна Германија па се до Самитот на НАТО во Обединетото Кралство во септември 2014 година. Фокусот на истражувањето е ставен на последните три стратегиски концепти на Алијансата (1991, 1999, и 2010 година), како и на одлуките од Самитите на Алијансата кои се одржуваа помеѓу донесувањето на стратегиските концепти.

Научното значење на истражувањето произлегува од придонесот што ќе го даде ова истражување во однос на анализата на концептите и политиките како и на механизмите на Алијансата кои придонесоа за приближување на поранешните комунистички земји кон полноправно членство во Алијансата. Односно самото истражување ќе покаже кои биле клучните политички цели предложени од Алијансата и кои земјите

аспиранти за членство во НАТО било неопходно да ги исполнат за да ги достигнат критериумите за полноправно членство.

Согласно формулираниот проблем на истражување, предметот на истражување е фокусиран на компаративна анализа на концептуалните решенија содржани во Стратегиските концепти на НАТО по Втората светска војна со акцент на оние после 1991 година, како и согледување на нивното влијание врз безбедноста на земјите од Евроатлантската област и пошироко. Преку анализата поконкретно ќе се запознаеме со промените на глобалните и безбедносните состојби во периодот на студената војна и по падот на Берлинскиот ѕид; со основите на концептуалните решенија на Алијансата во периодот на Студената војна од 1949 година до 1991 година; детерминантите и концептуалните решенија кои беа предвидени со „Новиот стратегиски концепт на Алијансата“ („The Aliance's New Strategic Concept“) од 1991 година; кои политики НАТО ги промени со Новиот стратегиски концепт од 1999 година; каде го стави фокусот на своето делување Алијансата со политичките цели и развојот на капацитети на НАТО со „Активно ангажирање, модерна одбрана: стратегиски концепт за безбедност и одбрана на земјите членки на Северноатлантската договорна алијанса“ („Active Engagement, Modern Defence: Strategic concept for Defence and Security of the members of the North Atlantic Treaty Organisation“) од 2010 година; кои корективни политики ги превзеде НАТО во однос на последниот стратегиски концепт содржани во декларации и други документи од одржаните самити на Алијансата; идентификација на заедничките и концептуалните заложби, ставови и определби на НАТО во последните три стратегиски концепти и издвојување на новините и посебностите значајни за НАТО, пошироката безбедност и за земји кандидати за членство.

Од дефинираниот проблем и од самиот предмет на истражување основната научна цел на истражувањето е да се проникне во суштината на

визијата за улогата, развојот и идните конкретни активности на НАТО во Евроатлантската област и пошироко.

Покрај тоа ќе се потенцираат одделни функционални предности и недостатоци кои се идентификуваа како од самата Алијанса така и од политичката, научната и експертската јавност. Односно, ќе се проучи и анализира историскиот и хронолошкиот контекст, како и промените во безбеднсното опкружување кои доведоа до развојот на стратегиските концепти на Алијансата.

Преку ваквата анализа се очекува да се дојде до сознанија и искуства за влијанието на концептуалните ставови дадени во стратегиските концепти на НАТО врз исполнувањето на неопходните стандарди за членство во Алијансата на земјите аспиранти. Односно дали самите земји аспиранти ги прифаќаат безусловно овие концептуални ставови како свои национални или пак со одредени модификации.

Главната хипотеза врз која се потпира истражувањето е фокусирана на тоа дека промените во безбедносното опкружување и безбедноста во Евроатлантската област во значителна мера влијаеа врз политиката на НАТО и концептуалните решенија понудени во стратегиските концепти, со кои континирано се зајакнува позицијата и улогата на Алијансата на меѓународен план. Притоа, промените во безбедносното опкружување и безбедноста во Евроатлантската област во периодот на „Студента војна" и после тоа ја определивме како независна варијабла.

Во истражувањето го користевме интегралниот пристап за квалитативна анализа на Стратегиските концепти на Алијансата и на самитските и други докуметите кои го третираат развојот на политиките на НАТО и нивното влијание врз одбранбената политика.

# ГЛАВА 1 АНАЛИЗА НА ПРОМЕНИТЕ ВО БЕЗБЕДНОСНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ И РАЗВОЈОТ НА СТРАТЕГИСКИТЕ КОНЦЕПТИ НА НАТО ОД 1949 ДО 1991 ГОДИНА

## 1. Европа по Втората светска војна и создавањето на НАТО

Состојбата во Европа и пошироко во светот после крајот на Втората светска војна беше сложена и компликувана. Дополнително истата беше усложнета и со нервозата која се појави кај советското раководство како последица на создавањето и употребата на атомското оружје од страна на САД. Имено, со крајот на Втората светска војна, тогашниот Советски Сојуз територијално се прошири, а врз земјите од Источна Европа ја наметна и својата комунистичка идеологија. Тоа претставуваше реална закана за капиталистичките земји на европско тло кои се соочуваа со последиците од големата војна. Уништените економии, разурнатата инфраструктура, недостатокот на храна и слично беа плодна почва за ширење на комунистичката идеологија. Следен елемент беше демобилизацијата на голем број на војници од страна на САД, Обединетото Кралство и другите капиталистички земји, како и процесот на реконструкција на вооружените сили на останатите капиталистички земји. Тоа доведе до намалување на бројот на војниците од околу пет милиони на околу 880 илјади во 1946 година. Од друга страна, Советскиот Сојуз и новите комунистички држави од Источна Европа го задржаа бројот на војници под оружје на околу шест милиони, поддржани со околу 20 000 тенкови. Овие факти беа поразителни за капиталистичките земји и претставуваа моторна сила за размислување како да се спротивстават на растечката закана од комунистичката идеологија. Исто така, послужија и

како повод земјите од Западна Европа да се здружат против Советскиот Сојуз барајќи гарантирање на слободата и безбедноста на нивните земји.[1]

Во тој период, САД беа едиствената воено политичка и економска сила која што беше способна и доволно моќна да му се спротивстави на Советскиот Сојуз и да ги заштити земјите од Западна Европа. Во 1947 година Председателот на САД Хари Труман го одобри планот за интегрирана одбрана на Северноатланската област создавајќи фонд за воена помош во висина од 900 000 американски долари. Овој план е познат како „Труманова доктрина"[2] која се јавува како последица на притисокот што го вршел Советскиот Сојуз врз Грција и Турција да ја прифатат комунистичката идеологија. Целта на оваа доктрина била да им се даде поддршка на сите земји и луѓе кои даваат отпор на поробувањето со употреба на воена присила или надворешни притисоци. Во основа оваа доктрина ја претставува и првичната политика на САД за спротивставување на растечкото влијание на Советскиот Сојуз.

Во 1947 година, по иницијатива на САД донесен е т.н. „Маршалов план"[3] кој имаше за цел финансиска поддршка за ревитализација на економијата и стопанството не само на земјите од Западна Европа, туку и на Советскиот Сојуз и на Источно Европските земји. Со „Маршаловиот план", САД издвоија над 12 милијарди долари финансиска помош за опустошените земји од Втората светска војна.[4] Меѓутоа, ваквата понуда од страна на САД беше енергично одбиена од Советскиот сојуз и од Источно Европските земји. Како против одговор формиран е Советот на заемна

[1] Гоцевски Т. „Основи на системот на националната одбрана", Македонска ризница куманово 1996 година.
[2] The Truman Doctrine, 1947, U.S. Department of States, Office of the Historian https://history.state.gov/milestones/1945-1952/truman-doctrine.
[3] На 5. јуни 1947 година Државниот секретар на САД Џорџ Маршал ги објави плановите за економска рехабилитација на Европа. *Извор : NATO* Office of information and Press *2001*
[4] The Marshall Plan: The Economic Cooperation Act, March 1948, U.S. Department of States, Office of the Historian, https://history.state.gov/milestones/1945-1952/marshall-plan.

економска помош, кој го сочинува Советскиот Сојуз и земјите од источниот блок.

Во март 1948 година во Брисел беше потпишан „Бриселскиот договор за економска, социјална и културна соработка и за колективна самоодбрана“ (Treaty of Economic, Social and Cultural Collaboration and Collective Self-Defence) помеѓу Белгија, Франција, Луксембург, Холандија и Обединетото Кралство со кој официјално е формирана Западноевропската Унија.[5] Целта на Западноевропската Унија беше формирање на заедничка одбрана на западноевропските земји како резултат на растечката закана од Советскиот Сојуз.

Во овој период беше донесена и т.н. „Вандербергова резолуција“[6], со која се изразува подготвеноста на САД заедно со западноевропските земји да изградат колективен систем за самоодбрана, заснован на членот 51 од Повелбата на Обединетите нации. Членот 51 од Повелбата на ООН го потврдува правото на индивидуална или колективна одбрана на секоја земја. „Вандерберговата резолуција“ е основа за идната американска асоцијација со регионални и други колективни договори за безбедност.

Трумановата доктрина, Маршаловиот план, Бриселскиот договор за економска, социјална и културна соработка и за колективна самоодбрана, Вандерберговата резолуција и член 51 од Повелбата на ООН претставуваа основа за да се потпише познатиот Вашингтонски договор на 04 април 1949 година и да се формира Севрно атлантскиот сојуз познат нашироко под акронимот НАТО. Овој Сојуз настана како последица на крајот на Втората светска војна и појавата на новата „Студена војна“ проследена со интензивна „трка во вооружување“. Со Договорот од Вашингтон 12те земји

[5] Treaty of Economic, Social and Cultural Collaboration and Collective Self-Defence, http://www.weu.int/ .
[6] Vandenberg Resolution, 1948. Avalon Project, Yale Law School, http://avalon.law.yale.edu/20th_century/decad040.asp

основачи[7] се договорија да формираат заеднички колективен безбедносен систем базиран врз партнерство со основна цел одбрана од довчерашните комунистички сојузници од Антифашистичката коалиција. Основна задача на НАТО беше да ја брани слободата и безбедноста на сите свои членови со политички и воени средства во согласност со Северноатланскиот договор и принципите на Повелбата на Обединетите нации. Фундаменталниот принцип на Алијансата беше заедничка заложба за меѓусебна соработка меѓу земјите членки заснована врз взаемната поврзаност на нивната безбедност. Во согласност со Вашингтонскиот договор, основната цел на Алијансата е да ја чува и осигури безбедноста и стабилноста на земјите членки било со употреба на политички или со воени средства, како и да овозможи заштита на заедничките, споделени вредности – демократија, човекови слободи, благосостојба, владеење на правото, солидарност, мир и стабилност.[8]

## 2. Стратегиски концепти на НАТО

Од своето формирање (Вашингтонскиот договор од 1949 година), НАТО континуирано ја развиваше и се уште ја развива својата одбранбена и воена концептуална, доктринарна и стратегиска рамка. Развојот на одбранбена и воена мисла беше иницииран од променливото стратегиско опкружување и континуираната манифестација на нови предизвици и закани по безбедноста во Евроатлантската област. Во периодот од 1949 година до 2010 година Алијансата промовира и усвои вкупно седум стратегиски концепти кои беа во функција на остварување на стратегиските цели и зачувување на демократските вредности на либерал

---

[7] Земји основачи на НАТО се : Белгија, Обединетото кралство, Данска, Исланд, Италија, Канада,Луксембург, Норвешка, Португалија, САД, Франција и Холандија-вкупно 12.
[8] Šta je NATO?, Centar za demokratsku tranziciju, Info centar o evropskim integracijama, (пристапено на 10.10.2014 година), http://www.infocentarmne.net/IC/nato-i-cg/nato-info/.

демократијата и капитал системот. Преку нив најсликовито се гледа како Алијансата се прилагодувала на промените во стратегиското окружување и како ги развивала своите капацитети и способности за справување со безбедносните предизвици и закани. Во предметните глави од овој труд компаративно ќе ги анализираме сите концепти на Алијансата со концептуалните решенија кои ги нудат истите. Тежиштето ќе биде ставено на концептите после 1991 година, но и на корективните одлуки усвојувани преку нејзините самити на највисоко ниво.

## 3. Анализа на стратегиските концепти на НАТО од 1949 до 1991 година

### *3.1 Иницијална стратегија на одвраќање и одбранбена специјализација (Initial Strategy of Deterrence and Defence Specialisation) 1949 до 1951 година*

Првиот стратегиски концепт на Алијансата познат под кодното име DC 6/1, а насловен како „Иницијална стратегија на одвраќање и одбранбена специјалиизација“ (Initial Strategy of Deterrence and Defence Specialisation) беше усвоен во 1949 година и беше со најкраток век на употреба до 1951 година. Тој дојде во период кога во Европа земјите потписнички немаат свои големи армии и се потпираа исклучиво врз способноста за мобилизација на силите на САД и на Обединетото Кралство. Елементот на одвраќање се потпираше исклучиво врз способноста на САД да возврати со нуклеарно оружје од воздух. Притоа, улогата за заштита од море беше доверена на Обединетото Кралство. Копнените сили беа скромни без добро консолидирани поголеми армии. Ваквата ситуација беше создадена како резултат на скоро завршената војна, присуството на три мали земји кои неамаа развиено воени сили,

Западна Германија имаше ограничување за формирање на вооружени сили, а Франција не поседуваше моќна армија. Од другата страна за противник им беше моќната Црвена Армија, опремена со тенковски дивизии и солно воздухопловство. Сепак, со овој Концепт се воспостави одреден сет на принципи неопходни за координација на напорите на новоформираната Алијанса за одбрана на земјите членки засновани на национална специјализација и дивизии составени од работници наместо од униформирани војници.[9]

Во преамбулата на Концептот е изнесена заложбата на земјите членки на Алијансата да ги остварат поставените цели на колективна одбрана во согласност со Повелбата на Обединетите нации, преку политичка, економска и психолошка интеграција. Основните постулати врз кои се потпира оваа Алијанса се:

- „одбрана на слободата, заедничккото наследство и цивилизацијата на нивните граѓани засновани на принципите на демократија, индивидуалните слободи и владеењето на правото;
- промоција на стабилноста во Северноатлантската област;
- обединување на нивните напори за колективна одбрана и за заштита на мирот и безбедноста.“[10]

Со цел да се превенира војната, но и во случај на војна, Сојузниците се подготвуваа ефективно да ги координираат своите расположливи потенцијали во насока на заедничка одбрана. Концептот предвидуваше пропорционално ангажирање на сите потенцијали на земјите врз основа на географската положба, индустриските капацитети, населението и воените способности на државите. Ваквиот пристап требаше да овозможи

---

[9] Ioan Sorin, Strategic Concepts in the NATO Evaluation, Strategic Planning Directorate – Vector of Euro-Atlantic Integration, Romanian Military Thinking~2/2012.p.75.

[10] D.C. 6/1, The Strategic Concept for the defence of the Nort Atlantic Area, 1 December 1949, NATO Strategy Documents 1949-1969. p.2.

иницирање на реалистичко, витално и продуктивно одбранбено планирање.[11]

Политичките мерки за имплементација подразбираа заедничка акција за одбрана против вооружен напад преку взаемна помош, придонес на секоја нација согласно расположливите ресурси. Развојот на вооружените сили требаше да се одвива со взаемна помош и истите требаа да бидат координирани за да можат ефективно и економично да дејствуваат во согласност со заедничкиот план, а секоја земја требаше да ги превземе акциите за кои е најдобро подготвена.

Воените мерки за импшлементација подразбираа обезбедување на можност за стратегиско бомбардирање од воздух со сите видови на расположливо оружје, употреба на сите поморски капацитети и способности. Главнината од копнените сили да биде од европските земји, со цел неутрализирање на воздухопловните операции на непријателот, обезбедување и контрола на поморските и воздушните линии за комуникација и имплементација на заедничките планови за одбрана, обезбедување, одржување и одбрана на есенцијалните капацитети и мобилизирање на целокупната моќ на Алијансата.[12]

Мерките за соработка предвидуваа стандардизација на воените процедури и доктрини; изведување на заеднички вежби; размена на разузнавачки информации; соработка во изградбата, одржувањето и оперативноста на воените капацитети; стандардизација во одржувањето, поправката и ссервисирањето на воените објекти; колективна соработка во осмислувањето на воените операции од заеднички интерес стандардизација на воените материјали и опремата и соработка во

[11] Ibid, p.3.
[12] Ibid, p.5&6.

заедничкото планирање на психолошките и останатите специјални операции.[13]

Вака поставениот Концепт послужи како иницијална основа за воспоставување на Врховниот командант на сојузничките сили во Европа (SACEUR – NATO's Supreme Allied Commander Europe) и Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE HQ – Supreme Headquoters Allied Powers Europe). Од аспект на обезбедувањето на колективна одбрана, овој Концепт не беше во можност да одговори на побарувањата во согласност со членот 5 од Вашингтонскиот договор. Поради тоа после две години овој Концепт беше ревидиран и заменет со вториот концепт во 1951 година.

### *3.2. Изградба на НАТО одбрана и колективна одбрана (NATO Defence Building and Collective Defence) од 1951 – 1957година*

Вториот концепт под ознака MC 14/1, а насловен како „Изградба на НАТО одбрана и колективна одбрана" (NATO Defence Building and Collective Defence) беше одобрен во 1951 година и важеше до 1957 година. Во основа овој концепт беше развиен од професионалните воени аналитичари на Алијансата во SHAPE. Истиот беше олицетворение на концептуалните решенија на САД и се потпираше првенсвено на нејзината моќ за изведување на стратегиско бомбардирање со нуклеарно оружје и на мобилизација на Алијансата за извојување на победа во евентуална војна со СССР до 1956 година.[14]

Основната премиса на одбранбената политика на Алијансата во овој Концепт е да „се убеди СССР дека војната не е исплатлива, а истовремено да обезбеди успешна одбрана на територијата на НАТО која ќе биде

[13] Ibid, p.7.
[14] North Atlantic Military Commity Decision on M.C. 14/1, a Report by the Standing Group od Strategic Guidancem, 9 December 1952, NATO, Strategy Documents 1949-1967, p. 201.

зафатена од војна“.[15] Ваквата политика бараше и развој на соодветни воени капацитети и способности, нивна модернизација со современи борбени системи и поблиска координација и соработка во сите области од заеднички интерес. Концептот предвидуваше одбрана на територијата на земјите членки на Алијансата од Скандинавија до Северна Америка и од Обединетото Кралство до Алжир. Во овие граници НАТО започнува да ја гради својата одбрана и да организира колективна одбрана. Како најголеми природни и вештачки пречки за копнените сили на СССР, во Западна Европа ги наведува реките Елба и Рајна.[16]

Ваквата поставеност и опременост на армиите на земјите членки на Алијансата, доколку бидат вовлечени во војна, требаше да им овозможи, „во соработка со одбранбените организации од Блискиот Исток кои што можеа да бидат евентуално воспоставени да се обезбеди одбраната на НАТО и да се уништи желбата и способноста на СССР и на неговите сателити да водат војна.“[17] НАТО планираше војната против идеолошкиот непријател СССР да ја води географски на три континенти во Европа, Азија и Африка. Интересно е и тоа дека евентуалната војна со СССР, според НАТО би ја вклучила и Комунистичка Кина на страната на СССР, но тогашната Југославија би останала неутрална или би се вклучила на страната на Алијансата.

Остварувањето на стратегиската цел би се одвивала во четири главни фази преку кои во првата фаза би се запрела Советската офанзива со истовремена Сојузничка воздушна офанзива; втората фаза би го опфатила периодот од стабилизацијата на Советската офанзива до иницирање на главните офанзивни операции на Сојузниците; третата фаза би го вклучила изведувањето на главните офанзивни операции на Сојузниците на сите фронтови и четвртата фаза би требало да резултираат со

[15] Ibid, p.201.
[16] Ibid, p.211.
[17] Ibid, p.205.

остварување на стратегиската цел на Сојузниците односно победа во војната.[18]

За реализација на определбите од овој Концепт, НАТО во периодот од 1954 до 1956 година, под водство на САД и Обединетото Кралство и опоравената Франција, иницраа проекти кои имаат за цел зголемување на бројот на силите распоредени во Европа, како и за подобрување на способностите за испорака на оружјето.[19] Ова во основа претставува и почеток на „трката во вооружување" помеѓу довчерашните сојузници од Втората светска војна. Во овој период и Советскиот сојуз успева да го развие своето нуклеарно оружје, а во 1954 година тестираше и термонуклерано оружје со поголема разорна моќ.

За време на важноста на овој Концепт, НАТО го воспостави Севернотлантскиот совет на ниво на шефови на држави и влади, ги зголеми своите одбранбени трошоци за три пати во периодот од 1950 до 1954 година, „воспостави нови команди, постигна баланс помеѓу активната и резервната компонента на силите, и во Западна Европа вистинската воена моќ беше зголемена од 350 000 во 1949 на 600 000 војници во 1954 година. Во овој период САД стационираа 5 дивизии во Западна Германија, Обединетото Кралство стационира 5 дивизии за одбрана на позициите на реката Рајна, Белгија и Холандија одлучија да воспостават заеднички армиски Корпус, а Франција го зајакна своето учество во Западна Германија со 12 копнени дивизии и со воздухопловни сили од 650 борбени авиони."[20]

Со овој Концепт, Алијансата полека започна структурно да се оформува и да ги зајакнува своите воени капацитети и способности. Исто така, во овој период се случи и првото проширување со нови земји членки

---

[18] Ibid, p.206.

[19] Ibid, p.205.

[20] Ioan Sorin, Strategic Concepts in the NATO Evaluation, Strategic Planning Directorate – Vector of Euro-Atlantic Integration, Romanian Military Thinking~2/2012.p.76.

и тоа во 1952 година со Грција и Турција, а во 1955 година и со Западна Германија.

### *3.3. Стратегија на масовна одмазда (Strategy of Massive Retaliation) од 1957 до 1967 година*

Третиот концепт на Алијансата е познат под името „Стратегија за масовна одмазда" (M.C. 14/2 Strategy for Massive Retaliation) и беше во функција во периодот од 1957 година до 1967 година. Овој Концепт се јави како одговор на напредокот направен од страна на СССР во развојот на воените системи и оружје, а посебно во развојот на нуклеарното оружје и средствата за негова испорака на далечина.

Концептот се засновува на поширокиот пристап кон безбедноста со вклучување на географската локација, економските, материјалните, научните и техничките ресурси, индустриските капацитети, човечките ресурси и воените способности на Алијансата. Целта беше да се превенира војната со одржување на соодветни нуклеарни и конвенционални воени сили. Секоја земја членка беше обврзана да развива свои сопствени воени капацитети и способности во согласност со проекциите дадени во Концептот.[21]

Основните принципи врз кои се засноваше одбраната на Алијансата останаа непроменети во однос на претходните два концепта. Стратегискиот концепт предвидуваше спроведување на низа на мерки вклучително и одредбите за силите, процедурите и капацитетите неопходни за да се одврати војната и да се обезбеди одбрана на интегритетот на НАТО во случај на војна. Предвидувањата беа дека

[21] Final Decision on M.C. 14/2 (revised), A Report by the Military Committee on Overall Strategic Concept for the Defence of the North Atlantic Treaty Organisation Area, 23 May 1957, NATO strategy Documents 1949-1969. p. 283.

„раководството на СССР е свесно и се плаши од последиците кои би настанале од евентуална нуклеарна војна. Тие нема да започнат нуклеарна војна се додека знаат дека Западот е подготвен да им возврати на нападот со нуклеарно оружје и да го уништи СССР.“[22] Меѓутоа, проценката на НАТО беше дека заканата од нуклеарна војна е висока поради различните проценки во одредени структури во СССР и од неконструктивноста на Запад или од локалните ограничени воени операции кои можат да доведат до нуклерана војна. Поради тоа, НАТО приоритет му придаваше на спречувањето на глобалната војна, а во случај војната да се поведе против НАТО, треба да се осигура способноста за постигнување на целите на Алијансата односно победа во војната.

Одвраќањето на војната поаѓаше од премисата дека напредното нуклеарно вооружување и средствата за негова испорака на далечина е достапно и за двете страни. Појавата на термонуклеарното оружје и неговата деструктивна моќ, како и специфичностите и потешкотиите во организирањето на одбрана од нив беа нови предизвици со кои се соочуваа и двете страни. Тоа од друга страна повелкуваше и употреба на политички, економски, социјални и психолошки мерки, а не само воени како во минатото. Во евентуална глобална војна, најголемите уништувања би се случиле во првите неколку дена кога двете страни би ги лансирале нивните проектили. Тоа би ја отежнало мобилизацијата на човечките и другите ресурси за организрање на одбрана на територијата.[23] Во контекст на одвраќањето, прввин СССР распореди свое нуклеарно оружје и во земјите од Варшавскиот пакт. Додека одговорот на НАТО резултира со

[22] Final Decision on M.C. 14/2 (revised), A Report by the Military Committee on Overall Strategic Concept for the Defence of the North Atlantic Treaty Organisation Area, 23 May 1957, NATO strategy Documents 1949-1969. p. 287.
[23] Final Decision on M.C. 14/2 (revised), A Report by the Military Committee on Overall Strategic Concept for the Defence of the North Atlantic Treaty Organisation Area, 23 May 1957, NATO strategy Documents 1949-1969. p. 288.

распоредување на ракети со среден дострел со нуклеарно полнење, од страна на САД, во земјите од Западна Европа.

Ваквиот развој на настаните во безбедносното опкружување предизвика НАТО во овој концепт да ги редуцира фазите на водење на глобална војна од четири на две. Односно во првата фаза го опфаќа периодот на интензивни взаемни офанзивни дејства со максимално траење од триесет дена. Најнитензивна нуклеарна размена би имало во првите неколку денови. Втората фаза би била со подого времетраење кое би вклучувало период на реорганизација, задоволување на потребите и извршување на неопходните воени задачи кои ќе доведат до победа во војната.[24]

За прв пат, покрај заканата од голема војна, НАТО дефинира и алтернативни закани по безбедноста на Алијансата. Имено, според проценките на НАТО, СССР е свесен дека НАТО забрзано ги развиваше своите нуклеарни способности и евентуалната војна би довела до взаемно уништување. Поради тоа НАТО сметаше дека раководството на СССР ќе се обиде да иницира операции со помали цели кои вклучуваат инфилтрација, упад на територијата на Алијансата, прикриено или јавно поддржана од нив, под претпоставка дека Сојузниците во нивните колективни напори да ја превенираат војната ќе ги лимитираат нивните реакции или нема да реагираат воопшто.[25]

Имајќи ги во предвид заканите од глобална војна и од алтернативните закани, подговката на НАТО за справување со заканите се движеше во следна насока:[26]

- прво да ја осигура способноста за превземање на против напад со сите расположливи конвенционални и нуклеарни капацитети и

[24] Final Decision on M.C. 14/2 (revised), A Report by the Military Committee on Overall Strategic Concept for the Defence of the North Atlantic Treaty Organisation Area, 23 May 1957, NATO strategy Documents 1949-1969. p. 290.
[25] Ibid, p.291.
[26] Ibid, p.292.

способности, но мора да развива и способности со кои ќе се обезбеди преживување на непријателскиот напад;

- второ, мора да ја развие способноста за употреба на копнените, поморските и воздухопловните сили за одбрана на територијата и поморските области на НАТО;

- трето, мора да се подготви за периодот на реорганизација, рехабилитација и за искористување на преостанатите ресурси за постигнување на целта.

За да се постигнат овие концептуални претпоставки, НАТО мораше да постигне соодветна флексибилност на силите.

Од концептуалните решенија, јасно се гледа дека земјите членки на Алијансата не располагаа со доволно моќни конвенционални сили за да му се спротивстават на евентуалниот напад од страна на СССР со земјите од Варшавскиот договор. Поради тоа тие се потпираа на моќта на стратегиското нуклеарно оружје на САД, затоа што само САД имаше постигнато нуклеарен паритет со СССР. На секој конвенционален напад од страна на СССР против некоја земја членка, Алијансата планираше да одговори директно со масовен нуклеарен напад.

### *3.4. Стратегија на флексибилен одговор (Strategy of Flexible Response) од 1967-1991 година*

Во 1967 година, НАТО го промовира својот четврти стратегиски концепт именуван како „Стратегија на флексибилен одговор“ (M.C. 14/3 Strategy of Flexible Response) чии период на важност беше од 1967 година до 1991 година. Почетоците на овој концепт датираат со контраверзниот предлог на Државниот секретар на САД Роберт Макнамара во 1962 година кој повикуваше на зацврстување на конвенционалните сили и нивно

модернизирање со најсовремените технолошки достигнувања. Ваквиот предлог на Макнамара беше во согласност со Кенедиевата доктрина за флексибилно војување во земјите од третиот свет. Меѓутоа, овој предлог наиде на негодување од страна на Европските сојузници кои охрабрени од нуклеарното одвраќање не сакаа тежиштето да го префрлат на конвенционалните сили. Ставовите помеѓу САД и Европските сојузници околу новиот концепт на НАТО, конечно беа усогласени со Хармеловиот извештај за „Идните задачи на Алијансата“ во 1967 година. Воедно, усвојувањето на овој концепт се поклопи со бранот на антиколонијалната војна која го зафати третиот свет и според проценките на НАТО, СССР се обидел преку оваа антиколонијална војна да го прошири своето влијани врз земјите од Африка, Латинска Америка и Блискиот Исток.[27]

Поаѓајќи од промените во стратегиското опкружување во овој период кога Студената војна се наоѓаше во нејзиниот најголем моментум, и постигнатиот нуклеарен и конвенционален паритет, НАТО одлучува понатамошниот фокус во зачувувањето на мирот и слободата во „слободниот свет“ да го стави на развојот и модернизацијата на конвенционалните сили. Овие сили имаа мисија да ја спречат советската инвазија во земјите надвор од НАТО. Во вакви услови на водење на ограничени локални војни во трети земји, нуклеарното оружје и одвраќањето не било во функција.

Во изминатиот период, СССР успеал да ги зајакне своите политички, економски и воени позиции во Источна Европа. Тоа било резултат на континуираното вложување и модернизација на конвенционалните сили на Варшавскиот договор со јасна цел да се постигне убедлива надмоќ во однос на силите на НАТО. Предвидувањата на НАТО биле дека СССР ќе продолжи да ги јакне своите нуклеарни, конвенционални, хемиски и

[27] Final Decision od MC 14/3, A Report by the Military Committee to the Defence Planning Committee on Overal Strategic Concept for the Defence of the North Atlantic Treaty Organization Area, 16 January 1968, NATO Strategy Documents 1949-1969, p.352.

евентуално биолошки капацитети и способности со намера да ја постигне својата цел.[28]

Во ваков развој на настаните, НАТО не ја исклучуваше можноста од водење на голема нуклеарна војна, агресија со примена на тактички нуклеарни или хемиски оружја, голема агресија против еден или два региони на НАТО со тактички нуклерани сили или без нив, нуклеарни или операции без употреба на нуклеарно оружје во приморските региони, ограничена агресија предизвикана од конкретна ситуација, блокади на Западен Берлин, прикриени акции и политички и воен притисок и закани против една или повеќе земји членки на НАТО.[29]

Од ваквите претпоставки произлезени се и основните одбранбени принципи на концептот и тоа да манифестира решителност за здружено дејствување и одбрана на Северноатлантската област против сите форми на агресија; препознатливи способности на Алијансата за ефективен одговор без оглед на нивото на агресија и флексибилност која ќе ја спречи потенцијалната агресија со соодветен одговор од страна на НАТО.[30] Во случај, одвраќањето да не успее и да дојде до агресија, на НАТО на располагање му стојат три варијанти на воен одговор и тоа директна одбрана, намерна ескалација и масовен нуклеарен одговор.[31]

Поради тоа НАТО сметаше дека тежитето на воените акции треба да се стави на локалните конфликти во трети земји. Ваквата тактика побаруваше цел спектар на воени способности почнувајќи од конвенционални сили преку тактички нуклеарни сили до стратегиски нуклеарни сили. Во тој контекст земјите членки на НАТО тежиштето го ставија на развој на флексибилни, мобилни и добро опремени конвенционални копнени, поморски и воздухопловни сили кои ќе бидат

---

[28] Ibid, p. 353.
[29] Ibid, p. 354.
[30] Ibid, p. 358.
[31] Ibid, p. 359.

способни да водат ограничени локални војни. Овие сили требаа да бидат со висок степен на борбена готовност, логистички добро поддржани и подготвени во секој момент на тензија да тргнат во операција и да пружат борбена и логистичка поддршка. Во мирно време истите ќе бидат гаранција за одвраќање на секое ниво на агресија.

Со ваквите концептуални решенија на Алијансата започна нова фаза во „трката во вооружување“ и на „Студената војна“. Процесот на модернизација и опремување на конвенционалните сили со технолошки напредна воена опрема, силно поддржана подоцна и од Регановата администрација го доведоа Советскиот сојуз до економска исцрпеност и неможност да го следи понатамошниот технолошки развој и модернизација на своите сили. Тоа резултираше со појава на „Горбачовата Перестројка“ и крај на Студената војна во последната декада на дваесеттиот век. Во овој период се случи и третото проширување на НАТО со Шпанија во 1982 година.

Со крајот на Студената војна се отвори нова ера во развојот на односите помеѓу Исток и Запад која се движи во насока на целосна интеграција на Европските земји во западните интегративни структури – НАТО и ЕУ.

# ГЛАВА 2 СТРАТЕГИСКО БЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ ПО ПАДОТ НА БЕРЛИНСКИОТ ЅИД И НОВИОТ СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ НА НАТО ОД 1991 ГОДИНА

## 1. Состојбата во Европа по завршувањето на Студената војна

Стратегиското безбедносно опкружување во Европа и пошироко во Евроатлантската област започна драматично да се менува кон крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години од XX век. Во овој период Европа беше во состојба на длабоки превирања и значајни општествено - политички, економски и воено-стратегиски промени. Овие промени придонесоа да се заврши Студената војна и да се видоизмени геополитичката карта во Европа. За ваквите промени во безбедносното опкружување свој придонес имаа неколку настани кои се случија во 60-тите, 70-тите и 80-тите години на минатиот век. Долгорочните импликации од овие настани предизвикаа големи промени на политичката карта во Европа на почетокот на деведесетите години од минатиот век. Како позначајни настани ќе ги издвоиме следните.

Хармеловата доктрина, која НАТО ја прифати во 1967 година. Оваа доктрина се засновува на паралелните ставови за одржување на соодветната одбрана напоредно со напорите за намалување на тензијата во односите исток-запад.[32] Поконкретно, во 1966 година, белгискиот минисер за надворешни работи Хармел (Harmel) го предложи документот „Идните задачи на Алијансата“ (Future Tasks of the Alliance) во кој беа содржани долгорочните цели за развој на НАТО. Од една страна со оваа доктрина се реафирмираше оригиналната цел на НАТО за силна колективна одбрана, а од друга страна иницираше разоружување и активна

[32] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2001, стр.39.

дипломатска политика кон Советскиот Сојуз поради тоа што „безбедноста и политиката на детант не се спротивставени, туку комплементарни. Колективната одбрана е стабилизирачки фактор во светската политика. Патот за мир и стабилност во Европа е во делумното користење на конструктивноста на НАТО во интерес на детантот“.[33]

Воведувањето на „Новата политика на Западна Германија кон Источна Европа“ во 1969 година од страна на владата на канцеларот Вили Брант на Сојузна Република Германија. Целта на оваа политика беше да ги норамлизира и да воспостави позитивни односи со земјите од Варшавскиот договор и со Советскиот Сојуз, во рамките на ограничувањата наметнати од домашните и надворешните политики на нивните влади[34].

Потпишувањето на завршниот акт од Конференцијата за Европаска Безбедност и Соработка во Хелсинки во 1975 година. Со овој документ се воспоставија нови демократски стандарди по однос на прашањата од областа на човековите права и слободи, но се воведоа и механизми за изградба на мерки на доверба помеѓу истокот и западот.

Распоредувањето на Нуклеарните сили во Европа со среден дострел, во согласност со „Договорот за ограничување на стратегиските нуклеарни сили“ (Strategic Arms Limitations Talks - SALT II) од декември 1979 година. Со распоредувањето на овие сили радикално се наруши „постојниот систем за извидување и тревожење со намалување на рокот од 30 на само 5 минути“.[35]

---

[33] Bruce Weber, Pierre Harmel, at 98; Belgian statesman who helped reshape NATO, New York Times / November 22, 2009, http://www.boston.com/bostonglobe/obituaries/articles/2009/11/22/pierre_harmel_at_98_belgian_statesman_who_helped_reshape_nato/.

[34] The Ostpolitik of the Federal Republic of Germany, Federal Foreign Office, http://www.auswaertiges-amt.de/EN/AAmt/PolitischesArchiv/EinblickeArchiv/Ostpolitik_node.html

[35] Димошковски.С., Основи на националната одбрана на република МАкедонија, воено – политички аспекти, НИП „Глобус“, Скопје, 1996 година, стр.51.

Потпишувањето на „Договорот за уништување на нуклераните проектили од среден дострел“ (Intermediate-Range Nuclear Forces Treaty - INF) во 1987 година во Вашингтон. Со овој договор двете супер сили се согласија да ги уништат сите нуклеарни и копнени балистички и крстосувачки ракети со среден дострел помеѓу 500 и 5,500 км во глобални рамки.[36] Со Вашингтонската спогодба и обновувањето на детантот се направи значаен исчекор во интерес на светскиот мир и глобалната безбедност. За првпат во човековата историја, а посебно на релацијата САД - Советски Сојуз, во поглед на разоружувањето, се уништија среднодострелните ракети со верификација на самото место.[37] Со ваквиот чекор, односно со новиот детант, цврсто се зачекори кон завршување на Студената војна, овозможувајќи демократските процеси да добијат прилика во глобалните меѓународни односи. Тоа отвори нов период на долгорочна стабилизација во односите меѓу европските држави „од Атлантикот до Урал“.[38]

Појавата на независното синдикално движење во Полска „Солидарност“ и неговото признавање од страна на полската влада во 1980 година. Солидарност покажа дека и во комунистичките земји постои свест за демократско разбирање и барање права за работниците. Ова движење претставуваше „иницијална railsкаписла“ за подоцнежните настани во останатите земји од комунистичкиот блок.

Советската инвазија во Авганистан во 1979 година се покажа кобна по советската економија која не беше во состојба да го издржи притисокот на долгогодишното војување и „трката во вооружување“.

---

[36] Treaty Between The United States Of America And The Union Of Soviet Socialist Republics On The Elimination Of Their Intermediate-Range And Shorter-Range Missiles (INF Treaty), Signed December 8, 1987, U.S. Department of State, http://www.state.gov/t/avc/trty/102360.htm.

[37] Љубивоје Аќимовиќ: Значај и домени Совјстско-америчког споразума о елиминирању ракета средњег и краќег домета „Преглед“ Центар за стратегиски студии, Белград, 1988 год. стр. 7

[38] Димошковски.С., Основи на националната одбрана на република МАкедонија, воено – политички аспекти, НИП „Глобус“, Скопје, 1996 година, стр.52.

Оваа инвазија заврши поразително за Советскиот Сојуз и официјално заврши во 1989 година.

Регановата стратегија со која администрацијата на тогашниот претседател на САД Роналд Реган иницира нова ера во трката на вооружување со намера да се освои и космосот. Ваквиот предизвик во меѓустратегиската борба Исток- Запад, не беше прифатен од стратегијата на т.н. „Разумна доволност" на тогашниот советски лидер Михаил Горбачов.[39]

Изборот на Михаил Горбачов за генерален секретар на Советската комунистичка партија во март 1985 година.[40] Новиот лидер на тогашниот Советски Сојуз со својата позната реформска програма „Перестројка" се обиде демократски да го реорганизира Советскиот Сојуз по принципот на либералната демократија и пазарната економија и да ги редуцира воените сили. Ваквиот реформски зафат се појави како нужна последица на економската криза во која се наоѓаше Советскиот Сојуз. Тоа пак од своја страна бараше значителни отстапки во трката во вооружување од советска страна. Оваа реформска програма не беше најдобро прифатена од страна на постарото советско раководство и се покажа како лошо за самиот Советски Сојуз. Сепак, Перестројката придонесе за поттикнување на демократската свест кај советските народи и дозволи обединување на Западна со Источна Германија.

Кон крајот на 1989 година и на почетокот на 1990 година кога Алијансата ја славеше 40-годишнина од потпишувањето на Северноатлантскиот договор во Европа започна периодот на длабоки промени во односите на Источноевропските со Западноевропските земји. Односно, започнаа процесите на демократизација на земјите од

[39] Начевски, Р. Регановата стратегија – клучен фактор на победата во меѓустратегиската борба Запад-Исток и фрагментацијата на реал-социјализмот како систем, Годишен зборник на филозофскиот факултет во Скопје, 1994 година, стр370.
[40] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2001, стр.39

Источна Европа според либерал демократската идеологија. Во овој процес свој придонес имаше и НАТО, кој во периодот на Студената војна ја одржуваше рамнотежата на моќ во овој дел од светот.

Први земји кои беа зафатени од овој бран на реформи беа Полска и Унгарија, а потоа желбата за реформи се прошири и во тогашната Демократска Република Германија, Чехословачка, Бугарија, Романија, Југославија и на крај во самиот Советски Сојуз. Во сите овие земји беа планирани или се одржаа слободни и демократски повеќе партиски избори.

Меѓутоа, покрај позитивните демократски промени се појавија и негативни девијантни процеси кои доведоа до мирна дезинтеграција на некои држави (Чехословачка се подели на две држави и тоа Чешка и Словачка), но и до насилно распаѓање проследено со крвави конфликти (Советскиот Сојуз и Југославија).

Со одредени исклучоци, ваквите позитивни настани ја отворија вратата за понатамошна соработка помеѓу довчерашните комунистички земји и земјите од Западна Европа. Тоа придонесе, Алијансата да се соочи со нов предизвик олицетворен преку дилемата дали НАТО да се распадне како што се распадна Варшавскиот договор или пак Алијансата да се трансформира и да ги прифати изразените аспирации за членство во нејзините редови на довчерашните идеолошки противници. Во секој случај лидерите на НАТО ја прифатија опцијата за трансформација и со тоа започна нова ера во целокупните односи помеѓу државите во Европа.

## 2. Новиот стратегиски концепт на Алијансата од 1991 година

По крајот на биполарноста, пред НАТО се појавија нови предизвици на кои требаше да се одговори, а се однесуваа на ефикасно менаџирање со кризите и намалување на можноста од конфликти и судири како и на

зголемување на взаемната доверба и разбирање помеѓу земјите од Централна и Источна Европа и НАТО. Ваквите предизвици беа солидна основа за усвојување на поинаков концепт на Алијансата од оние за време на Студената војна. Новиот стратегиски концепт на НАТО беше усвоен на Самитот на Алијансата во Рим во 1991 година.

Новиот стратегиски концепт на НАТО се темелеше на три стратегиски претпоставки и тоа:

- „на државите членки на НАТО веќе не им се заканува масовен напад од страна на државите членки на Варшавскиот договор;
- без оглед на евентуалниот кооперативен однос меѓу државите членки на НАТО и на Советскиот Сојуз, треба постојано да се има предвид советската воена моќ;
- заради посочените причини земјите членки мораат да ја зачуваат индивидуалната, а исто така и колективната одбранбена способност.“ [41]

Овој концепт на НАТО во голема мера се разликуваше од предходните. За прв пат еден концепт на НАТО беше достапен и отворен за критика од академската, експертската и пошироката јавност, но и за другите институции и организацвии. Во него пошироко се гледа на безбедноста како неделива во Евроатлантската област, но се нуди и партнерство и сојузништво со довчерашните идеолошки непријатели во Европа. Овие специфики придонесоа приоритет да има соработката наспроти конфронтацијата, но со потенцирање дека одржувањето на безбедноста на неговите членки и во Евроатлантската област е се уште негова задача. Притоа, НАТО си зема за обврска да се ангажира во остварувањето на подобра и зајакната безбедност на европско тло.

[41] Нацев, З. и Начевски, Р. Безбедност и национална одбрана, Куманово, Македонска ризница, 2001 година стр.273.

Новиот стратегиски концепт на НАТО беше најавен со Декларацијата од Лондон од 1990 година, а на Самитот на НАТО во Рим во 1991 година, лидерите на земјите членки на НАТО беше официјално усвоен. Основните детерминанти кои доведоа до Концептот од 1991 година се промените во стратегиското безбедносно опкружување и новонастанатите состојби во Евроатлантската област предизвикани од „паѓањето“ на Берлинскиот ѕид, но и од неизвесните настани кои се случувале во тогашниот Советски Сојуз кој бил на работ на фрагментација. Затоа, овој Концепт е проткаен со недоверба и претпазливост кон поранешниот голем стратешки и идеолошки противник (СССР), сведен на Руската Федерација. „Спектакуларните промени на Евроатлантскиот стратешки пејсаж, кои настапиле по завршувањето на Студената војна, во поранешните комунистички демократии, се рефлектирале и во Стратешкиот концепт на Алијансата, во 1991 година. Деценијата на деведесеттите години наметна нови комплексни ризици поврзани со политката на угнетување, етнички конфликти, економскиот колапс, рушење на меѓународниот поредок и пролиферација на оружја за масовна деструкција.“[42]

Структурално, Новиот концепт на НАТО од 1991 година беше составен од пет делови во кои се разработени конкретни концептуални решенија по одредени области. Првиот дел насловен како „Стратешки контекст“ содржи два поддела кои ја опишуваат новата стратегиска околина и безбедносните предизвици и закани. Поконкретно ги опишува тектонските и историски промени кои настанаа во безбедносното опкружување во Евроатлантската област кои се оценуваат како позитивни. Во тој контекст како голема позитивност се потенцира повлекувањето на советската армија од поранешните членки на Варшавскиот пакт што требаше да заврши до 1994 година, со што овие земји повторно си го

---

[42] Ружин, Н. НАТО во современите меѓународни односи, “Фридрих Еберт”, Скопје 2010 година, стр.33, http://www.fes.org.mk/pdf/Nano%20Ruzin%20NATO%20Publikacija%202010.pdf

повратија својот суверенитет. Со тоа се отворија вратите за почеток на длабоки општествени реформи. Со овие реформи земјите го започнуваа процесот на имплементација на политиките за плурална демократија, за владеење на правото, на пазарната економија и за почитувањето на човековите права и слободи. Како голема позитивност се истакнува и започнатиот процес на европска интеграција на земјите од Европската заедница не само во економска туку и во политичка и воена унија во која самостојно ќе се развива Европскиот безбедносен идентитет. Во овој процес важна улога и се придава и на Западноевропската унија за која се цени дека ќе биде важен фактор во Европската безбедносна архитектура после Студената војна.[43]

Процесот за редукција на конвенционалното и нуклеарното вооружување во Европа беше започнат и се одвиваше согласно Договорот од Стокхолм за изградба на мерки за доверба и безбедност и разоружување од 1986 година, (the Conference on Confidence- and Security-Building Measures and Disarmament in Europe -CDE), Договорот од Вашингтон за уништување на нуклераните проектили од среден дострел" (Intermediate-Range Nuclear Forces Treaty - INF) од 1987 година, Документите на КЕБС за изградба на мерки за доверба и безбедност од 1990 година, START договорот од 1991 година и Договорот за конвенционалните сили во Европа од Париз од 1990 година. Редукцијата на воените сили и вооружувањето во Европа ќе придонесе за зголемување на безбедноста и стабилности, на транспарентноста на воените сили и јакнење на взаемната доверба.[44]

Во однос на безбедносните предизвици се потенцира дека тие се од поинаква природа за разлика од минатото и предизвикот од едновремен

[43] The Alliance's New Strategic Concept, agreed by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council issued in 1991 in Rome, paragraph 1 and 2. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_23847.htm.
[44] Ibid, paragraphs 3, 4, 5 and 6.

напад на НАТО силите во Европа е во голема мера редуциран. Тоа ја прави конвенционалната војна помалку возможна во Европа. Додека ризикот по безбедноста од конвенционална војна е намален, Алијансата фокусот го става на нови ризици кои се променливи и тешко можат да се предвидвидат. Тежиште се става на ризиците од делот на кризниот менаџмент за кој е потребен брз одговор. Како ризици со кои Алијансата очекува да се справува во иднина и кои може да влијаат на безбедноста во Европа, концептот ги идентификува „политичката, економската и социјалната нестабилност вклучително и етничките ривалства и територијални спорови со кои се соочуваат повеќе земји од Централна и Источна Европа“[45]. Меѓутоа, овие конфликти не се оценуваат како директна закана по безбедноста на земјите членки на НАТО. Во секој случај се уште постои заканата од советските конвенционални и нуклеарни сили поради тоа што ниту една земја од Европа не поседува толкави сили и средства за да може да му парира на Советскиот сојуз. Единствено способна сила која може да му парира на Советскиот сојуз е САД. Присуството на САД во Европа се оценува како неопходно со цел да се одржи балансот во воената моќ во Евроатлантската област.[46] „Од една страна новата безбедносна средина не ја промени целта на безбедносната функција на Алијансата, но ги потенцираше различните варијации. Од друга страна промените во безбедносната околина нудат нови можности за Алијансата да ја обликува својата стратегија преку широк пристап кон безбедноста“.[47]

Во делот именуван како „Безбедносни цели и функции на Алијансата“ се реафирмираа есенцијалната задача на НАТО во согласност со Договорот од Вашингтон и Повелбата на ООН. НАТО ја потенцира взаемната поврзаност и неделивост на безбедноста во

[45]Ibid, paragraph, 9.
[46]Ibid, paragraph, 10 and 11.
[47]Ibid, paragraph, 14.

Евроатлантската област и истата ќе се остварува и понатраму врз основа на взаемната посветеност и заедничката соработка и солидарноста помеѓу суверените држави – членки на НАТО.

За спроведување на безбедносната политика и за заштита на мирот и стабилноста, Алијансата ќе продолжи да одржува не само воени капацитети способни да ја превенираат војната и да дадат ефективна одбрана, туку и капацитети за успешно справување со кризите кои можат да ја нарушат безбеднота на нејзините членки. Друг битен елемент е нудењето на политички дијалог со останатите држави и кооперативниот пристап кон безбедноста во Европа. Остварувањето на своите суштински цели, НАТО ќе го реализира преку следните фундаментални безбедносни задачи:[48]

- одржување на стабилна безбедносна околина во Европа заснована врз развојот на демократските институции и посветеноста за мирно решавање на споровите;
- да служи како трансатлантски форум за консултации на Сојузниците по сите прашања од взаемен интерес;
- одвраќање и одбрана на секоја закана од агресија против земјите членки на НАТО;
- одржување на стратегискиот баланс во Европа.

Во согласност со ново настанатата безбедносна состојба во Европа, државите членки на НАТО сојузот, во иднина би се стремеле кон остварување и на следниве цели:

- „заштита на мирот во Нова Еропа;
- дијалог со ново настанати демократии, размена на информации и погледи за безбедносни прашања и за унапредување на дијалогот;
- јакнење на билатерална и мултитерална соработка меѓу

[48] Ibid, paragraphs, 19 and 20.

европски држави на подрачјето на безбедноста со цел спречување на кризи;

- надминување на кризи и спречување на конфликти во цела Европа.“[49]

Во остварувањето на овие фундаментални задачи свој придонес ќе имаат останатите европски институции како Европската комисија, Западноевропската унија и КЕБС во согласност со своите можности, одговорности и цели во наведените области.

Во третиот дел насловен како „Широк пристап кон безбедноста“, НАТО акцентот го става на заштитата на мирот во нова Европа, на дијалогот и соработката помеѓу земјите членки на Алијансата и со партнерите, на колективната одбрана, на менаџментот со кризи и превенција на конфликтите. НАТО го задржува сеопфатниот пристап кон безбедноста и во новата констелација на односи во Европа после рушењето на Берлинскиот ѕид. Со тоа се отвора нова можност за остварување на поставените цели со политички средства и без употреба на воената моќ. Алијансата во концептот го проширува пристапот кон остварувањето на безбедноста со ставање на поголемо внимание врз прашањата од економската, социјалната и еколошката сфера. Тежишна улога во справувањето со безбедносните предизвици на Алијансата добиваат взаемната соработка и дијалог со сите заинтересирани земји наспроти одбранбената компонента. Но не се заборава и на одржувањето на колективните одбранбени способности. Преку овие механизми, НАТО смета дека ќе се намали ризикот од недоразбирањата помеѓу државите кои се основа за продуцирање на конфликти. Тоа ќе и овозможи на Алијансата полесно да се спротивставува на кризите кои влијаат на безбедноста на земјите членки на НАТО и на другите држави во Евроатлантската област.

---

[49] Нацев, З. и Начевски, Р. Безбедност и национална одбрана, Куманово, Македонска ризница, 2001 година стр.273.

Исто така, со тоа ќе се подобри взаемното разбирање и соработка и ќе отвори повеќе можности за создавање на искрени и вистински партнерства во решавањето на заедничките безбедносни предизвици. Овие одредби од Стратегискиот концепт на НАТО од 1991 година ја отворија вратата за конкретна изградба на партнерства со земјите кои не се членки на НАТО. Практична операционализација на политиката за изградба на партнерства ќе се добие на Самитот на НАТО во Брисел во 1994 година, кога официјално ќе се промовира програмата „Партнерство за мир". Заедничккото делување на НАТО со партнерите најдобро се виде на дело за време на конфликтите на просторот на поранешна Југославија. Во концептот исто така, се нагласува и важноста од одржување на партнерствата со земјите кои не се членки на НАТО, но и на соработката со другите меѓународни организации.[50]

Во четвртиот дел насловен „Насоки за одбранбените принципи на стратегијата на Алијансата", во концептот се потенцира дека новиот широк пристап кон безбедноста побарува и сосема подруги концептуални решенија и трансформирана Алијанса. Тука се поставени насоките како ќе се трансформира НАТО во наредниот период. Дадени се побарувањата да се создаде Алијанса која ќе се потпира врз нови редуцирани принципи на флексибилен одговор и со намалена улога на нуклеарните сили. Се даваат насоки како да се редефинираат мисиите на воените сили на земјите членки на НАТО во сили кои ќе бидат подготвени да дејствуваат во мир, криза и во војна. Одржливите сили на Алијансата да бидат трансформирани по основ на нивната големина, готовност, достапност и распоредливост согласно новото променливо безбедносно опкружување и почитувањето на договорите за контрола на вооружувањето.[51]

---

[50] 20 years ago: London Declaration marks birth of new NATO, NATO News - July 2010, NATO Contact point Embassy, http://www.mzv.cz/belgrade/sr/kontaktna_ambasada_nato/index.htm, http://www.nato.int, http://www.natochannel.tv, Belgrade, 9th August 2010.p.4.
[51] Ibid, Part IV.

Во заклучниот дел се потенцира дека Стратегискиот концепт од 1991 година е подготвен согласно актуелните промени во безбедносното опркужување и политиката на Алијансата заснована на дијалог, соработка и ефективна колективна одбрана. Исто така, се најавува дека важноста на овој Стратегиски концепт е определена до 1999 година, кога НАТО повторно ќе го ревидира концептуалните решенија дадени во овој документ.

Со концептуалните решенија и насоките за трансформација се најавија нови механизми наменети за соработка и дијалог со земјите од Источна и Централна Европа и се отвори можноста за идно проширување на Алијансата со нови земји членки во согласност со Вашингтонскиот договор од 1949 година.

## 3. Одлуки од Самитите на НАТО од 1990 – 1999 година

### *2.1 Самит на НАТО во Лондон 1990 година*

Декларацијата од Самитот на НАТО од Лондон од 05-06 јули 1990 година е клучниот документ на НАТО во кој се дадени главните насоки за неговата преобразба во пост - комунистичка Европа со што се стави крај на конфронтациите меѓу Исток и Запад. Членките на Алијансата, со Лондонската декларација од 1990 година недвосмислено ја изразија подготвеноста да го завршат речиси педесет годишниот период на воено, политичко, економско и идеолошко конфронтирање меѓу капиталистичкиот Запад и реалсоцијалистичкиот Исток. Во параграф 23 се вели дека „денес, нашата Алијанса започнува голема трансформација. Во соработка со сите земји од Европа решени сме да обезбедиме траен

мир на овој континент.“[52] По повод овој историски момент во поновата историја на НАТО, тогашниот Генерален секретар Манфред Вернер ќе истакне...„Студената војна и припаѓа на историјата. НАТО преминува од судири на соработка ... Европа никогаш порано немала толку јасна можност да ги надмине воените конфронтации кои толку многу ја измачуваа во минатото.“[53]

Лондонската декларација се наментна како логичен одговор од страна на лидерите на земјите членки на НАТО од периодот на Студената војна, по однос на брзите промени кои се случија во безбедносното опкружување после крајот на истата и обединувањето на Западна со Источна Германија. Оваа Декларација беше основа за трансформација на Алијансата во онаква каква што денес ја познаваме. Месец дена порано истата година, во Шкотска министрите за надворешни работи на земјите членки на НАТО во документот „Порака од Турнбери“, му подадоа рака на пријателство и соработка и на тогашниот Советски Сојуз и на останатите Источноевропски земји. Неколку месеци подоцна, а по согласноста за обединување на Германија, советскиот лидер Горбачов позитивно одговори на понудените предлози и заложби за соработка на НАТО изрзени во Декларацијата од Лондон.

Во почетниот дел, Декларацијата нагласува дека „Европа е влезена во нова ера...Европските народи одлучуваат за сопствената судбина и ја бираат слободата. Бираат економска слобода. Бираат мир. Ја бираат Европа која е целосна и слободна. Поради тоа и оваа Алијанса мора да се прилагоди и ќе се прилагоди“.[54] Со ова на НАТО му се придава нова

[52] Declaration on a Transformed North Atlantic Alliance, 06 July 1990, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council, paragraph 23, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_23693.htm?#top.
[53] 20 years ago: London Declaration marks birth of new NATO, NATO News - July 2010, NATO Contact point Embassy, http://www.mzv.cz/belgrade/sr/kontaktna_ambasada_nato/index.htm, http://www.nato.int, http://www.natochannel.tv, Belgrade, 9th August 2010.p.3.
[54] [54] Declaration on a Transformed North Atlantic Alliance, 06 July 1990, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council, paragraph 1, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_23693.htm?#top.

улога со која тој мора поактивно да се ангажира во помошта за изградбата на новата безбедносна архитектура во Европа. Алијансата си зема за право самата да биде промотор на безбедноста, стабилноста и демократскиот развој на пост – комунистичка Европа.

Во новата ера на стариот континент, лидерите на НАТО дојдоа до заклучок дека безбедноста е неделива и дека безбедноста на секоја држава е взаемно поврзана со безбедноста на нејзините соседи.[55] Со цел да го забрзаат распадот на биполарниот свет, лидерите на НАТО ја воведоа политиката на „подадена рака" која е претходница на политиката на „отворена врата", со која им се нуди нов однос на соработка на довчерашните непријатели на НАТО од Источна и Централна Европа. Предлозите опфаќаат широка палета на политички и воени активности, како и одржување на редовни дипломатски и воени контакти.[56] Според експертите, со одредбите од оваа Декларација, лидерите на земјите членки на НАТО ја отворија вратата за создавање на Северноатлантскиот совет за соработка. Ова претставува првиот конкретен механизам кој НАТО го нуди за соработка со цел на едно место да се соберат сите земји членки на НАТО и новите демократски земји од Источна и Централна Европа.

Самитот следуваше најавената посета на Москава од страна на Генералниот секретар на НАТО со цел да му ги пренесе на советското раководство предлозите содржани во Декларацијата и решеноста на Алијансата за конструктивно искористување на новопојавените политички можности.[57]

Според зборовите на тогашниот Генерален секретар Манфред Вернер изнесени на Самитот, „Европа се уште не е имуна на идните предизвици и закани. НАТО мора да продолжи да ја игра својата улога

---

[55] Ibid, paragraph 4.
[56] Ibid, paragraph 5, 6, 7 and 8.
[57] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2001, стр.40.

во ширењето на безбедноста и стабилноста во соработка со другите институции од Запад. Постојат многу потенцијални жаришта за нестабилност во Европа и надвор од неа, а ние мора да се припремиме за нив денес, ако не сакаме да бидеме нивни жртви утре.“[58]

Влијанието на НАТО во пост комунистичка Европа ќе биде фокусирано на отстранувањето на наследството од Студената војна, во помошта во изградбата на новата безбедносна архитектура во Европа, и спречување на војната.

Во знак на добра волја и како мерка на градење на взаемна доверба, НАТО најави дека ќе воспостави „поинаква“ отвореност во Европа која ќе го вклучува и договорот за „отворено небо“.[59] Со договорот за “отворено небо“ за прв пат се дозволи надлетување над националните територии на реципрочна основа со цел да се зголеми довербата и транспарентноста на армиските дејствија.[60]

Со Декларацијата од Лондон, земјите членки на НАТО, трансформацијата на Алијансата ја насочија кон ревидирање на одбранбеното планирање и планирањето на силите. Тоа воедно претставуваше и насока за ревидирање на дотогашната Воената стратегија на НАТО и подготовка на нова стратегија базирана на т.н. „напредна одбрана“ (forward defence). Исто така, се најави и модифицирање на актуелната доктрина на „флексибилен одговор“ со намалување на потпирањето врз нуклеарното оружје. Со ревидирањето на овие два документи, НАТО всушност се подготвуваше за нови „планови за силите

[58] 20 years ago: London Declaration marks birth of new NATO, NATO News - July 2010, NATO Contact point Embassy, http://www.mzv.cz/belgrade/sr/kontaktna_ambasada_nato/index.htm, http://www.nato.int, http://www.natochannel.tv, Belgrade, 9th August 2010.p.4.
[59] Declaration on a Transformed North Atlantic Alliance, 06 July 1990, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council, paragraph 10, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_23693.htm?#top.
[60] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2001, стр.42.

конзистентни со револуционерните промени во Европа".[61] Со тоа се сметаше дека ќе има помала присутност во иднина и помало потпирање врз нуклеарните потенцијали. Тоа иницира процес на редукција на воените сили на земјите членки за сметка на зголементата мобилност и разнородност со цел да се обезбеди поголема флексибилност во процесот на донесување на одлуки и во реакцијата на кризи.

Веднаш после Самитот на НАТО во Лондон, во ноември 1990 година во Париз од страна на сите земји на КЕБС беше потпишана „Заедничка декларација и заложба за ненапаѓање" и „Договорот за конвенционални сили во Европа" и беше објавена „Парискатa повелба за нова Европа". Со тоа формално се стави крај на непријателските односи помеѓу довчерашните идеолошки непријатели и „ги потврди заложбите на потписниците за воздржување од закани и употреба на сила против територијалниот интегритет или политичка независност на секоја држава во согласност со принципите од Повелбата на Обединетите нации и Хелсиншкиот договор (Глава 15)."[62]

Важноста на декларацијата се гледа во утврдената ориентација за потреба од соработка со некогашните идеолошки непријатели - членки на Варшавскиот договор на кои им се нуди можност за воспоставување на потесни дипломатски односи со НАТО, со цел, натаму, да дојде и до полноправно членство на некои земји од Источниот блок. Со декларативните заложби и изјави, лидерите на земјите членки на Алијансата официјално прогласија дека периодот на студената конфронтација во Европа заврши и ја отворија својата врата за соработка со земјите од Источна и Централна Европа, вклучително и тогашниот Советскиот Сојуз, односно со новонастанатите држави после

[61] Declaration on a Transformed North Atlantic Alliance, 06 July 1990, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council, paragraph 20, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_23693.htm?#top.
[62] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2001, стр.42.

неговата фрагментација. Исто така, со изјавите изнесени во Лондонската декларација се отвори можноста на следниот Самит на Алијансата во Рим во 1991 година, НАТО да го промовира Новиот Стратегиски концепт од 1991 година.

### *2.2 Самит на НАТО во Рим 1991 година*

На Самитот на НАТО во Рим во 1991 година, лидерите на земјите членки на Алијансата усвоија три документи насловени како „Декларација за мир и соработка", „Состојбата во Југославија" и „Развојот на Советскиот Сојуз". На овој Самит посебно внимание предизвика и усвојувањето на „Новиот Стратегиски концепт на Алијансата". Главна тема на дискусија на овој самит беше судбината и понатамошниот опстанок на НАТО во новата безбедносна средина без Варшавскиот договор.

Во самата преамбула на Римската декларација насловена како „Декларација за мир и соработка", нагласено е дека со крајот на Студената војна и со исчезнувањето на довчерапниот идеолошки непријател, настапил периодот кога луѓето во Евроатлантската област ќе можат да се придружат на споделните вредности засновани на слобода, демократија, почитување на човековите права и владеење на правото.[63] Со оваа декларација дефинирани беа следните политички чекори и задачи кои ќе ги превземе Алијансата во однос на новонастанатата безбедносна состојба во Европа и во однос на партнерската соработка со земјите од поранешниот комунистички блок. Во делот од Декларацијата насловен како *Нова безбедносна архитектура* посебно се нагласува дека во Европа

[63] Declaration on Peace and Cooperation, issued on 08 Nov. 1991 by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council ("The Rome Declaration"), paragraph.2.

се отворила можноста за изградба на Нова европска безбедносна архитектура која би се засновала на соработка на сите земји врз основа на веќе постоечките интеграции на евроатланското подрачје (КЕБС/ОБСЕ, ЕУ/ЗЕУ, Совет на Европа) со НАТО. Лидерите на НАТО земјите се согласија дека безбедноста на Европа и на Северна Америка е неделива и судбински поврзана. Се заложија за натамошно зацврстување на европскиот безбедносен идентитет, како и да им дадат директна помош на поранешните противници со цел успешно да ја спроведат транзицијата.[64]

Во делот од Декларацијата посветен на *Идната улога на Алијансата: Нашиот нов стратегиски концепт* се потенцира неопходноста од понатамошното егзистирање на Алијансата и новата улога која ќе ја има во драстично изменетата безбедносна околина во Евроатлантската област. Понатамошниот опстанок на Алијансата е битен поради новите предизвици со кои се соочуваат поранешните комунистички земји изразени преку започнатите регионални конфликти на просторот на поранешна Југославија. Воената димензија на НАТО останува клучен фактор во обезбедувањето на безбедноста во Европа, но ја најавува потребата од редукција на воените сили и намалувањето на улогата и на самото нуклеарното оружје во Европа до 80%.[65]

Во Рим, лидерите на земјите членки на НАТО конечно завземаат помалку „срамежливо“ став и во однос на изградбата на *Европскиот безбедносен идентитет и одбранбената улога* при што се нагласува дека Европските членки ќе имаат поголема улога во идната трансформација на Алијансата поради што потребно е да добијат и поголеми одговорности. Со јакнењето на Европскиот безбедносен идентитет, НАТО смета дека ќе се зајакне и „трансатлантската врска која Алијансата ја обезбедува...и ќе

---

[64] Нацев, З. и Начевски, Р. Безбедност и национална одбрана, Куманово, Македонска ризница, 2001 година стр.272.
[65] Declaration on Peace and Cooperation, issued on 08 Nov. 1991 by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council ("The Rome Declaration"), paragraph.4 and 5.

се зајакне неделивоста на безедноста помеѓу земјите членки".[66] Во тој контекст на Западноевропаската унија и се препушта улогата да воспостави мир на просторите на поранешна Југославија и редовно да ја известува Алијансата за постигнатиот напредок. Ова претставува прв практичен тест за функционалноста на Европскиот безбедносен идентитет.

Со декларацијата од Лондон од 1990 година се најави, а со оваа Декларација од Рим, НАТО ги покани новите партнери да се приклучат кон соодветните форуми за соработка со цел да се разгледуваат прашањата од заеднички интерес и да се стекнат со дотогашните искуства, научени лекции и достигнувања од политчката, економската, воената и од научната област. Еден месец после римскиот самит во декември 1991 година, се случи првиот институционален настан кога е воспоставен Северноатлантскиот совет за соработка (North Atlantic Cooperation Council - NACC) со цел да го следи идниот развој на партнерството помеѓу НАТО и земјите од Источна и Централна Европа.[67] Во работата на NACC за првпат присуствуваа министрите за надворешни работи на земјите членки на НАТО, на три балтички земји и на шест земји од Централна и Источна Европа.[68] Консултациите во рамките на Северноатлантскиот совет за соработка се фокусираа на безбедносните прашања заостанати од Студената војна, посебно повлекувањето на руските трупи од балтичките држави. Исто така, беше започната политичка соработка по низа прашања што се однесуваа на безбедноста и на одбраната. Северноатлантскиот совет за соработка ги удри темелите на многу работи. Сепак, тој се фокусираше на мултилатерален политички дијалог и не нудеше можност секој партнер поединечно да развива соработка со НАТО.

---

[66] Ibid, paragraph 6.

[67] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2001, стр.18.

[68] Šta je NATO?, Centar za demokratsku tranziciju, Info centar o evropskim integracijama, (пристапено на 10.10.2014 година), http://www.infocentarmne.net/IC/nato-i-cg/nato-info/.

Последните два дела од Декларацијата се посветени на Конференцијата за безбедност и соработка и на Контролата на вооружувањето. Притоа се нагласува важноста која ја има КЕБС во новата констелација на односи во Европа. Односно, НАТО го користи КЕБС како механизам за вршење на притисок врз земјите од Источна и Централна Европа за побрзо да ги спроведат демократските реформи со почитување на постулатите од либерал демократскиот идеолошки концепт.

Во делот на контрола на вооружување, НАТО се залага за почитување на Иницијативата на претседателот на САД Џорџ Буш од 27 септември 1991 година за редукција на нуклеарното оружје и за незголемување на бројот на нуклеарни сили во светски рамки. Во овој контекст јасно се посочува дека НАТО е против задржувањето на нуклеарното оружје од новоформираните земји од поранешниот Советски сојуз на чија територија беше стационирано ваков тип на вооружување. Исто така, се поздравува одлуката за „отворено небо" како чекор напред во градењето на мерки на взаемна доверба во делот на прелет на небото над Европа.

Во документот за „Состојбата во Југославија", НАТО изразува загриженост за појавата на вооружените конфликти и ги повикуваат лидерите да му дозволат на народите да одлучат сами за својата судбина. Недвосмислено се дава на знаење дека нема да се толерира употребата на сила за постигнување на политички цели и дека секоја промена на границите по насилен пат ќе биде нелегитимна. Со овој документ им се доделува улогата на ЕУ, на КЕБС и на Советот за Безбедност на ОН да посредуват во разрешувањето на кризата во Југославија.[69]

Во однос на документот посветен на „Развојот на Советскиот Сојуз", посебно се нагласуваат започнатите реформски процеси и се повикуваат раководствата на сите советски републики да ги спроведуваат реформите

---

[69] The Situation in Yugoslavia Issued on 08 Nov. 1991, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_23849.htm?mode=pressrelease

со почитување на демократските вредности, човековите права и слободи , владеењето на правото и пазарната економија. Отворено се повикува народот на советските републики слободно да одлучи за својата судбина без употреба на насилство со почитување на принципите на Хелсиншкиот документ на КЕБС од 1975 година, на Повелбата за нова Европа од Париз и на останатите документи од КЕБС. Посебно внимание се посветува и се повикува Советскиот Сојуз и неговите републики да се придржуваат кон обврските кои произлегуваат од договорот START и договорот CFE за редукција на нуклеарното вооружување, како и на договорите за непролиферација на оружјето за масовно уништување, посебно на хемиското и биолошкото. Во оваа ситуација НАТО му нуди помош на Советскиот Сојуз со цел да се исполнат преземените обврски.[70]

### *2.3 Самит на НАТО во Брисел 1994 година*

Во јануари 1994 година во Брисел се одржа Самитот на НАТО каде се донесени три важни документи кои произлегоа како резултат на Самитите во Лондон и Рим и Новиот стратегиски концепт од 1991 година, но и на пројавените аспирации за членство во НАТО од страна на земјите од Источна и Централна Европа. Трите важни документи се: „Декларацијата на шефови или влади“ (Бриселската декларација), „Партнерство за мир: рамковен документ“ и „Партнерство за мир: документ за покана“.

Бриселската декларација од 1994 година, особено е важна затоа што во неа државите членки на НАТО првпат експлицитно нагласуваат дека Алијансата е отворена за новите демократии од Истокот на стариот континент. Во неа е изразена поддршка за воспоставување и развој на

---

[70] Developments in the Soviet Union, Issued on 08 Nov. 1991, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_23848.htm?mode=pressrelease.

Европски одбранбен идентитет преку ЗЕУ како европски столб на Евроатланското сојузништво во процсот на европското здружување во рамките на ЕУ. На состанокот во Брисел на меѓународната јавност и беше претставена програмата „Партнерство за мир" како дел од еволуционото ширење на НАТО сојузот.[71]

Во Декларацијата изрично се вели дека НАТО дизајнира иницијативи за соработка кои имаат за цел да придонесат во зачувувањето на мирот, стабилноста и безбедноста во Европа. Овие иницијативи за соработка првенствено се наменети за довчерашните идеолошки непријатели кои го започнаа својот пат на радикална општествена, политичка, безбедносна, економска, социјална и друг вид на трансформација. Односно, лидерите на земјите членки се договорија:

- „да ги прилагодат политичките и воените структури на Алијансата во насока да ја одразат нејзината улога во целокупниот спектар на развој на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет, како и да го одобрат Концептот на комбинирани здружени сили за посебна намена;
- да реафирмираат дека Алијансата останува отворена за прием на нови членки за останатите земји од Европа;
- да ја промовираат новата иницијатива Партнерство за мир, и се повикуваат партнерите да се придружат кон оваа иницијатива и кон новите политички и воени напори за соработка со Алијансата;
- да ги интензивираат напорите за контрола на оружјето за масовно уништување“.[72]

НАТО својата трансформација на политичките и воените структури ја дизајнира согласно новонастаната ситуација со Договорот од

[71] Нацев, З. и Начевски, Р. Безбедност и национална одбрана, Куманово, Македонска ризница, 2001 година стр.273.
[72] Declaration of the Heads of State and Government, Issued on 11 Jan. 1994 by participating in the meeting of the North Atlantic Council ("The Brussels Summit Declaration"), http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_24470.htm?mode=pressrelease.

Мастрихт за формирање на Европската Унија и за идно проширување со земјите од Европа. Во тој дух, НАТО „срамежливо" и со одредена доза на недоверба ја поздравува идејата на ЕУ за формирање на вториот столб на ЕУ односно, Заедничката надворешна и безбедносна политика. Лидерите на НАТО сметаа дека развојот на Евроопскиот безбедносен и одбранбен идентитет ќе придонесе за јакнење на европскиот стол на одбрана на Алијансата и ќе има свој значаен придонес за безбедноста на Сојузниците. Основниот мотив на НАТО за поддршката во формирањето на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет поаѓа од премисата дека НАТО и ЕУ имаат стратегиски заеднички споделени вредности и интереси. Долгорочната визија на НАТО е дека во блиска иднина може да доведе до „заедничка одбрана компатибилна со онаа на Алијансата."[73]

Декларацијата ја искажува и подготвеноста на НАТО да ја превземе водечката улога во изведувањето на операции за зачувување на мирот во согласност со процедурите на Алијансата и под покровителство на Советот за безбедност на ООН и КЕБС. За остварување на овие цели, НАТО ќе продолжи да ја адаптира својата командна и воена структура. Истовремено, Алијансата ги повикува и земјите кои не се членки на НАТО, односно идните партнери од ПзМ да се приклучат во мировните операции под водство на НАТО. Планирано е да се развијат и нови политики и процедури за употреба на воената компоненета на НАТО со цел успешно остварување на нејзините мисии. Како дел од овој процес на трансформација на Алијансата, усвоен е „Концепт на комбинирани здружени сили за посебна намена" (CJTF) кои се наменети за изведување на операции надвор од територијата на Алијансата.[74]

---

[73] Declaration of the Heads of State and Government, Issued on 11 Jan. 1994 by participating in the meeting of the North Atlantic Council ("The Brussels Summit Declaration"), paragraph, 3. http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_24470.htm?mode=pressrelease.
[74] Ibid, paragraphs 3-11.

Нараснатите аспирации на земјите од Источна и Централна Европа, придонесоа НАТО да продолжи со имплементација на одредбата 10 од Вашингтонскиот договор за проширување со нови земји членки кои ќе ги почитуваат принципите од основачкиот акт на Алијансата. Меѓутоа, изрично се потенцира дека НАТО останува отворен само за демократските земји од Европа, а не и за земјите од другите континенти. Основната цел му е зајакнување на безбедноста, стабилноста и мирот во Евроатлантската област, со што ќе се прошири зоната на слободи демократии и ќе придонесе за засилен развој на Европскиот континент.

### *2.3 Самит на НАТО во Мадрид 1997 година*

Во 1997 година, во Мадрид се одржа Самотот на НАТО на кој се случи првиот чекор кон проширувањето на НАТО кон Исток. На проширувањето на НАТО, претходно следеше изработката на „Студијата за проширување“ во септември 1995 година во која се зазема став дека новите земји членки мора да ги прифатат целокупните одговорности и обврски кои произлегуваат од членството, а кои се поврзани со изградбата на капацитети и способности за придонес во колективната одбрана на Алијансата. Студијата потенцира дека новите земји членки ќе влезат во „нуклеарниот чадор на НАТО“, но на нивна територија во „блиска иднина“ нема да биде стационирано нуклеаарно оружје или други конвенционални сили од другите членки на НАТО.[75]

Следниот чекор во процесот на проширување беше изнесен со „Финалното комунике“, од Состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО од 1996 година, каде се препорачува на Самитот на НАТО во јули 1997 година да се „поканат една или повеќе“ држави аспиранти за да ги

[75] *Study on NATO Enlargement.* Brussels: NATO, September 1995.

започнат пристапните преговори. Во Финалното коминике се потенцира дека „Алијансата ќе остане отворена за прием на нови членки и во иднина“.[76]

На состанокот на министрите за надворешни работи на земјите членки на НАТО одржан во Синтра, Португалија на 29 и 30 мај, НАТО ја изрази својата подготвеност да им се испрати покана за почеток на пристапните преговори на Полска, Чешка и Унгарија. На 12 јуни истата година, САД најавија дека ќе ги поддржат само овие три предложени земји,[77] со што се стави крај на инсистирањето на Франција за итен прием на Романија и Словенија во НАТО.[78] Ваквата одлука на лидерите на земјите на НАТО за прием само на три држави, од останатите аспиранти беше примена со длабоко разочарување.

Со Декларацијата од Мадрид од 1997 година се официјализира поканата за почеток на пристапните преговори со Полска, Чешка и Унгарија. Овие три земји НАТО сака да ги види во своите редови на 50 годишнината од формирањето на Алијансата во 1999 година. Во Декларацијата се најавува дека на Самитот на Алијансата во 1999 година ќе се изврши повторна ревизија на политиката за проширување, со потенцирање дека ќе се разгледаат аспирациите на Романија и Словенија. Овие две земји се оценуваат како водечки земји во спороведувањето на демократските реформи.[79]

Проширувањето на НАТО не беше примено со „восхит“ од страна на официјалната руска политика. Тоа јасно може да се види од отсуството на претседателлот на Руската Федерација Борис Јелцин на овој Самит. Според Евгениј Примаков, „експанзијата е најголемата грешка на НАТО

---

[76] *Final Communiqué*, Ministerial of the NAC. Brussels: NATO. Dec. 10, 1996.
[77] Stanly R. Solan, NATO:July 1997 Madrid Summit Outcome, CRS Report fpr Congres, Updaret July 14, 1997.p.2.
[78] NATO Invites Poland, Hungary, Czech Republic to join, World News, July 8, 1997.
[79] Madrid Declaration, on Euro-Atlantic Security and Cooperation , Issued on July 1997, by the Heads of State and Government, paragraph.8.

уште од крајот на Студената војна"[80]. Според првиот заменик на Руската Дума, Александар Шокин, „експанзијата на НАТО е многу опасна за балансот во моќта помеѓу Источна и Западна Европа".[81]

Освен проширувањето, Сојузниците го поздравија востанувањето на Европскиот партнерски совет и изразија убеденост дека со ваквиот чекор ќе се зајакнат односите на НАТО со партнерите од ПзМ. Пооперативно партнерство ќе се обезбеди и со можноста, партнерите да отворат свои дипломатски мисии во седиштето на НАТО во Брисел, како и да учествуваат во Процесот на планирање и анализа.

На Самитот во Мадрид, посебно внимание се посветува на односите со Русија и Основачкиот акт за взаемни односи, соработка и безбедност помеѓу НАТО и Руската Федерација од мај 1997 година, врз чија основа се воспоставува и Постојан здружен Совет НАТО-Русија. Ваквиот чекор се оценува како „нова ера на европските односи во безбедноста, односно започнува ера на соработка помеѓу НАТО и Русија".[82]

Голема важност и се придава и на Повелбата за динстиктивно партнерство помеѓу НАТО и Украина. Притоа се потенцира дека со ваквиот чекор се обезбедува јакнење на безбедноста, стабилноста и мирот во Европа.[83]

Новина на Самитот во Мадрид е заложбата за проширување на соработката на НАТО и со земјите надвор од Европскиот континент. Алијансата посебен фокус става и на соработката со земјите од Медитеранот, поради тоа што лидерите на земјите членки на НАТО се убедени дека безбедноста на Медитеранските земји е тесно поврзана со

---

[80] Black, L. Joseph, Russia Faces NATO Expansion: Bearing Gift or Bearing Arms? Rowman& Littlefield Publisher INC, Boston Way, Lanham, Maryland 20706, 2000. p. 60.
[81] Black, L. Joseph, Russia Faces NATO Expansion:Bearing Gift or Bearing Arms? Rowman& Littlefield Publisher INC, Boston Way, Lanham, Maryland 20706, 2000. p. 61.
[82] Ibid, paragraph, 11.
[83] Ibid, paragraph, 12.

безбедноста во Европа. Притоа воспоставен е нов комитет – Група за соработка со медитеранските земји.[84]

НАТО не го заборава и развојот на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет на ЕУ и развојот на Концепт на комбинирани здружени сили за посебна намена. Посебно се истакнува можноста за учество на државите кои не се членки на НАТО во овие сили во операции предводени од Алијансата. Во однос на потребата од ажурирање на Стратегискиот концепт од 1991 година, дадена е препорака да се започне со процесот на ажурирање на концептот и истиот треба да биде завршен до следниот самит на Алијансата во 1999 година.

Вообичаено како и на претходните самити, НАТО посветува посебно внимание и на почитувањето и имплеметацијата на договорите за редукција на нуклеарното и конвенционалното оружје во Европа. Притоа повторно ги повикува сите земји да се придржуваат до одредбите од потпишаните договори, а оние кои ги немаат потпишано ваквите конвенции и договори што побрзо да го сторат истото. Интересно е тоа што, Алијансата ја најавува можноста за отпочнување на разговорите за потпишување на START III Договорот со Русија за редукција на стратегиското нуклеарно вооружување.

Мадридскиот самит на НАТО во некои области беше оценет како успешен, но во повеќето области останаа многу работи недовршени. Недовршени останаа работите во однос на проценката колку ќе го чини НАТО проширувањето со нови членки и во однос на завршување на процесот на трансформација на Алијансата. Овие предизвици останаа тема на дискусија и на наредните самити.

[84] Ibid, paragraph, 13.

## 3. Механизми за соработка на НАТО со земјите партнери

### *3.1 Евроатлантскиот партнерски совет*

Со цел да се амортизира силниот притисок за членство на земјите од Централна и Источна Европа, НАТО креираше низа механизми кои имаа за цел, да се развива меѓусебната соработка со новите партнери и да се подготват овие земји за идно членство во Алијансата согласно потребните стандарди. Попознати механизми се: Северноатлантскиот совет за соработка, Партнерството за мир, Процесот на планирање и анализа и Индивидулната партнерска програма.

Поконкретно после објавувањето на Декларацијата од Рим и Новиот сратегиски концепт од 1991 година, НАТО превзеде дополнителни мерки за зајакнување на трансформацијата на НАТО. Посебен акцент се стави на три области и тоа на воспоставување на институционално - политичката рамка со намена да се развие взаемна соработка меѓу НАТО и нејзините нови источно и централно европски партнери; развој на одбранбена и воена соработка и новата улога на Алијансата во управувањето на кризите и учеството во операциите за поддршка на мирот.

Северноатлантскиот совет за соработка (САСС) формиран на 20 декември 1991 година, беше првиот институционален механизам за соработка кој го воспостави Алијансата, врз основа на Декларациите од Лондон и Рим и концептуалните решенија од Новиот стратегиски концепт од 1991 година. Неговата улога беше да овозможи да се развие соработката во сферата на безбедноста и одбраната и да се развијат поблиски институционални односи и неформални врски помеѓу НАТО и земјите партнери. Во 1992 година, кон САСС се приклучија и земјите кои настанаа од распадот на Советскиот Сојуз.

Во САСС се одвиваа консултации и соработка во сите области од взаемен интерес, односно прашања поврзани со „мировни операции; концептуални приоди кон контролата на вооружувањето и разоружувањето; прашања од областа на одбранбеното планирање и воени прашања; демократски концепти на цивилно-воени релации; прилагодување на военото производство за цивилни цели; трошоци за одбраната и буџетот; научна соработка и еколошки прашања поврзани со одбраната; информирање за НАТО во земјите партнери; консултации во врска со планирање на политиката и цивилен/воен менаџмент на воздушниот сообраќај.“[85]

Севрноатлантскиот совет за соработка, во 1997 година беше преименуван во Евроатлантски совет за соработка (ЕАПС)[86]. Основната цел на ЕАПС беше започнување на нова фаза на унапредена соработка врз основа на взаемно усогласените принципи помеѓу Алијансата и нејзините земји партнери. Со прифаќањето на принципите за соработка во рамките на ЕАПС се започна нова понапредна фаза на соработка помеѓу 44-те земји учеснички. Тоа беше изразено преку подготвеноста тие да развиваат меѓусебна воена и политичка соработка на повисока, поквалитетна и рамноправна основа. Со самото прифаќање на Основниот документ, сите земји членки се заложија да работат на промоција на заедничките споделени вредности и на зајакнување и унапредување на безбедноста, стабилноста и мирот во Евроатлантската област. Во вака поставениот ЕАПС се обезбедува транспарентност и широка рамка за консултации од политичката, безбедносната и одбранбената сфера, но и за нова поквалитетна и

[85] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2006, стр.18.
[86] Членки на ЕАПС: Австрија, Албанија, Азербејџан, Белгија, Белорусија, Бугарија, Обединетото Кралство, Германија, Geogia, Грција, Дансак, Ерменија, Естонија, Ирска, Исланд, Италија, Казакстан, Канада, Киргистан, Латвија, Литванија, Луксембург, Молдавија, Норвешка, Полска, Македонија, Португалија, Романија, Русија, САД, Словачка, Словенија, Таџикистан, Туркменистан, Турција, Узбекистан, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка, Швајцарија, Шведска и Шпанија.

продлабоченена соработка во рамките на Партнерството за мир[87]. Целта е да се развие пооперативно и поцврсто партнерство помеѓу НАТО и партнерите кое е изразено и преку можноста за постојани „мултилатерални консултации ориентирани кон резултатите, сами да ги одберат областите на соработка со Сојузниците, унапредена политичка соработка, повеќе консултации и соработка по регионалните прашања, и зголемена транспарентност и доверба во однос на безбедносните прашања меѓу сите земји членки на НАТО.“[88]

### *3.2 Партнерство за мир*

Програмата за соработка на НАТО со партнерите, „Партнерство за мир“ (ПзМ) беше создадена од страна на Строут Талбот - заменик - државен секретар за одбрана на САД. Идејата за тоа што ќе опфати оваа програма беше претставена за првпат пред министрите за одбрана на земјите членки на НАТО во октомври 1993 година. Официјално „Партнерството за мир“ беше усвоено како политика на НАТО на Самитот на шефовите на држави и влади во Брисел во 1994 година. На овој Самит усвоени беа два документи „Партнерство за мир: рамковен документ“ и „Партнерство за мир: документ за покана“. Во Бриселската декларација, исто така, посветено е посебно внимание на ПзМ и на улогата која се очекува да ја има оваа програма. Во точка 13 од Самитската декларација се вели дека земјите членки на НАТО „одлучија да ја воспостават оваа практична програма која ќе ги трансформира односите помеѓу НАТО и земјите партиципиенти. Оваа нова програма претставува повеќе од дијалог

[87] Summary of the Meeting of Allied and Partner Heads of State and Government under the Aegis of the Euro-Atlantic Partnership Council, Madrid 9 July 1997.
[88] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2006, стр.20.

и соработка, тоа е вистинско партнерство – Партнерство за мир“.[89] НАТО е убеден дека активното учество во ПзМ на сите европски земји ќе придонесе во унапредувањето на безбедноста, стабилноста и мирот во Еевроатлантската област. Но, исто така, ќе биде и клучен фактор во понатамошната експанзија на НАТО со прием на нови земји членки.

Според експертската и академската јавност, ПзМ дојде како нужна реакција заснована на длабоките и радикални промени кои се случија во Европа после падот на Берлинскиот ѕид. Но, и на дилемата дали Алијансата да продолжи да егзистира или да се преобрази во Алијанса која ќе ги промовира демократските вредности и ќе го штити мирот, безбедноста и стабилноста во Евроатланстката област. Лидерите на НАТО се определија за втората варијанта и одлучија радикално да ја трансформираат Алијансата и да ја подготват за нејзино ново проширување со довчерашните идеолошки непријатели.

Ваквата политика на НАТО, за прво активно учество во ПзМ, а потоа членство во Алијансата, беше дочекано со разочарување од поголем дел од земјите од Источна и Централна Европа кои очекуваа дека ќе бидат примени во Алијансата „штом изразат желба“. Со ПзМ, Алијансата јасно стави на знаење дека ниту една земја аспирант не може да стане членка на НАТО, ако не ги спроведе бараните демократски реформи засновани на либерал демократската идеологија. Тој процес вклучуваше и темелни реформи во безбедносниот и одбранбениот сектор. Тоа подразбираше димензионирање на армиските сили на земјите аспиранти во согласност со стандардите на земјите членки на НАТО и постигнување на јазична, технолошка, бројна и друг вид на интероперативност. Сето ова мораше да биде поткрепено и со соодветни финансиски национални ресурси.

---

[89] Declaration of the Heads of State and Government, Issued on 11 Jan. 1994 by participating in the meeting of the North Atlantic Council ("The Brussels Summit Declaration"), paragraph, 13. http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_24470.htm?mode=pressrelease.

НАТО е убеден дека активното учество на сите земји од Европа во ПзМ ќе придонесе кон интензивирање на политичката и военатa соработка, кон унапредување на стабилноста, отстранување на заканите по мирот, кон изградба на зајакнати врски со промоција на практична соработка и посветеност кон демократските вредности и принципи на кои се потпира Алијансата.[90] Водени од ваквото размислување, НАТО ги покани сите земји од поранешниот источен блок, но и ново формираните земји од распадот на Советскиот Сојуз и Југославија, како и земјите членки на КЕБС да се приклучат кон програмата Партнерство за мир.

Сите земји кои доброволно ќе се согласат да пристапат кон ПзМ се обврзани да ги почитуваат принципите на соработка со Алијансата и да:

– „обезбедат транспарентност при одбранбеното планирање и буџетирање,

– обезбедат демократска контрола на безбедносните сили,

– одржуваат способност и готовност за учество во операции кои се под покровителство на Обединетите нации или одговорност на ОБСЕ,

– развијат соработка со НАТО заради заедничко планирање, обука и вежби, со цел да се зајакне подготвеноста на ПзМ земјите да учествуваат во мировните мисии, мисии на пронаоѓање и спасување, хуманитарни операции и други активности кои би можеле да бидат договорени,

– на долгорочна основа да развијат сили кои ќе бидат добро подготвени за дејствување и интероперативни со оние на земјите членки на Алијансата.“[91]

---

[90] Ibid, paragraph 14.

[91] Partnership for Peace: Framework Document, Issued on 11 Jan. 1994by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council, paragraph 3. http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_24469.htm?mode=pressrelease

За таа цел, НАТО ги отвори дел од своите вежби за учество во мировните операции за новите заинтересирани земји кои ќе пристапат кон ПзМ и побара да испратат свои претставници во Штабот на НАТО во Монс и Седиштето на НАТО во Брисел за подобро да се координира планирачкиот процес.

Ваквата политика на НАТО го започна процесот на изградба на посебни индивидуални врски, зајакната активна билатерална соработка со новите партнери и дефинирање на поединечни приоритети на соработка со секоја земја индивидуално. Тоа подразбира дека секоја земја членка на ПзМ сама си ги определува областите по кои ќе соработува со Алијансата. На тој начин секоја земја индивидуално ќе го дава својот придонес кон унапредување на стабилноста, безбедноста и мирот во Европа.[92]

За поддршка во реализацијата на целите и соработката во рамките на ПзМ, развиени се низа механизми, алатки и политики на Алијансата. Тежиштето е ставено на неопходната помош која НАТО е подготвен да им ја пружи на земјите од ПзМ во реформата на безбедносниот и одбранбениот сектор, како и на процесот на развој и градење на неопходните капацитети и способности потребни за постигнување на интероперативност. Активностите на соработка кои се опфатени со Рамковниот документ на ПзМ се фокусирани на соработка со НАТО во: одбранбената политика и планирањето, образованието и обуката, воените вежби, цивилно-воената соработка, противвоздушната одбрана, планирање на операциите од вонредните состојби, односно катастрофи од невоена природа, како и на поблиската соработка во делот на животната средина и науката. Позначајните алатки кои ги користат НАТО и земјите членки на ПзМ за развој на поблиска соработка се: Процесот на планирање и аланлиза (PARP); Политичко – воената рамка за соработка, Индивидуалната програма за партнерска соработка (IPPC), Концептот на

[92] The Partnership for Peace programme, http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_50349.htm.

оперативни способности (ОСС), Воената програма за обука и вежби, вежби во кризниот менаџмент, Партнерскиот акционен план за изградба на одбранбените институции, Индивидуалниот партнерски акционен план, Програмата за наука за мир, Партнерскиот акционен план за тероризмот, Билдинг интегрити иницијативата и слично. На Самитот во Вашингтон во 1999 година беше креирана и нова „алатка" за земјите аспиранти за членство во НАТО односно беше промовиран Акциониот план за членство.[93]

На Самитот на Алијансата во Вашингтон во 1999 година, шефовите на држави и влади на НАТО, заедно со членките на ЕАПС усвоија два документи кои му дадоа нов квалитет во развојот на Партнерството за мир. Едниот е насловен „Политичко-воена рамка на ПзМ операциите под водство на НАТО". Со овој документ подетално се регулираат обврските и односите на партнерите кои се вклучени во операциите предводени од НАТО. Односно на инволвираните страни во операциите им се овозможуваат поблиски политички консултации со Алијансата во процесот на носење на одлуки и во оперативното планирање на операциите под водство на Алијансата во кои ќе биде вклучена партнерската земја.

Другиот документ „Кон партнерство за 21 век – унапредено и пооперативно партнерство" претставени се основните елементи и насоки кои земјите партнери треба да ги реализираат за да се направи ПзМ пооперативно. Овие два документи претставуваат надополнување на ПзМ програмата и се засновуваат на двегодишен акционен план за соработка.

Во 2010 година, на Самитот на НАТО во Лисабон, земјите членки на Алијансата одлучија да ја унапредат соработката со останатите партнери кои не се опфатени со ПзМ при што ги отворија ПзМ активностите и на

---

[93] Partnership Tools, http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_80925.htm.

земјите од Медитеранскиот дијалог, Истанбулската Иницијатива и на глобалните партнери.

### *3.3 Процес на планирање, анализа и преглед*

Согласно точка 7 од документот „Партнерство за мир: Рамковен документ“, НАТО има обврска да воспостави Процес на планирање и анализа (Planning and Review Process –PARP) со земјите членки на ПзМ. Целта на овој PARP процес е да „обезбеди основа за идентификација и проценка на силите и можностите кои можеби ќе бидат ставени на располагање за меѓународна обука, вежби и операции изведени заедно со силите на Алијансата.“[94] Преку овој процес се обезбедува структурален и системски пристап во креирањето на капацитетите и способностите и во унапредувањето на интероперативноста на партнерите и НАТО. Процесот на анализа и планирање служи како планирачка алатка за водење и мерење на напредокот во одбранбената и воената трансформација и во модернизацијата на силите и овозможува постигнување на интероперативност не само со НАТО водени операции, туку и за ЕУ водени операции. Процесот на планирање и анализа се потпира и го користи минатото искуство на НАТО во планирањето на одбранбените и воените способности. Во основа тоа е двогодишен процес во кој се обврзани да учествуваат сите земји членки на ПзМ. Од 2011 година PARP процесот е отворен и за останатите партнери на

[94] Partnership for Peace: Framework Document, Issued on 11 Jan. 1994by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council, paragraph 7, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_24469.htm?mode=pressrelease

НАТО врз доброволна основа, но со претходно одобрување на Северноатлантскиот совет на НАТО.[95]

Процесот на планирање и анализа започнува со билатерални и мултилатерални консултации помеѓу НАТО и земјата партнер. Кога земјата партнер ќе добие одобрување од Северноатлантскиот совет на НАТО за започнување на PARP процесот, тогаш НАТО во првата година од циклусот и доставува Насоки за изработка на Преглед на севкупна ПзМ инеропеартивност. Овие Насоки се изработени претходно врз основа на НАТО PARP Министерски насоки. Земјите кои се обврзале да изработат Преглед на севкупната интероперативност се должни да дадат подетални информации за одредени области кои ја вклучуваат националната политика, одбранбената политика и одбранбените планови, демократската и цивилна контрола над вооружените сили, финансиски и економски планови, актуелен и планиран одбранбен буџет. Исто така, се даваат детални податоци и преглед на нивните вооружени сили, како и информации кои сили се подготвени да ги стават на располагање за НАТО/ПзМ активностите. Комплетираниот Преглед на севкупната ПзМ интероперативност – Прегледот, земјата изработувач го доставува до НАТО во Брисел на анализа и разгледување.[96]

После деталното разгледување и анализа на Прегледот од страна на експертите на НАТО, односно врз основа на одговорот на секој партнер се развива Проценката за планирање и анализа - PARP Проценка (Проценката) и се изработува пакет на Партнерски цели (ПЦ). Со пакетот ПЦ се одредуваат мерките коишто треба да ги спроведе државата за да можат нејзините вооружени сили подобро да соработуваат заедно со вооружените сили на земјите членки на

[95] Partnership for Peace Planning and Review Process, Last updated: 12 Jun. 2014 http://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_68277.htm.
[96] „Прирачник за НАТО, Брисел, 2001“, стр.80, http://www.morm.gov.mk/morm/mk/nato/about_nato.html.

Алијансата. Партнерските цели и Проценката, НАТО ги доставува на разгледување и анализа на земјата изработувач на Прегледот.[97]

Во следниот чекор се закажуваат билатерални консултации помеѓу НАТО и земјата изработувач на Прегледот, на кој учествуваат експерти од НАТО и цивилни и воени експерти од земјата изработувач. На овие консултации се разговара за податоците изнесени во Прегледот и се бараат дополнителни појаснувања и уточнувања на недоволно прецизно изнесените податоци. Исто така, се усогласува и пакетот ПЦ. После тоа следуваат мултилатералните консултации во формат NAC+1 односно НАТО плус земјата на која се однесува Проценката. На мултилатералните консултации се врши финално усогласување на Проценката и на пакетот ПЦ. После консултациите, Проценката и партнерските цели се ставаат на одобрување на земјите членки на НАТО и државата партнер согласно процедурата на „молчење". Доколку никоја земја нема забелешки по однос на Проценката и ПЦ и не ја прекине процедурата на „молчење" во дадениот рок, тогаш после изминувањето на рокот Проценката и ПЦ се сметаат за официјално одобрени од страна на Алијансата и државата партнер. Доколку некоја земја ја прекрши процедурата на „молчење" тогаш се усогласува делот околу кој постојат несогласувања. Откога ќе се најде взаемно прифатливо решение за спорната област, Прегледот и ПЦ се ставаат повторно на одобрување преку процедурата на „молчење".[98]

Во втората година од процесот се врши анализа на пакетот ПЦ при што се даваат детални информации по однос на постигнувањата и проблемите по однос на секоја ПЦ со која се соочува државата партнер. Потоа, се изработува Извештај за напредокот во имплементацијата на ПЦ (Извештајот) кој е предмет на разгледување на билатерални и

[97] Ibid, 80.
[98] Paul Gallis , NATO's Decision-Making Procedure, CRS Report for Congress, Updated May 5, 2003.

мултилатерални консултации. Откога ќе се усогласи и финализира Извештајот, истиот се става на одлучување во претходниот формат преку процедурата на „молчење". Претставниците на сојузниците и сите партнери кои учествуваат во овој процес се договараат за Консолидиран извештај во кој ги сумираат сите проценки и силите кои се ставаат на располагање од страна на секој партнер. Овој извештај се доставува до министрите во ЕАПС на разгледување и усвојување.[99]

За прв пат Процесот на планирање и анализа беше стартуван во 1995 година, а Консолидираниот извештај беше презентиран во пролетта 1995 година. Врз основа на научените лекции од првиот циклус на Процесот на планирање и анализа се превзедоа низа на мерки со кои се подобри планирачкиот процес, а континуирано се зголеми и бројот на партнерски цели со кои се придонесува за унапредување на интероперативноста на партнерите со НАТО. Исто така, континуирано се зголемува и бројот на земји партнери кои се приклучуваат кон Процесот на планирање и анализа.

Овој процес во голема мера придонесе да се развие поблиска соработка помеѓу земјите партнери и НАТО и во делот на меѓународните операции и во зајакнатите консултации со НАТО. PARP прерасна и во клучен механизам за подготовка на земјите аспиранти за членство во Алијансата.

[99] Partnership for Peace Planning and Review Process, Last updated: 12 Jun. 2014 http://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_68277.htm.

# ГЛАВА 3 НОВИОТ СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ НА АЛИЈАНСАТА ОД 1999 ГОДИНА - "THE ALLIANCE'S NEW STRATEGIC CONCEPT"

## 1. Причини кои доведоа до усвојување на стратегискиот концепт на Алијансата од 1999 година

Во заклучокот од Новиот стратегиски концепт на Алијансата од 1991 година беше дадена препорака, Сојузниците повторно да ги разгледаат концептуалните решенија опфатени во овој концепт во 1997 година и врз основа на постинатите резултати да дадат препорака дали има потреба од ажурирање на постојниот концепт или има потреба од носење на нов. На Самитот на НАТО во Мадрид во 1997 година, лидерите на земјите членки на НАТО, задоволни од постигнатото, се договорија само да се ажурира Концептот од 1991 година и да се прилагоди на новонастанатите промени во безбедносното опкружување. Стратегискиот концепт беше повторно разгледан и усвоен во 1999 година на Самитот во Вашингтон при што ги обврза сојузниците покрај заедничката колективна одбрана, да посветат повеќе внимание и на ресурсите и на мирот и стабилноста во поширокатa Евроатлантска област.[100]

Имено, во периодот од 1991 година до 1999 година во Европа преовладуваа позитивните настани, наспроти конфронтацијата. Кон крајот на 1991 година се распадна и СССР, а во 1992 година се формира Заедницата на независни држави. На сцена се појави нов политички субјект наследник на воениот, политичкиот и економскиот потенцијал на поранешниот СССР – Руската Федерација. Се распадна и Чехословачка на две држави на Чешка и Словачка. НАТО го формира Евроатлантски совет за соработка (наследник на Северноатлантскиот совет за соработка формиран во 1991 година) во кој се вклучија сите земји од Источна и

[100] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2006, стр.19.

Централна Европа и дел од земјите кои настанаа од распадот на СССР. Сите земји беа зафатени со широк транзициски и реформски процес со кој се спроведуваа демократски рефоми засновани на принципите на либерал демократијата односно на владеење на правото, почитување на човековите права и слободи, на плурализмот, на пазарната економија и друго. Тој процес на реформа придонесе во најголем дел од поранешните комунистички земји на власт да дојдат демократски и прогресивни сили кои имаа за цел да расчистат што побрзо со своето комунистичко минато. Се спроведуваа и длабоки реформи во дотогаш „недопирливата“ одбранбена и воена сфера, кои резултираа со забрзана редукција на воените капацитети и имплементација на стандардите на НАТО во овој домен.

Во 1994 година, на Самитот во Брисел беше промовирано Партнерството за мир, како механизам за развој на поблиска соработка на НАТО и земјите партнери во воената и политичката област. Преку ПзМ се започна процесот на радикалните реформи во безбедносниот сектор на сите држави партнери. Овој процес имаше за цел нивна подготовка за идно членство во НАТО. Алијансата се подготвуваше и трансформираше во насока на нејзино идно проширување со нови земји членки од Источна и Централна Европа. Поради тоа, забрзано креираше механизми и ги користеше нивните алатки за да се унапреди процесот на реформа во безбедносниот сектор на партнерските земји.

Во 1997 година се случи нов чекор во приближувањето и соработката со Русија, Украина и Грузија. Се формира посебен Совет НАТО – Русија, Совет НАТО – Украина и Совет НАТО – Грузија врз посебна партнерска основа. Тоа даде позитивни сигнали во развојот на односите на НАТО со поранешните идеолошни противници од периодот на Студената војна на порамноправни партнерски основи.

Процесот на интеграција ги зафати и земјите од Западна Европа односно со договорот од Мастрихт, земјите од Економската заедница се интегрираа во Европска Унија. Притоа, ЕУ се заложи за развој на нејзиниот Европски безбедносен идентитет преку вториот столб на ЕУ – Заедничката надворешна и безбедносна политика.

Од друга страна, на просторите на поранешна Југославија, на вооружените конфликти до 1999 година им се стави крај. Имено, „крвавиот" распад на Југославија кој започна со краткотрајниот воен конфликт на тогашната ЈНА во Словенија, подоцна се прошири во Хрватска и во Босна и Херцеговина. Конфликтот во Хрватска кој започна во 1991 година, помеѓу Хрватите и српското население кое живееше во Хрватска заврши во 1995 година. Српското население ја формира Република Српска Краина и имаше намера да се одвои од матичната земја и да се припои кон Србија. Но во 1995 година со помош од Запад, Хрватска успеа да воспостави контрола над целата нејзина територија.

Конфликтот во Босна и Херцеговина кој започна во 1992 година и се водеше помеѓу српското, босанското и хрватското население кое живееше во Босна и Херцеговина беше окончан со Дејтонскиот договор во 1995 година. За крајот на конфликтот во Босна и Херцеговина свој придонес имаше и НАТО. Имено, НАТО за прв пат интервенира воено во Европа од своето постоење. Цел на нападите од воздух беа српските сили кои не ја почитуваа Резолуцијата на Советот за безбедност на ООН и Договорот од Дејтон. Притоа преку воздушните напади, НАТО успеа да го принуди српското раководство на Република Српска да ги почитува мировните одредби од Дејтонскиот договор и да стави крај на четиригодишниот воен конфликт во оваа земја.

Кризата на просторот на поранешна Југославија се спушти на југ и го зафати и Косово и Метохија. После интервенцијата на војската на

Југославија на Косово и Метохија и протерувањето на над 600 000 етнички Албанци, НАТО без дозвола на Советот за безбедност на ООН, превзеде два и пол месечни воздушни напади врз режимот на Милошевиќ. Резултатите од овие воздушни напади придонесоа за повлекување на војската на Југославија од Косово и Метохија и одвојување на оваа покраина од јурисдикцијата на Србија.

Сите овие настани во Европа од интегративен и дезинтегративен карактер влијаеја, лидерите на НАТО на Самитот во Вашингтон да го усвојат ревидираниот Стратегиски концепт на Алијансата од 1999 година.

## 2. Стратегиски концепт на Алијансата од 1999 година " The Alliance's new Strategic Concept "

Во април 1999 година во Вашингтон се одржа Самит на Алијансата на кој лидерите на НАТО го усвоија Новиот стратегиски концепт на Алијансата (the Alliance's new Strategic Concept). Овој нов стратегиски концепт или познат и како Сратегијата за подготовка на Алијансата за безбедносните предизвици и можности во 21-от век имаше за цел да го насочува идниот политички и воен развој на НАТО, да ги потврди неговите фундаментални безбедносни задачи, ги идентификува клучните промени во новата безбедносна околина, ги специфицира елементите за пристап на Алијансата кон надворешната безбедност и даде насоки за понатамошната адаптација на воените сили на Алијансата. Овој концепт ја детерминира безбедносната политика и одбраната на Алијансата, нејзините оперативни концепции, нејзиниот диспозитив со конвенционални и нуклерани сили и неговите аранжмани во однос на колективната одбрана. Главната теза се засновува на премисата дека во променливиот и неизвесен свет исполнет со асиметрични закани, една поефикасна одбрана станува поголема нужност.

Прв елемент претставува прашањето за промената на улогата на НАТО во глобален актер, кое се наметна само по себе после интензивирањето на француско-американската реторика од една страна произлезена од неприфаќањето на францускиот предлог за покана на Словенија и Романија на Самитот на НАТО во Мадрид во 1997 година. А од друга страна поврзана околу легитимноста на воените акции на НАТО односно субординацијата, или несубординацијата на НАТО кон позициите на ООН. Франција, поучена од бомбардирањето на Сојузна Република Југославија од страна на НАТО, инсистираше секоја акција на НАТО да биде под мандатот на Обединетите нации. Меѓутоа, САД имаше свои објаснувања за спротивното. Главната одредница за ваквата одлука на САД беше заради специфичниот политички контекст на Советот за безбедност на ООН и можноста за употреба на правото на вето од страна на останатите членки. Вашингтон сметаше дека акцијата на НАТО не треба да зависи од една институција, како ООН, во чија ефикасност и кредибилитет има се повеќе сомнеж.

Мотивите за ваквиот концепт на НАТО поаѓаа и од стојалиштето дека политички, економски и воено „разнишаните“ позииции на Русиката Федерација повеќе не се перцепираше како закана по европската безбедност. Затоа, Алијансата во Москва не гледала една голема геополитичка и стратешка моментална опасност за евроатлантскиот простор. Дополнително, Алијансата формира Совет за соработка помеѓу НАТО и Русија.

Во воведниот дел се наведува улогата која ја имаше Алијансата во процесот на транзиција на поранешните комунистички држави после крајот на студената војна. Притоа настаните кои се случија во периодот од 1991 година до 1999 година лидерите на НАТО ги оценуваа како „непредвидливи“, „драматични“ и „позитивни“ по безбедноста во

Европа.[101] Доминантен предизвик со што НАТО ќе се соочува во иднина веќе не претставува масовниот конвенционален напад, туку е несигурноста и нестабилноста во и околу европскиот регион што може да влијаат врз безбедноста на Сојузот со пренесување на кризата во трети земји, вклучувајќи ги и членките на НАТО. Во Стратешкиот концепт од Вашингтон во 1999 година вткаени се и научените лекции од балканските војни во 90-тите, каде НАТО за првпат беше ангажиран надвор од традиционалните геополитички простори на дејствување. Сето тоа придонесе НАТО да изгради широк пристап кон безбедноста.

Широкиот пристап кон безбедноста кој го нуди овој стратегиски концепт, покрај одбранбените сегменти посебно значење и важност им придава и на останатите фактори од општеството: политичките, социјалните, еколошките, и на економските. Во остварувањето на безбедноста не се исклучени и соработката и партнерствата со другите земји од Евроатлантската област и пошироко, како и соработката со регионалните и меѓународните организации кои имаат свој одреден придонес кон спречувањето на конфликтите и управувањето со кризите.

Согласно Стратегискиот концепт од 1999 година, НАТО беше посветен на извршувањето на следните конкретни задачи:

- „да се обезбеди еден од неопходниге темели за стабилна евроатлантска безбедносна средина, заснован врз развојот на демократските институции и предаденоста кон мирното решавање на споровите, при што ниту една земја нема да биде во можност да заплашува или да принудува некоја друга земја со закана или со употреба на сила.

- да служи, како што е наведено во член 4 од Вашингтонскиот

[101] The Alliance's Strategic Concept, Approved by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C, Issued on 24 Apr. 1999, Introduction, http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_27433.htm?selectedLocale=en.

договор, како основен трансатлантски форум за консултации на сојузниците по прашањата коишто влијаат врз нивните витални интереси, вклучително и можниот развој на настаните кои би можеле да наметнат ризици по безбедноста на членките и за соодветна координација на нивните напори во областите од заеднички интерес.

- да се брани и да ги одвраќа сите закана од агресија против која било земја-членка на НАТО, како што е уредено во членовите 5 и 6 од Вашингтонскиот договор.

- да се унапреди безбедносга и стабилноста на Евроатлантската област: за да биде подготвена за секој случај и со консензус, во согласност со членот 7 од Вашингтонскиот договор, да придонесе кон ефективно спречување на конфликтите и да се вклучи активно во управувањето со кризите, вклучувајќи ги и операциите на реакција на кризи.

- да се промовира партнерство, соработка и дијалог од широк обем со другите земји во Евроатлантската област. со цел да се зголеми транспарентноста, заемната доверба и капацитетите за заедничка акција со Алијансата.“[102]

Но, да одиме по ред и да видиме кои концептуални решенија ги нуди Стратегискиот концепт од 1999 година во неговите одделни составни делови.

Во првиот дел на овој концепт насловен како „Цели и задачи на Алијансата“ се поставени премисите и општите цели и задачи за развој на деталните политики и воените планови на Алијансата. Притоа се потенцира дека основната и постојаната цел на Алијансата е „чување на слободата и безбедноста на сите членки со употреба на политички и воени средства“. Тој ги потврди вредностите на демократијата, човековите права и владеењето на правото и ја изрази решеноста на сојузниците не само за заедничка одбрана туку и за мир и стабилност во поширокага

[102] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2006, стр.19-20.

Евроатлантска област.[103] Со цел да ги реализира есенцијалните цели воспоставени со Вашингтонскиот договор и со Повелбата на ООН, Алијансата ќе се залага за стабилна безбедносна околина во Евроатлантската област заснована врз демократски институции и посветеност за мир, врз постојани консултации на сите нивоа на трансалтанскиот форум, врз солидарноста и врз принципот на одвраќање и одбрана од сите видови на закани за агресија. Со цел да ја унапреди безбедност и стабилноста во Евроатлантската област, НАТО поактивно ќе се ангажира во операциите од кризен менаџмент и во проширувањето на партнерствата.[104]

Концептот, исто така, дава и Насоки за силите на Алијансата за принципите на стратегијата и карактеристиките на позицијата на силите на Алијансата. Ова ги вклучи и деловите кои се однесуваа на мисиите на воените сили на Алијансата и насоките за позицијата на силите на Алијансата како и карактеристиките на конвенционалните и нуклеарните сили.

Во вториот дел насловен како „Стратегиски перспективи, Променливо стратегиско опкружување", НАТО ја опишува и стратегиската средина и ги проценува предвидливите безбедносни предизвици и закани и потенцира дека во изминатот период безбедносно опкружување континуирано и позитивно се унапредува и зајакнува во Евроатлантската област. Помеѓу другото, Алијансата одиграла и позитивна улога за стабилноста во Европа после Студената војна и ја зајакнала својата политичка улога во овој дел. Исто така, придонесла за зголемување на бројот на политичките и воените партнерства, соработката и дијалогот со останатите земји, вклучително и Русија, Украина и Медитеранскиот

[103] The Alliance's Strategic Concept, Approved by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C, Issued on 24 Apr. 1999, Introduction, http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_27433.htm?selectedLocale=en. Парграф, 6.

[104] Ibid. Парграф, 10.

дијалог. НАТО планира да ја зголеми својата способност за придонес во безбедноста и стабилноста во Евроатлантската област преку Концепт на комбинирани здружени сили за посебна намена (Combined Joint Task Forces Concept), зголемување на распоредените сили за извршување на целиот спектар на мисии на Алијансата и преку изградба на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет. Но, не ја исклучува и понатамошната соработка со ООН, со Организацијата за безбедност и соработка во Европа, со Западноевропската унија и со други организации. [105]

Стратегискиот концепт ја дефинира улогата на другите клучни елементи во широкиот приод на Алијансата кон стабилноста и безбедноста, како Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет; спречување на конфликтот и кризниот менаџмент; соработката и дијалогот меѓу партнерите; проширувањето; контролата на оружјето, разоружувањето и не-пролиферација. Стратегискиот концепт од 1999 година претставува авторитативна изјава за целите на Алијансата и обезбедува највисоко ниво на политички и воени средства кои треба да се употребат во нивното постигнување.[106]

Стратегискиот концепт од 1999 година ги реафирмира заклучоците од претходниот концепт на Алијансата од 1991 година со потенцирање на основната премиса дека заканата од конвенционална војна во Европа е сведена на минимум, но дека во потполност не може да се исклучи. Сепак посочува и други предизвици, ризици и закани со кои се соочуваат или во иднина се очекува да се соочат членките на Алијансата и останатите држави во Евроатлантската област. Како такви предизвици, ризици и закани наведени се: економска несигурност, етнички конфликти, политичка нестабилност, злоупотреба на човековите права, и ширење нуклеарно, биолошко и хемиско вооружување и средствата за нивно

[105] Ibid. дел 2

[106] „Прирачник за НАТО, Брисел, 2001", http://www.morm.gov.mk/morm/mk/nato/about_nato.html.

постигнување.[107] Една од специфичните одлики на Стратегискиот концепт на НАТО од 1999 година беше описот на широкиот приод кон безбедноста нагласувајќи ја соработката со други земји кои имаат исти цели како и Алијансата.[108]

Во третиот дел насловен како „Пристап кон безбедноста во 21 век", Алијансата го задржува широкиот пристап кон безбедноста со цел да и се овозможи примена на широк спектар на дејства во остварувањето на нејзините фундаментални безбедносни цели. Ваквиот приод кон безбедноста ги опфаќа следните елементи:[109]

*Трансатлантската врска.* Стратегискиот концепт ја потенцира посветеноста на НАТО за зачувување на партнерскиот однос помеѓу Европа и Северна Америка и подвлекува дека безбедноста на овие два континенти е неделива во Евроатлантската област.

*Одржување на ефикасни воени капацитети.* Стратегискиот концепт обезбедува насоки за развој на потребните капацитети и способности кои се неопходни за изградба на кредибилни воени сили способни да ги исполнат барањата според Вашингтонскиот договор. Воените капацитети и способности треба да бидат подготвени за справување со спектар на предвидливи услови во кои можат да се употребат, почнувајќи од одвраќање и колективна одбрана па се до операции од кризниот менаџмент односно операции за одговор на криза.

*Развој на Европски безбедносен и одбранбен идентитет.* НАТО во Вашингтон конечно се согласи со идејата на ЕУ за самостоен развој на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет. Меѓутоа, овој идентитет продолжува и понатаму да се развива во рамките на Алијансата врз основа

---

107 The Alliance's Strategic Concept, Approved by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C, Issued on 24 Apr. 1999, Introduction, http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_27433.htm?selectedLocale=en.
108 „Прирачник за НАТО, Брисел, 2001", http://www.morm.gov.mk/morm/mk/nato/about_nato.html.
109 The Alliance's Strategic Concept, Approved by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C, Issued on 24 Apr. 1999, Part III, http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_27433.htm?selectedLocale=en.

на одлуките на министрите за надворешни работи од Берлин од 1996 година. Во стратегискиот концепт се вели дека „овој процес ќе бара блиска соработка меѓу НАТО и Западноевропската унија и доколку и кога ќе е потребно и со Европската унија“[110]. Процесот на консолидирање и усовршување на организацијата и функцијата на НАТО доведоа до создавање на нова командна структура со можност за брзо распоредување на силите, при што е создаден политички простор за градење на Европски безбедносен идентитет преку НАТО партиципирање во операции водени од страна на ЗЕУ. Со концептот се отвора можноста европските сојузници да направат покохерентен и поефикасен придонес во мисиите и активностите на Алијансата. Оваа заложба е и во корелација со зајакнувањето на трансатлантското партнерство и ја отвора вратата за европските сојузници да можат самостојно да дејствуваат по потреба. За таа цел Алијансата е подготвена да ги стави на располагање своите капацитети и средства за операции под европско раководство во кои НАТО нема да се вклучи воено. Еволуцијата на политиката што се однесува на Европскиот безбедносен и одбранбен идентитет и улогата на НАТО во таа насока, Западноевропската унија и Европската унија подетално се опишани делот 4.

*Спречување на конфликти и кризен менаџмент.* Во концептот претставена е важната улога која ја има Алијансата во однос на спречувањето на конфликти и кризен менаџмент. Интересно е тоа што во овој дел, НАТО ќе се потпира и врз соработката со другите меѓународни и регионални организации. Ова најверојатно е последица од настаните во Босна и Херцеговина и Косово, кога НАТО директно се ангажира во нивното разрешување. Со ваквата улога, НАТО смета дека ќе придонесе поефективно во зачувувањето и унапредувањето на мирот и безбедноста на европско тло.

---

[110] Ibid параграф 30.

*Партнерство, соработка и дијалог.* НАТО е решен долгорочно да ја спроведува политика на партнерство, соработка и дијалог со сите демократски земји во Евроатлантската област. Главната цел на ваквата политика е да се зачува и унапреди мирот, безбедноста и стабилноста, да се придонесе за просперитетот и напредок на државите, но и да се промовира демократијата. На овој начин концептот го дава својот придонес во надминување на поделбите коишто можат да бидат причина за конфликти. За таа цел НАТО преку Концептот изразува подготвеност за унапредување на соработката помеѓу земјите членки и партнерите преку главните инструменти на кои му стојат на располагање за спроведување на оваа политика –Евроатлантскиот партнерски совет, Партнерството за мир, посебните односи со Русија, Украина, Грузија и Медитеранскиот дијалог.

*Проширување.* Алијансата останува и понатаму отворена за прием на нови членки во согласност со Член 10 од Вашингтонскиот договор. Тоа го потврди очекувањето на НАТО дека во наредните години ќе покани и други земји да и се приклучат на Алијансата.

*Контрола на вооружувањето, разоружувањето и не-пролиферацијата.* Во стратегискиот концепт дадена е и политиката на НАТО во однос на контролата на вооружувањето, разоружувањето и не-пролиферацијата. НАТО бара начини како нејзината политика за оваа област да се хармонизира со останатите актери и активно ќе се вклучи во обезбедувањето на механизми и инструменти за изградба на мерки за безбедност и доверба. Посебно стратегијата ја означува незаменливата улога која ја играат силите на Алијансата во справувањето со ризиците кои се поврзани со пролиферација на нуклеарно, биолошко и хемиско оружје и средствата за нивната испорака.

Последниот дел од Стратегискиот концепт насловен како „Насоки за принципите на силите на стратегијата на Алијансата“ поставени се насоките за силите на Алијансата со нивните конкретни цели и задачи, и

неопходните инструкции за цивилните и воените планери на Алијансата. Во оваа епоха, изразот поредок најчесто се идентификувал со трансформацијата на меѓународната заедница, а согласно тоа, и приспособувањето на Алијансата кон новите безбедносни предизвици. Од Сојузниците се бара континуирано да ги развиваат своите капацитети и способности кои се потребни за ефикасно извршување на целокупниот спектар на мисии на Алијансата. Меѓу можностите кои се подвлечени како особено важни се способноста за ефикасно ангажирање на силите, распоредливост и мобилност, издржливост на силите и на инфраструктурата, одржливост и интероперативност - вклучувајќи и интероперативност со силите на партнерските земји. Овие мисии го опфаќаат спектарот од колективна одбрана до поддршка на мирот и други операции за реакција при кризи.[111].

Во новоизменетиот меѓународен поредок, НАТО сé повеќе имал потреба од мобилни сили за брза интервенција, отколку од нуклеарни оружја и големи блиндирани баталјони. Алијансата, според Стратегискиот концепт ја задржува соодветна мешавина на нуклеарни и конвенционални сили во Европа. Овие сили се подготвени да се ангажираат каде што тоа е потребно, но на минимално и неопходно ниво. [112]

## 2. Одлуки од Самитите на НАТО 1999- 2010 година

### *2.1 Самит на Алијансата во Вашингтон 1999година*

Самитот на Алијансата во Вашингтон се одржа во периодот од 23 до 25 април 1999 година, во време кога НАТО ја прославуваше својата 50 годишнина од постоењето. Темите за дискусии на лидерите на земјите членки беа внимателно одбрани и се однесуваа на улогата на НАТО на

[111] Ibid, дел 4
[112] Олаф Тајлер „Безбедност преку партнерство"„Сабја или рало", George C Marshal, 17. февруару 2008 година, www.nato.int/docu/sec-partnership/sec-partner-mac.pdf.

Балканот и неговата воздушна кампања против режимот на Милошевиќ во поддршка на политичките цели на меѓународната заедница за враќање на мирот, безбедноста и стабилноста во Косово. Потоа се дискутираше за стратегиските и одбранбените планови за развој на силите на Алијансата, за политиката на „отворена врата“ и проширувањето со Чешка, Полска и Унгарија и за активностите на НАТО поврзани со партнерската политика.

Централна тема на дискусија на Самитот претставуваше воздушната кампања на Алијансата против режимот на Милошевиќ и напорите за изнаоѓање на решение за решавање на кризата. Донесен е документ „Изјава за Косово“ во која декларативно се потврдува одлучноста на НАТО да стави крај на тоталитарното владеење. Притоа се наведува дека воздушната кампања ќе трае онолку долго колку што е потребно за да се остварат политичките цели на меѓународната заедница. Исто така, претставена е заложбата на меѓународната заедница за да се стави крај на насилствата во Косово, да се повлечи војската на Југославија и да се вратат раселените и протерани граѓани на Косово.[113] Според претседателот на САД Бил Клинтон „ ние направивме се што можевме да направиме за да го решиме ова прашање. Кога ние се бориме, ние се бориме за да превенираме – да го превенираме овој конфликт и да изградиме неподелена демократска Европа која основачите на НАТО ја предвидоа пред 50 години“.[114]

Втор битен документ кој е усвоен е „Декларацијата од Вашингтон“ во кој е претставена „визијата“ за тоа како изгледа НАТО моментално, и како треба да изгледа во иднина за разлика од периодот на Студената војна. И во оваа Декалрација, Алијансата потврдува дека во Евроатлантската област преовладуваат позитивните промени во безбедносната околина.

[113] Statement on Kosovo, Issued on 23rd and 24th April 1999by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington, D.C, http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-062e.htm.

[114] William J. Clinton, Speech, by the President of the United States, William J. Clinton, Washington 23 April 1999.

Ваквите позитивни промени се поддржуваат со реафирмирање на заложбата на Алијансата за колективна одбрана и посветеноста за промоција на мирот, стабилноста, безбедноста и слободата на европско тло. Зајакнувањето на трансатлантската врска е од особено значење во справувањето со новите безбедносни предизвици со кои се очекува Алијансата да се соочи. Потврдена е посветеноста на Алијансата за остварување на колективната одбрана зајакната со нови земји членки, но и во соработка со останатите меѓународни организации, партнери и земјите од Медитеранскиот дијалог. Ваквиот пристап треба да придонесе за унапредување на безбедноста во Евреоатлантската област.[115]

Третиот битен документ е „Комуникето од самитот во Вашингтон“ со кое посебен подстрек им се дава на:

- прашањата поврзани со одлуките на Алијансата од Берлин од 1996 година за изградба на Европскиот безбедносен идентитет на ЕУ;

- воспоставувањето на Иницијативата за одбранбените способности на Алијансата;

- интензивирањето на соработката и развојот на поблиските врски на НАТО со партнерите од ПзМ преку јакнење на консултациите и соработката во рамките на ЕАПС;

- унапредувањето на соработката во рамките на Медитеранскиот дијалог;

- зголемувањето на способностите на Алијансата во борбата против ширењето на оружјето за масовно уништување и на сретствата за негова испорака;

- одобрувањето на Новиот (ажурираниот) стратегиоски концепт од 1999 година во кој се реафирмира посветеноста на НАТО за проширување;

---

[115] The Washington Declaration, Signed and issued on 23rd and 24th April 1999 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C. http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-063e.htm.

- креирањето на Акциониот план за членство.[116]

Во доменот на понатамошниот развој на воените способности на земјите членки на Алијансата, усвоена е Иницијативата за одбранбените способности на Алијансата. Со оваа Иницијатива, Алијансата воспоставува политички цели за развој на интероперативноста на силите, чија крајна цел е „да се унапредат одбранбените капацитети на Алијансата и да се обезбеди поголема ефикасност во идните мултинационални операции под водство на Алијансата...Одбранбените способности ќе се подобрат преку унапредување на распоредливоста, одржливоста и мобилноста на силите на Алијансата“.[117] Во своето обраќање, премиерот на Обединетото Кралство Тони Блер ќе истаке дека „ ние мора да се осигураме дека НАТО има модерни структури и флексибилни воени способности неопходни за новиот век“.[118]

Во поглед на политиката на „отворена врата“, НАТО изразува задоволство од приемот на Полска, Чешка и Унгарија. Задоволството најдобро може да се види од говорот на претседателот на САД Клинтон кога ќе каже „вчера, Европа беше поделена со линија, од едната страна слободните луѓе живееа во страв од агресија, а од другата страна луѓето под тиранија кои што сакаа да бидат слободни. Денес, благодарение на НАТО, поголемиот дел од Европа е слободна и во мир“. [119] Проширувањето со нови земји аспиранти останува главен приоритет на НАТО во согласност со член 10 од Вашингтонскиот договор од 1949 година и во согласност со параграф 8 од Декларацијата од Мадрид од 1997

[116] Washington Summit Communiqu, „An Alliance for the 21st Century“, Issued on 24th April 1999 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington, D.C. http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-064e.htm. paragraph 4.

[117] Defence Capabilities Initiative, Issued on 24th April 1999 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington, D.C http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99s069e.htm.

[118] Tony Blair, Opening Remarks by the Prime Minister of the United Kingdom and Northern Ireland, Tony Blair, Washington, 23 April 1999.

[119] William J. Clinton, Speech, by the President of the United States, William J. Clinton, Washington 23 April 1999, Comemorative event.

година. „ Ова е мисија на НАТО уште од педесетите години, во годините на новиот век...останувајќи отворен за нови земји членки од Балтикот до Црното Море, останувајќи посветен на работата со партнерите во постигнувањето на мир и прогрес, вклучително и Русија и Украина, но и со останатите кои се желни да работат на вредностите и иднината за која сите сонуваме."[120] Меѓутоа, за идните аспиранти за членство во Алијансата креиран е нов механизам олицетворен преку Акциониот план за членство. Со овој механизам се предвидува аспирантите да „изработуваат Индивидуални годишни програми за нивните подготовки за членство, кои ги опфаќаат политичките, економските, одбранбените, финансиските, безбедносните и правните области"[121] Овој механизам вклучува и годишни состаноци во формат 19+1 со Северноатлантскиот совет на НАТО на кој ќе се разгледува направениот прогрес на секоја земја аспирант. Според тогашниот Генерален Секретар на НАТО, Хавиер Солана, Акциониот план за членство „ќе им помогне на сите девет земји кандидати и на останатите во иднина да се подготват поактивно за да ги исполнат барањата на НАТО за членство".[122]

Во однос на соработката со другите држави НАТО е отворен за консултации, партнерство и практична соработка во рамките на ЕАПС и ПзМ. За таа цел лидерите на Алијансата одобрија мерки кои вклучуваат Политичка и воена рамка за НАТО предводени ПзМ операции, унапреден Процес на планирање и анализа преку кој ќе се зголеми интероперативноста на силите на партнерите декларирани за ПзМ активности и ќе овозможи зголемен придонес со сили и способности во идните НАТО предводени ПзМ операции и продлабочување на воената соработка преку Концептот за оперативни способности на НАТО кој ќе ги

[120] Ibid.
[121] Membership Action Plan (MAP), Issued on 24th April 1999 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington, D.C http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-066e.htm.
[122] Javier Solana, Statement by NATO Secretary General, Dr.Javier Solana, Washington, 24 April 1999.

зголеми способностите на партнерите да оперираат со Алијансата во НАТО/ПзМ предводените операции.[123]

НАТО го идентификува ширењето на оружјето за масовна деструкција како една од најголемите закани по модерниот свет. На Самитот е лансирана нова иницијатива со која се очекува поактивна соработка помеѓу Сојузниците во доменот на прашањата поврзани со оваа закана и како да се одговори на истата.[124]

### *2.2 Самит на НАТО во Прага 2002 година*

Самитот на НАТО во Прага се одржа во периодот од 21 до 22 ноември 2002 година. За прв пат во својата историја, Алијансата одржа Самит во една посткомунистичка земја сега членка на Алијансата. Овој Самит се одржа во време кога светот се соочуваше со последиците од новите асиметрични закани кои својата суровост ја покажаа со терористичките напади во САД. Одговорот на НАТО на овие напади беше со воена интервенција против поддржувачите на тероризмот лоцирани во талибанската влада на Авганистан. Терористичките закани предизвикани од ширењето на оружјето за масовна деструкција, ја доведа под сериозна закана безбедноста на Сојузниците. Стана повеќе од јасно дека Алијансата не може да си дозволи ваквите настани кои се случуваат надвор од нејзиниот геополитички простор да ги посматра од страна. Тоа најдобро може да се види од изјавата на претседателот на САД Џорџ Вилијам Буш кој истакнува дека „ потребно е да се трансформира нашата стратегија, нашата воена стратегија за да се справи со заканите со кои се соочуваме.

[123] Washington Summit Communiqu, „An Alliance for the 21st Century", Issued on 24th April 1999 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington, D.C. http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-064e.htm. paragraph 24&25.
[124] Javier Solana, Statement by NATO Secretary General, Dr.Javier Solana, Washington, 24 April 1999.

Непријателот не е Русија, непријателот е глобалниот тероризам кој ја мрази слободата.“[125] За таа цел, Алијансата, на Самитот во Прага во 2002 година, призна дека мора да се приспособи согласно новопојавените предизвици и закани. Една од димензиите на новото приспособување се содржи во поимањето дека е неопходна најширока соработка не само меѓу државите, туку и со други меѓународни организации и институции. Истовремено, биле усвоени серија мерки за подобрување на воените капацитети, мерки за нови односи со партнерите. Проширувањето го претставуваше и слоганот на самитот во Прага „нови членови, нови можности и нови партнерства“.

Поради тоа, овој Самит се одржуваше во „напната атмосфера“ и неговите одлуки беа од суштинска важност за понатамошната трансформација на Алијансата. Во Декларацијата од Прага, лидерите на НАТО земјите се согласија да продолжат со јакнење на улогата на Алијансата во зачувувањето и унапредувањето на безбедноста, стабилноста и мирот во Евроатлантската област. Една од клучните одлуки е поканата до земјите аспиранти: Бугарија, Естонија, Латвија, Литванија, Романија, Словачка и Словенија да ги отпочнат преговорите за членство во НАТО.[126] Во својот говор, тогашниот Генерален Секретар на НАТО Лорд Робертсон ќе потенцира дека во 1989 година НАТО не ги примал дипломатите од Источна и Централна Европа, но после падот на Берлинскиот ѕид работите драстично се промениле. Затоа „денес, три од овие земји се во НАТО. Други девет чекаат одговор на нивните апликации за членство“.[127] Тоа беше потврда на политиката на „отворени врати“ на

[125] Press Conference by US President George W Bush and Vaclav Havel, President of the Czech Republic, at Castle Prague in Prague, Czhech Republic, 20 Nov. 2002.
[126] Prague Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Prague on 21 November 2002, http://www.nato.int/docu/pr/2002/p02-127e.htm .
[127] Robertson, Europe's Transformation, Speech by NATO Secretary General, Lord Robertson, at the conference of the Aspen Institute Berlin and the NATO Host Committee for the Prague Summit, 20 Nov. 2002, Prague.

Алијансата и во таа насока се случи вистински big bang во проширувањето.

Во дополнение на изјавата на Буш, Генералниот Секретар на НАТО во Најавата за проширување ќе потенцира, „вратата на НАТО е уште отворена“[128] Овие изјави се јасна порака дека политиката на „отворена врата“ на НАТО продолжува и понатаму. Меѓутоа, земјите аспиранти мора да ги исполнат неопходните критериуми за членство, а во тоа им помага и Акциониот план за членство иницирaн на Самитот во Вашингтон во 1999 година.

Во Декларацијата можат да се видат и првите знаци на „ажурирање“ на Стратегискиот концепт од 1999 година во делот на предизвиците и заканите по стратегиското безбедносно опкружување. Одговорот на НАТО кон новото стратегиско опкружување и во управувањето со ризиците ќе се реализира преку создавање воени сили кои се ќе бидат способни да одговорат на целокупниот спектар на операции на Алијансата, брзо распоредливи со висока мобилност каде што е потребно со претходна одлука на Северноатлантскиот совет на НАТО. Оваа одлука подразбира креирање на нови дотогаш „непознати“ капацитети и способности подготвени да се справат со постојните, но и со идните закани. Ваквите сили ќе бидат во поддршка на реализација на стратегијата на НАТО и за промоција на споделените вредности и интереси на Сојузниците. Според изјавата на Лорд Робертсон „денес НАТО се етаблира како менаџер на кризите par excellance…за да одговори на целиот спектар на мисии, НАТО мора да биде способен да пополнува сили кои можат брзо да се движат

[128] Announcement on Enlargement, by NATO Secretary General, Lord Robertson, Meeting of the North Atlantic Council at level of Heads of States and Government, November 2002, Prague.

каде што е потребно, да се одржуваат во операции на големо растојание и на подолго време и да ги остварат нивните цели“.[129]

Компромисот е најден во формирањето на Силите на реакција на НАТО – (NATO Response Forces – NRF). Силите на НАТО мораат да поседуваат агилност, капацитет на употреба и капацитет на зајакната поддршка. Персонификација на таквата способност треба да бидат Силите за реакцијата на НАТО. Со развојот на овие сили ќе им се овозможи на земјите членки да ја рационализираат командната структура и да ги подобрат воените капацитети. Онака како што се замислени, овие технолошки напредни, распоредливи, флексибилни, интероперативни и одржливи сили ќе бидат катализатор во промовирањето на воените капацитети и способности на Алијансата. Јачината на NRF е проектирана на околу 20.000 персонал подготвени за борба и способни да се употребат од пет до триесет дена и одржливи на терен без дополнителна логистичка поддршка до триесет денови. Секоја NRF е во состојба да земе интер армиска формација, со големина на сувоземни сили од една бригада, со воздушни ресурси и со капацитети на команда и контрола, за да може да поддржи до 200 излези дневно. За да можат да бидат употребени, овие сили мора да имаат експедиционен карактер. Тоа, од своја страна, бара технолошки промени на ниво на способности на воздушниот транспорт и иновации на ниво на ефективите, кои мораат да бидат составени од војници и авијатичари способни да бидат ангажирани надвор од нивните национални граници. Предвидено е својата почетна оперативн готовност NRF да ја постигне во октомври 2004 година, а финалната оперативна готовност да ја постигнат до октомври 2006 година.[130]

---

[129] Robertson, Europe's Transformation, Speech by NATO Secretary General, Lord Robertson, at the conference of the Aspen Institute Berlin and the NATO Host Committee for the Prague Summit, 20 Nov. 2002, Prague.

[130] Prague Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Prague on 21 November 2002, http://www.nato.int/docu/pr/2002/p02-127e.htm.

Во делот на трансформација на командната структура се предвидува да се реструктуира постојната НАТО командна структура во поедноставна, поефикасна и поефективна и распоредлива командна структура која ќе биде способна да ги исполни оперативните побарувања за исполнување на целокупниот спектар на мисии на Алијансата.[131] „Воените способности на НАТО мора да бидат способни да ги пресретнат вистинските закани со кои ние се соочуваме...НАТО мора да направи транзиција...во воена организација која е структуирана за ги пресретне заканите од глобалниот тероризам".[132] Во поддршка на вака замислената трансформација се и Прашкиот ангажман за капацитетите на земјите членки на НАТО со кои сите членки политички се обврзуваат да ги модернизираат своите воени капацитети и способности во одредени специфични области. Воедно, заедичките заложбите за одбрана се прошируваат и афирмираат преку иницирање на повеќе иницијативи, како: Воениот концепт во однос на одбраната против тероризмот; Акциониот план на Партнерството против тероризмот; петте иницијативи во доменот на нуклеарната, биолошката, хемиската одбрана; Акциониот план во доменот на цивилната одбрана; антиракетната и сајбер-одбрана; соработката во доменот на разузнавањето; создавањето на NRF и Прашкиот ангажман за капацитетите. [133]

Во делот на партнерската политика, од партнерите е побарано повеќе да се ангажираат во борбата против тероризмот и во справувањето со новите предизвици и закани. На овој Самит, Алијансата „срамежливо" најавува дека планира своите пратнерства да ги прошири и со земјите од

---

[131] NATO Transformed: new members, capabilities and partners, 21 november 2002.
[132] Press Conference by US President George W Bush and Vaclav Havel, President of the Czech Republic, at Castle Prague in Prague, Czhech Republic, 20 Nov. 2002.
[133] Prague Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Prague on 21 November 2002, http://www.nato.int/docu/pr/2002/p02-127e.htm.

Кафказ и Централна Азија.[134]. Во Прага беше иницииран и Планот на индивидуална акција за партнерите (IPAP) кои планирале да се приближат кон останатите партнери на НАТО. Кон овој План, во октомври се приклучува Грузија како прва држава која воспоставила IPAP партнерство со Алијансата. Потоа следеле Азербејџан (2005), Ерменија (2005), Молдавија (2006), а во април 2005 година отпочнал интензивен дијалог и со Украина. Исто така, посебно внимание е посветено и на развојот на односите помеѓу НАТО и Русија и НАТО и Украина преку воспоставените тела за соработка.

### *2.3 Самит на НАТО во Истанбул 2004 година*

На Самитот на НАТО во Истанбул во 2004 година, се официјализира приемот на седумте нови членки од Вилнус групата кои беа поканети на Самитот во Прага. Проширувањето на Алијансата со новите членки беше чекор напред во остварувањето на девизата за Европа целовита, слободна и во мир. НАТО останува отворен и понатаму за новите демократии од Европа кои ќе ги исполнат неопходните критериуми за членство. Овој самит се одржуваше во време кога Алијансата или дел од нејзините членки и партнерите се инволвирани во глобалната војна против тероризмот во Ирак и во Авганистан. Во однос на глобалната војна против тероризмот имало различни ставови помеѓу САД и традиционалните европски сојузници: Франција, Германија и Белгија околу поголемиот ангажман на НАТО во војната во Ирак. Во својот говор тогашниот Генерален Секретар на НАТО Јаап де Хоп Шефер ќе истакне дека „Европа и Северна Америка може да не се согласуваат, понекогаш и силно да спорат, но тие остануваат

---

[134] Chairman's Summary, of the Meeting of the Euro-Atlantic Partnership Council at Summit Level, 22 Nov. 2002, http://www.nato.int/docu/pr/2002/p02-128e.htm.

светски најблиската заедница...Америка останува и понатаму број еден стратегиски партнер на Европа“[135]. Сојузниците не успеале да ги усогласат своите ставови по однос на ова прашање и се задоволиле само со „Изјавата за Ирак“, со која Алијансата ќе и даде логистичка поддршка на Полска во нејзините командни активности во Ирак, како и помош на ирачката Влада за обука на нејзините безбедносни сили. Сепак, независно од различните тонови, Алијансата се ангажира во обуката на безбедносните сили на Ирак, со цел да се стави крај на нестабилноста во Ирак, како колективна обврска на Алијансата.[136]

На Самитот во Истанбул, од јуни 2004 година, Сојузниците биле преокупирани со состојбата во Авганистан и создавањето на провинциските екипи за реконструкција (PRT) како клучен приоритет. Поради зголемениот ангажман на Алијансата во Централна Азија, одлучено е мисијата во Босна и Херцеговина да и се препушти на Европската Унија. Проценката на НАТО беше дека безбедносната состојба на Балканот е стабилна, но може да дојде и до нејзино нарушување, поради што НАТО нема намера да се повлечи од мисијата КФОР во Косово. Алијансата цени дека нејзиното присуство во овој дел на Европа е неопходно поради помошта во спроведувањето на реформите во одбранбениот сектор.

Во поглед на борбата против тероризмот, потребен е трансатлантски безбедносен консензус, за да се проектира стабилноста каде што е потребно.[137] НАТО со партнерите од Медитеранскиот дијалог воспостави мисија во Средоземното море за борба против поморските пирати и тероризмот. Притоа им упати и покана на Русија и Украина за да изнајдат

---

[135] Jaap de Hoop Sheffer, A New Atlanticism for the 21st Century, Speech by NATO Secretary General, Jaap de Hoop Sheffer, at Conference of the German Marshall Fund, 27 June 2004, Istanbul, Turkey.
[136] Statement on Iraq, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Istanbul on 28 June 2004, http://www.nato.int/docu/pr/2004/p04-098e.htm
[137] Jaap de Hoop Sheffer, A New Atlanticism for the 21st Century, Speech by NATO Secretary General, Jaap de Hoop Sheffer, at Conference of the German Marshall Fund, 27 June 2004, Istanbul, Turkey.

модалитети за нивно вклучување во оваа мисија во Средоземното море. Во борбата против тероризмот, НАТО големо внимание посветува и на ширењето на оружјето за масовно уништување и на средствата за негова испорака и е решен да се справи со оваа закана во сите нејзини појавни форми. Во оваа борба против тероризмот НАТО побарува зголемен ангажман од страна на партнерите.[138]

На Самитот во Истанбул, во меѓувреме, Алијансата настапила со нови иницијативи во активностите на Партнерството за мир. Императивот бил да ги интегрира државите кои биле најблиски до НАТО зоната и воедно, да ги трансформира постојните воени структури преку програми наменети за четири типа на држави. Во првата група биле класифицирани државите-членки на Европската Унија, или неутралните држави кои не биле членки на НАТО (Австрија, Шведска, Финска, Швајцарија, Ирска); во втората група биле балканските партнери: Албанија, Македонија и Хрватска, кои преку своите Акциони планови за членство биле аспиранти за членство; третата група држави ја сочинувале оние од Централна Азија и Кавказ, кои биле во зоната од посебен интерес (Ерменија, Грузија, Азербејџан) и четвртата група ја сочинувале специфичните држави: Русија, Украина, Белорусија и Молдавија.

Во поглед на проширување на партнерската политика, по примерот на Медитеранскиот дијалог, НАТО ја воспоставува Истанбулската иницијатива за соработка наменета за земјите од Блискиот Исток. Преку соработката во оваа Иницијатива, НАТО очекува да се зголеми стабилноста и безбедноста во овој дел на Азија.

Поздравен е напредокот во соработката со Русија и со Украина при што се оценува дека зоголемената соработка придонела за унапредување на безбедноста во Евроатлантската област.

---

[138] Istanbul Summit Communiqué, Issued by the Heads of State and Government, participating in the meeting of the North Atlantic Council, http://www.nato.int/docu/pr/2004/p04-096e.htm

Врз основа на одлуките донесени на Самитот во Истанбул, може да се види дека Алијансата, полека, но сигурно своето тежишно ангажирање го пренасочува од Европа кон Блискиот и Средниот Исток во Азија. Вториот фокус го става на трансформацијата на Алијансата при што се оди во насока на зголемување на „употребливоста" на силите и на нивната способност за распоредување и одржување во операции.

## *2.4 Самит на Алијансата во Рига 2006 година*

Во периодот после падот на Берлинскиот ѕид, Алијансата превзеде реформски зафати и креира бројни механизми кои имаа за цел прилагодување на НАТО кон новото време. Во тој процес, Алијансата се отвори за нови земји членки, воспостави партнерства и програми за соработка и дијалог со земји кои не се членки. Тоа и овозможи на Алијансата да прерасне од инструмент на застрашување за време на Студената војна во механизам за безбедносни консултации и колективно планирање. Во тој дух на 28 и 29 ноември 2006 година, во главниот град на Латвија, Рига се одржа Самитот на НАТО. Симболиката беше голема. Овој Самит се одржа на територијата на една нова членка на НАТО која настана како резултат на дезинтеграцијата на Советскиот Сојуз. Тоа беше знак дека НАТО прерасна во глобална Алијанса. Според зборовите на Генералниот Секретар на НАТО, Јаап де Хоп Шефер: „ништо не би можело појасно да демонстрира колку Европа се смени на подобро од фактот дека овој Самит се одржува овде во демократска и слободна Летонија".[139] Главна тема на дискусија на лидерите на НАТО беше неговата понатамошна

[139] Надмоќ во Авганистан, подобрување на капацитетите, унапредување на соработката, НАТО по Рига, NATO Public Diplomacy Division, 1110 Brussels, Belgium.

трансформација, но значајно место беше посветено и на партнерската политика на НАТО и на проширувањето.

Во Декларацијата од Самитот во Рига, НАТО се поголема важност им придава на комплексните, некогаш и внатрешни закани како што се тероризмот кој се повеќе се зголемува како закана и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и средствата за негова испорака, како и предизвиците од нестабилноста како резултат на демократски слабите држави. Ова ја нагласува потребата од заедничко делување против овие закани, вклучувајќи ги и операциите за одговор на кризи под мандат на ООН. Во тој контекст не се заборава и на продолжување на трансформацијата на капацитетите и способностите на НАТО и на поблиското ангажирање со партнерите, останатите нации и организации.[140]

Во Декларацијата значајно место и се посветува на Ангажманот на силите на Алијансата и на другите држави партнери во Авганитан. За Алијансата, „придонесот кон мирот и стабилноста во Авганистан е клучен приоритет."[141] НАТО ќе продолжи во соработка со Авганисатнските национални безбедносни сили и во координација со други меѓународни фактори да ги поддржува авганистанските авторитети во обезбедување безбедност, стабилност и реконструкција во целиот Авганистан со почитување на меѓународните закони. Сојузничките лидери ја потврдија својата солидарност и долгорочна посветеност кон поддршка на мирот и стабилноста во Авганистан. Со цел да се зајакне ефикасната употреба на силите во рамките на ИСАФ мисијата, од земјите контрибутори се побара да ги укинат националните ограничувања на ангажманот на нивните

---

[140] Riga Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Riga on 29 November 2006.

[141] Riga Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Riga on 29 November 2006, paragraph 5.

војници во Авганистан. Тоа е потребно и поради обезбедување на соодветни сили што ги бараат воените команданти на НАТО.[142]

Заеднички став на Алијансата беше дека ќе истрае во својата прва мисија надвор од Европа. „Но нема да биде и последна.“[143] Очекувањата на Алијансата беа дека авганистанските сили после 2008 година ќе бидат подготвени за контрола на безбедноста на државата. Со цел да се приближат различните ставови околу Авганистан, Франција понуди предлог да се воспостави „Контакт група“[144] за Авганистан слична на онаа која беше формирана за Балканот во 90-тите години. Оваа „Контакт група“ треба да се состои од САД, Обединетото Кралство, Франција, Германија, Италија и Русија. Целта е подобро да се координираат дипломатските, политичките и други мерки за враќање на мирот во Авганистан.

„Свесни за важноста од реструктуирање и развој на долгорочната стабилност во Авганистан, лидерите од НАТО упатија повик за пошироко меѓународно ангажирање и сеопфатен пристап, којшто ќе вклучува политички, воени и економски елементи. „Авганистан не може да е безбеден без развој, а не може да има развој без безбедност“, се наведува во Декларацијата од самитот.“[145]

Во однос на трансформацијата на Алијансата претседателот на САД ќе истакне дека „НАТО се трансформира од статична алијанса фокусирана на одбраната на Европа, во експедициона Алијанса подготвена да се распореди надвор од Европа во одбрана на слободата“.[146] Развојот на NRF силите и постигнувањето на нивната финална оперативна готовност ќе придонесат силите на Алијансата да бидат брзо распоредливи и ефикасни.

---

142 Ibid

143 Keynote speech, by NATO Secretary General Jaap de Hoop Sheffer at Riga Conference, Riga, Latvia, 28 November 2006.

144 NATO boosts efforts in Afghanistan, Meeting in Riga at the high level, NATO Heads of States and Government, Riga, 28 November 2006.

145 Надмоќ во Авганистан, подобрување на капацитетите, унапредување на соработката, НАТО по Рига, NATO Public Diplomacy Division, 1110 Brussels, Belgium.

146 Address by the President of the United States George W. Bush, German Marshall Fund of the Unated States, 28 November 2006, Riga, Latvia.

Исто така, потврдија дека спектарот на дејство на овие сили е широк и ги опфаќа операциите од справување со вонредните состојби до борба против тероризмот. Според Генералниот Секретар на НАТО Јаап де Хоп Шефер, финалната оперативна готовност на NRF силите е „едно од најголемите достигнувања бидејќи со тоа на Евроатлантската заедница и се даваат досега невидени можности“[147]. Во тој контекст постигнат е и договор за заедничко финансирање на овие сили при нивна евентуална употреба во операции, поддршка и заштита на овие сили, но и на другите НАТО сили ќе им биде обезбедена преку Системот на НАТО за активна слоевита одбрана на терен од балистички проектили. НАТО применува пристап на колективно обезбедување на потребните ресурси за ангажираните сили во операции.

На овој Самит поттикнати се низа иницијативи кои имаат за цел да ги зајакнат способностите и капацитетите на Алијансата за стратегискиот транспорт, во справување со современите предизвици и закани, посебно во борбата против тероризмот и во унапредувањето на безбедноста онаму каде што е потребно.[148] Тежиште се става на развојот и изградбата на системи за балистичка ракетна одбрана, на развојот на мрежно овозможена размена на информации и во развојот на способностите за спречување на хемиските, биолошките, нуклеарните и радиолошките закани.[149] Но, промовирана е и новата иницијатива на НАТО за специјалните сили која ќе ги зајакне способностите на припадниците на специјалните сили од НАТО земјите на бојното поле.[150]

---

[147] Remarks by NATO Secretary General, Jaap de Hoop Sheffer at the opening of the NATO Summit transformation exhibition, Riga, Latvia, 27 November 2006.
[148] Remarks by NATO Secretary General, Jaap de Hoop Sheffer at demonstration of C17 Strategic Air Lift, Riga International Airport, 27 November 2006.
[149] Riga Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Riga on 29 November 2006, paragraph 24, 25.
[150] Address by the President of the United States George W. Bush, German Marshall Fund of the Unated States, 28 November 2006, Riga, Latvia.

Во однос на „политиката на отворени врати", главната порака беше дека таа и понатаму останува приоритет за Алијансата. Приемот на нови земји членки е во духот на јакнењето на трансатлантскат врска, но и во рамките на трансформацијата на Алијансата. Во параграф 46 од Декларацијата се вели дека наредниот самит ќе се одржи во 2008 година на кој ќе се оцени напредокот и ќе се дадат понатамошни насоки за тековната трансформација на НАТО, вклучувајќи го и процесот на проширување. Процесот на проширување на НАТО е оценет како историски успех во унапредувањето на стабилноста, мирот и соработката во Европа и претставува визија за Европа да биде една целина, слободна и мирна. Достигнатиот степен на имплементација на потребните стандарди како услов за приемот на нови членки ќе се одвива исклучиво преку механизмите на Акциониот план за членство.

Новина која произлезе од овој Самит е одлуката на лидерите на НАТО да упатат покана до Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина да се приклучат во ПзМ и Евроатлантскиот партнерски совет. Со тоа се испрати јасен сигнал до овие земји дека нивниот придонес кон регионалната безбедност стабилност долгорочно е од особено значење во Европа. Во Декларацијата се вели: „земајќи ја предвид важноста од долгорочна стабилност во Западниот Балкан и уважувајќи го досега направениот напредок, ние денес ги поканивме овие три земји да се приклучат на Партнерството за мир и на Евроатланскиот партнерски совет".[151]

И на овој Самит, како и на претходните НАТО не ги заборави и другите партнери. Особено е значајно тоа што се имаа во предвид аспирациите на Грузија за членство во НАТО. Но, за Алијансата битна е и соработката и добрите односи со Украина и посебно со „важниот и

[151] Riga Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Riga on 29 November 2006, paragraph 36.

привилегиран партнер“[152] Русија. Русија проширувањето на Алијансата го гледа со растечка грижа, но не ја загрижува одржувањето на Самитот во Рига, туку за Русија предизвик би било доколку таму би се одржале маневри на воените единици на НАТО.

Алијансата, покрај своите традиционални партнери во Европа, гледа на остварување и на глобални партнерства со воспоставување на подлабоки односи со контакт - земјите како што се Австралија, Нов Зеланд, Јапонија и Јужна Кореа. Исто така, Алијансата се отвори и за новите земји од Истанбулската иницијатива за соработка и земјите од Медитеранскиот дијалог преку Иницијативата за соработка во областа на обуката.

Во Рига, НАТО ги претстави своите „Сеопфатни политички насоки“ со кои се обезбедува рамка и политичка директива на НАТО за продолжување на трансформацијата, зацртувајќи ги приоритетите кои се однесуваат на сите прашања за капацитетите на Алијансата, планирачките алатки и разузнавањето. Документот Сеопфатни политички насоки (Comprehensive Political Guidance) е главен политички документ кој ја поставува рамката и приоритетите на Алијансата за следните 10 до 15 години. Овој документ е договорен во декември 2005 година од страна на 26-те земји членки на НАТО. Потпишан е во јуни 2006 во НАТО Штабот во Брисел од страна на министрите за одбрана и на највисоко ниво од страна на Шефовите на држави и Влади на земјите членки на НАТО во рамките на Рига Самитот.

Усвојувањето на Сеопфатните политички насоки во основа претставува ажурирање на Стратегискиот концепт од 1999 година во согласност со новонастанатите промени во стратегиското безбедносно опкружување посебно во делот на предизвиците и заканите. Во

---

[152] Keynote speech, by NATO Secretary General Jaap de Hoop Sheffer at Riga Conference, Riga, Latvia, 28 November 2006.

документот дадена е анализа на веројатната идна безбедносна средина, но се зема во предвид и можноста од *"непредвидливи настани"*. Дадена е оценка дека тероризмот и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување ќе бидат основни закани за Алијансата и во наредните 10-15 години. Со нив се бара сеопфатен политички, економски и воен пристап во зачувувањето на мирот, безбедноста и стабилност.[153]

Посебно се значајни насоките во однос на поставените политички цели за развој на 40% распоредливи сили надвор од националната терирторија и обврската за 8% да бидат ставени на располагање за учество во меѓународни операции подолго од една година.[154] Овие политички цели за развој на одбранбените капацитети и способности се обврзувачки за секоја земја членка на Алијансата, но и за земјите аспиранти за членство и за партнерите.

На Самитот во Рига слично како и на претходниот самит во Истанбул, продолжи дискусијата помеѓу Европа и Северна Америка околу иднината на Алијансата. Европските земји одбиваа да испраќаат сили надвор од традиционалните зони на операциите на НАТО. Компромисот е пронајден во соломонското решение земјите членки на НАТО да испраќаат свои сили во помирните подрачја. Наоѓајќи се во ваква позиција, САД своето внимание го насочија кон соработката со партнерите и со останатите држави на Меѓународната заедница кои сѐ уште биле далеку од членство во Алијансата. Ваквата политика на Вашингтон не била примена со восхит од останатите членки на Алијансата. САД имаа идеја од НАТО да направат глобална Алијанса, наместо трансатлантската. Во глобалната Алијанса земјите партнери од ПзМ, Медитеранскиот дијалог, Истанбулската иницијатива за соработка и глобалните партнери ќе имаат

---

[153] Closing press conference, by NATO Secretary General Jaap de Hoop Sheffer, Riga, Latvia, 29 November 2006.

[154] Comprehensive Political Guidance, Endorsed by NATO Heads of State and Government, on 29 November 2006.

поголема улога. Покрај сите недоразбирања, лидерите на НАТО во едно биле согласни „најважната интервенција (во Авганистан) на Алијансата од нејзиното постоење претставува решавачки тест за иднината на Алијансата”. Ваквата согласност овозможи сојузничките лидери да ја зацврстат својата решеност за продолжување на операцијата на Алијансата во Авганистан и ги повикаа пратнерските земји и глобалните партнери да го зголемат својот ангажман. Преземените одлуки и овозможија на Алијансата да превземе конкретни чекори за унапредување на своите способности и капацитети и ги продлабочија односите се своите партнери. Алијансата се покажа подготвена за справување со новите безбедносни предизвици и закани во новиот милениум.

Заедничкиот заклучок на шефовите на држави и влади од Самитот во Рига е дека „Одлуките кои ги донесовме заедно, заедно со работата за која дадовме насоки да се реализира, покажува дека Алијансата се адаптира на безбедносното опкружување во 21-от век преку своите операции, трансформираните одбранбени способности и подлабоките ангажмани со земји во и надвор од Евроатлантскиот регион, како и преку континуираните внатрешни реформи. Овие напори ќе ја зајакнат способноста на Алијансата да се справува со идните предизвици.“[155]

### *2.5 Самит на НАТО во Букурешт 2008година*

На Самитот во Букурешт од 2008 година, НАТО ја исцрта стратешката визија заснована на четири водечки принципи на воено-политички план: долгорочна посветеност, авганистанско лидерство, опсежен пристап и регионална ангажираност.

Во Букурешт во контекст на политиката на „отворена врата“, НАТО упати покана до две нови земји Хрватска и Албанија за да ги отпочнат

[155] Riga Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Riga on 29 November 2006, paragraph 46.

преговорите за членство во Алијансата. За прв пат во поновата историја на НАТО се случи преседан и на една земја Македонија која ги исполни неопходните стандарди да не и се упати покана за започнување на преговорите за членство поради ставеното „вето“ од страна на Грција. Но тука не застанува проширувањето на НАТО како историски проце. Тој продолжува и понатаму.[156]

На овој Самит се покажа одлучноста на НАТО да развие поблиска соработка со меѓународната заедница, но и со невладините организации во справувањето со безбедносните предизвици и закани во 21 век во стратегиската безбедносна околина која брзо се менува. Насоките се во согласност со процесот на трансформација и на барањата за развој на капацитети и способности согласно Сеопфатните политички насоки од Рига и посебно со објавувањето на заедничката изјава за ракетната одбрана. Новина во делот на безбедноста и стабилноста во Евроатлантската област е тоа што сега таа се поврзува непосредно со безбедноста и иднината на Авганистан. Тоа беше јасен сигнал дека НАТО планира да го ревидира својот Стратегиски концепт од 1999 година и во тој контекст донесе одлука да се подготви „Декларација за безбедноста на Алијансата“[157] која треба да биде разгледанта на јубилејниот самит на НАТО по повод 60 годишнината во 2009 година.

За разлика од Самитот во Рига, во Букурешт му се отстапува помал простор на Авганистан и на посветеноста на Алијансата за мир во овој дел од светот. Во документот „Стратегиска визија за ИСАФ“, усогласена е заедничкатта визија врз основа на четири клучни принципи и тоа:[158]

- цврста и заедничка долгорочна заложба;

---

[156] Ibid, paragraph 18.

[157] Bucharest Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Bucharest on 3 April 2008, paragraph 3. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_8443.htm?mode=pressrelease.

[158] ISAF's Strategic Vision, Declaration by the Heads of State and Government of the Nations contributing to the UN-mandated NATO-led International Security Assistance Force (ISAF) in Afghanistan, Issued on 03 Apr. 2008.

- поддршка за зајакнување на авганистанското раководство и одговорност;
- сеопфатен пристап од страна на меѓународната заедница за обединување на цивилните и воените активности;
- зголемена соработка и ангажман од страна на соседите на Авганистан, особено од страна на Пакистан.

Имплементацијата на овие заложби подразбира дека Алијансата полека сака да ја препушти контролата на теренот на авганистанските безбедносни сили. Притоа фокусот го става на понатамошна обука на авганистанските безбедносни сили, давање на поголема флексибилност на силите на сојузниците и на борбата против ширењето на талибансата пропаганда.[159] Тоа означува нов пристап на НАТО во однос на ангажманот на меѓународната заедница во Авганистан со тоа што тежиштето полека треба да се пренесе од воените на цивилните активности за обнова на земјата. За таа цел Алијансата одобрува „Акционен план“ во кој се содржани практични предлози како да се развие и имплементира сеопфатниот придонес на НАТО во идните операции.

Во обезбедувањето на меѓународниот мир и безбедност, НАТО планира поголема внимание да посвети на соработката со ООН, но и на соработката и развојот на поцврсто стратегиско партнерство со ЕУ во согласност со Берлин плус аранжманите. Тоа подразбира дека НАТО и ЕУ мора да работат заедно рамо до рамо во операциите од доменот на кризниот менаџмент, во борбата против тероризмот, како и во развојот на интероперативните и кохерентни капацитети и способности.[160] Ваквото стратегиско партнерство побарува и посилна европска одбрана која

---

[159] ISAF's Strategic Vision, Declaration by the Heads of State and Government of the Nations contributing to the UN-mandated NATO-led International Security Assistance Force (ISAF) in Afghanistan, Issued on 03 Apr. 2008.

[160] Bucharest Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Bucharest on 3 April 2008, paragraph 3. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_8443.htm?mode=pressrelease.

единствено може да се оствари само преку зајакнување на воените капацитети на ЕУ. Со поблиска соработка помеѓу НАТО и ЕУ треба да се избегнат непотребните трошоци кои би настанале со развој на непотребното дуплирање на воените капацитети и способности.

На овој Самит, НАТО полека се отвара за приклучување и на земјите кои не се членки на ЕУ и на НАТО кон развојот на заедничките воени капацитети и способности. Главната девиза на ваквата зајакната соработка и партнерство на Сојузничките лидери е дека „посилна ЕУ дополнително ќе ја зајакне заедничката безбедност". Тоа од друга страна ќе обезбеди и подобра стратегиска комуникација во напорите за постигнување на воените и политичките цели на НАТО.

Во поглед на партнерската политика на Алијансата, се оддава признание на реформите кои ги спроведуваат партнерите и за нивниот придонес во операциите предводени од НАТО. За НАТО од есенцијална важност е продлабочувањето на партнерствата со сите земји кои имаат партнерски односи со Алијансата. Во контекст на партнерската политика, во рамките на соработката и дијалогот, како и во нивниот придонес во операциите, Алијансата се прилагодува на нивните конкретни интереси и можности.[161]

Од посебно значење за НАТО е унапредување на соработката со Русија во делот на обезбедување на логистичка поддршка на силите на Алијансата во Авганистан. Соработката се проширува и во делот на ракетната одбрана која само до пред две децении не можеше ни да се замисли.

Новина е и зголемената грижа на Алијансата во делот на сајбер нападите и заштитата на информатичките системи и во областа на енергетската сигурност. Во тој контекст, разгледан е „Извештајот за улогата на НАТО во рамките на енергетската безбедност" подготвен врз

[161] Ibid, paragraph 30 and 31.

основа на препораките од Рига. Извештајот ги идентификува водечките принципи и дава приказ на можностите и препораките за понатамошни активности пред се во „пет области каде НАТО може да го даде својот придонес: спојување и споделување на информациите и разузнувачките податоци; остварување на стабилност; унапредување на меѓународната и регионалната стабилност; поддршка во справувањето со последици и поддршка на заштитата на клучната инфраструктура.“[162]

Со одлуките кои се донесени на Самитот во Букурешт, Алијансата се обидува да започне нова фаза во нејзината трансформација, во развојот на капацитетие и способностите во соработка со другите меѓународни организации и со партнерите. Полека ги редефинира своите мисии со ставање на тежиште на цивилните активности наспроти воените и се обидува своите односи со Русија да ги стави на повисоко рамниште преку контролата на вооружувањето и равојот на антиракетната одбрана. Тоа е визијата на Сојузниците со која сакаат да ја зајакнат улогата на Алијансата во справувањето со безбедносните предизвици и закани во 21 век.

### *2.6 Самит на НАТО во Стразбур – Келн 2009година*

На Самитот на НАТО во Стразбург-Келн, одржан на 4 април 2009 година, Алијансата ја прослави својата 60 годишнина од своето постоење и повторното вклучување на Франција во воените структури на Алијансата. Овој Самит се одржа под силно влијание на заканата од редукција на одбранбените буџети како резултат на економската криза која ја зафати Европа и Северна Америка и зголемените трошоци и побарувања во други ресурси во војната во Авганистан, која спротивно на очекувањата на НАТО продолжи. На овој Самит НАТО најави дека

---

[162] Ibid, paragraph 48.

подготвува нов Стратегиски концепт, кој треба да биде усвоен на следниот Самит на Алијансата во 2010 година. Главни прашања по кои што се дискутираше беа безбедноста на Алијансата, состојбата во Авганистан и насоките за подготовка на новиот Стратегиски концепт на Алијансата.

Во Декларација за безбедноста на Алијансата се реафирмираат основните вредности, принципи и цели на Алијансата и клучната улога која ја има во обезбедувањето на безбедноста и стабилноста во Евроатлантската област и пошироко согласно целите и принципите на Повелбата на Обединетите Нации. Ваквиот ангажман на НАТО и обезбедил „на трансатлантската заедница единствена ера на мир и стабилност“.[163] Ова е овозможено благодарение на целокупната стратегија на НАТО поддржана од соодветни нуклеарни и конвенционални капацитети. Придонес во зајакнувањето на безбедноста и стабилноста има и историското проширување на НАТО со земјите од Централна и Источна Европа, кое на овој самит беше збогатено и со две земји од Западен Балкан, Хрватска и Албанија. По повод членството на овие земји во НАТО, претседателот на САД, Барак Обама ќе истакне дека „вратата за членство ќе остане отворена и за други земји кои ќе ги исполнуваат стандардите на НАТО и кои ќе можат да дадат значаен придонес за безбедноста.“[164]

Ваквите промени во стратегиското безбедносно опкружување придонесоа НАТО да го задолжи Генералниот Секретар да го отпочне „процесот за создавање на нов Стратешки концепт кој ќе ја дефинира долгорочната улога на НАТО во новата безбедносна средина на 21-от век,

[163] Declaration on Alliance Security , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl on 4 April 2009, paragraph 1, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52838.htm?mode=pressrelease.
[164] Opening remarks by US President Obama at the Strasbur/Khiel Summit, 4 April 2009.

но и да даде предлози за негова имплементација.“[165] Американскиот претседател Барак Обама на самитот на НАТО во својот говор истакна дека „на НАТО му треба нова визија бидејќи само така може да се совладаат предизвиците на 21 век.“[166] Како предвесник за Новиот Стратегиски концепт на Алијансата, во Декларацијата за безбедност се потенцира важноста на новите предизвици и закани по безбедноста, кои не беа земени во предвид при носењето на претходниот концепт во 1999 година. Безбедноста на Алијансата се поврзува и со безбедноста на другите држави кои се надвор од Евроатланската област. НАТО и сојузниците се отворени за дијалог во широк, кооперативен пристап кон Евроатлантската безбедност.[167] Така како клучни безбедносни предизвици и закани со кои се соочува Алијансата и светот се наведуваат енергетската безбедност, климатските промени, како и нестабилноста која доаѓа од слабите и западнати држави, кои можат исто така да имаат негативно влијание на сојузничката и меѓународната безбедност.[168]

За да биде подготвена да се соочи со новите предизвици и закани кои директно влијаат на територијата на Алијансата, на стратешка далечина или блиску до дома, НАТО продолжува со реформата на структурите и командите, но и во развојот на пофлексибилни и пораспоредливи капацитети подготвени за распоредување во секое време каде и да се појави потребата од одговор на кризата.[169] Соработката со останатите меѓународни организации останува и понатаму клучна во поопсежниот

[165] Strasbourg / Kehl Summit Declaration , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl, paragraph 1, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52837.htm?mode=pressrelease.
[166] Opening remarks by US President Obama at the Strasbur/Khiel Summit, 4 April 2009.
[167] Strasbourg / Kehl Summit Declaration , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl, paragraph 8, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52837.htm?mode=pressrelease.
[168] Declaration on Alliance Security , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl on 4 April 2009, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52838.htm?mode=pressrelease.
[169] Declaration on Alliance Security , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl on 4 April 2009, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52838.htm?mode=pressrelease.

пристап за справување со новите безбедносни предизвици и закани проследено со поефективно комбинирање на цивилни и воени капацитети. Во контекст на партнерската соработка, НАТО не ја испушти можноста да ги вклучи земјите низ Евроатлантскиот простор во партнерство и соработка со цел зајакнување на безбедноста, стабилноста и демократска трансформација.[170] Силното кооперативно партнерство со партнерите игра централна улога во спроведувањето на визија на Алијансата како заедница на споделени вредности и обврски. Ваквото кооперативно партнерство, посебно она со Русија најдобро и служи на безбедноста во Евроатлантската област.[171] Од Русија, како партнер на Алијансата се бара да се отвори за поголема соработка во делот на ракетната одбрана помеѓу Русија и НАТО. Тоа би требало да вклучува и максимална транспарентност и реципрочни мерки за изградба на доверба за отстранување на било какви грижи. Исто така, се бараат и модалитети како да се поврзат ракетните системи на САД и на НАТО со руските системи за ракетна одбрана во соодветно време.[172]

Покрај борбата со поморски сили против тероризмот во Средоземното море, НАТО активно се вклучу и во мисијата за борба против пиратството и вооружениот грабеж на море од Ртот на Африка до Сомалија. Ангажманот на Алијансата во оперсијата „Сојузнички заштитник“ е во духот на стратегиското партнерство со ЕУ и како поддршка на операцијата АТЛАНТА на ЕУ. Во тој контекст, Алијансата „ги разгледува можностите за можна долгорочна улога на НАТО за борба со пиратството, вклучувајќи и земање во предвид на соодветни, регионални барања за градење на

---

[170] Strasbourg / Kehl Summit Declaration , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl, paragraph 35, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52837.htm?mode=pressrelease.
[171] Declaration on Alliance Security , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl on 4 April 2009, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52838.htm?mode=pressrelease.
[172] Strasbourg / Kehl Summit Declaration , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl, paragraph 54, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52837.htm?mode=pressrelease.

поморски капацитети“.[173] Како против услуга на ваквиот ангажман на Алијансата во порбата против поморското пиратство, ЕУ треба да го зголеми својот активен ангажман со капацитети и способности во операциите на кризен менаџмент. За да одговори на ваквиот предизвик, НАТО и предлага на ЕУ покапацитетно да ја развие својата одбранбена димензија.

Во однос на војната во Авганистан, новина е обидот на Алијансата под изговор за преку-граничната безбедност, да изгради регионален пристап со вклучување на сите авганистански соседи во решавањето на овој проблем, особено на Пакистан. За таа цел се препорачува да им се даде на воените команданти максимум можна оперативна флексибилност за употреба на силите на Алијансата. Во Декларацијата за безбедност на Авганистан, може да се забележи и извесна доза на „загриженост“ кај Сојузниците, пред се поради проблемот со кој се соочува Алијансата по однос на недостиг од финансиски средства за мисијата ИСАФ, а кои не беа обезбедени и од Меѓународната конференција за Авганистан во Холандија на 31 март 2009 година. Поради тоа, НАТО сака повеќе да ги ангажира цивилните структури од другите меѓународни организации во мисијата во Авганистан. НАТО во својата мисија поголемо тежиште става на унапредување на квалитетот на обуката и менторство на авганистанската национална армија и полиција. Но проблем претставува обезбедувањето на оперативни тимови за менторство и врски (ОМЛТ) во поддршка на прогресивното проширување на Авганистанската национална армија до нејзината сегашна цел од 134 000 персонал.[174]

---

[173] Strasbourg / Kehl Summit Declaration , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl, paragraph 12, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52837.htm?mode=pressrelease.

[174] Summit Declaration on Afghanistan, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl on 4 April 2009, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52836.htm?mode=pressrelease.

# ГЛАВА 4 СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТ НА АЛИЈАНСАТА ОД 2010 ГОДИНА - „ACTIVE ENGAGEMENT, MODERN DEFENCE: STRATEGIC CONCEPT FOR DEFENCE AND SECURITY OF THE MEMBERS OF THE NORTH ATLANTIC TREATY ORGANISATION“

## 1. Причини кои доведоа до усвојување на стратегискиот концепт на Алијансата од 2010 година

Неполни две години од донесувањето на Стратегискиот концепт на Алијансата од 1999 година, светот се соочи со терористичките напади во САД на 9 септември 2011 година, кои придонесоа НАТО за прв пат во својата историја да се повика на членот 5 од Вашингтонскиот договор и да и даде помош на САД во борбата против тероризмот. Истата година, НАТО ја започна својата борба против тероризмот во Авганистан, а година дена подоцна и против Ирак. Авганистан и Ирак беа означени како држави кои го поддржуваат тероризмот и ги помагаат неговите активности. НАТО се соочи со една реална закана и реален безбедносен предизвик кој до тогаш не беше сметан како безбедносен предизвик и закана кој може да ја загрози безедноста на некоја држава. Почетокот на борбата против тероризмот отвори низа дилеми за самата Алијанса. Дискусиите се движеа во насоките дали Алијансата е подготвена за една ваква војна против глобалниот феномен – тероризмот, дали може да ја одбрани безбедноста на своите членки или дилемата изразена преку иронијата на поранешниот Генерален Секретар на НАТО Лордот Робертсон „старите мајмуни можат да научат нови трикови за да прават гримаси?” [175]

[175] Нано Ружин, „НАТО без стратегиски концепт“, http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=1015101435238&id=23&setIzdanie=22110

Потребата од одговор на ваквите и други дилеми, како и историското проширување на НАТО со земјите од Централна и Источна Европа и Балтикот се наметнаа како централно прашање за спроведување на радикална трансформација на Алијансата и подготовка на нов сеопфатен Стратегиски концепт. Во прилог на ваквиот приод одеше и се поголемиот предизвик од пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и сретствата за негова испорака и можноста за негова евентуална употреба во терористички цели. Справувањето со современите асиментрични закани побаруваше и развој на нови оперативни капацитети и способности во критичните области. Дополнително влијание имаше и барањето на партнерите за членство во Алијансата и улогата на новата партнерска политика на НАТО посебно со Русија, Украина, Грузија, глобалните партнери, Медитеранскиот дијалог, Истанбулската иницијатива за соработка, но и стратегиското партнерство со ЕУ.

Меѓутоа, ширењето на НАТО кон просторите од поранешниот Советски Сојуз кои се од стратегиски интерес на Русија, предизвикаа негодување кај политички и економски опоравената Русија. Со приемот на балтичките држави во Алијансата и плановите за прием во блиска иднина на Украина и Грузија во НАТО, придонесоа Русија повторно да ја демонстрира својата моќ на овие простори. Ваквата демонстрација на моќ на Русија, проследена со економски и енергетски мерки, беше изразена во најлош момент за земјите од Европа и претставуваше „предворје“ на економската криза од 2009 година. Од економската криза на европско и светско тло најмногу профитираше Германија, која излезе како нов политички лидер во Европа.

Во ваква состојба на односите, на Алијансата и беше неопходна демонстрација на решителноста како од периодот на Студената војна. Различните ставови помеѓу традиционалните европски партнери и САД околу иднината на Алијансата предизвикаа да се стави под знак

прашалник одлучноста за акција против Русија. Отсуството на решителност беше основната причина поради која САД и НАТО не успеаја да се договорат околу одговор на воената интервенција на Русија во Грузија. „Причина за тоа не беше недостигот од војска на САД, туку одбивањето на Германија и на Франција да ги ризикуваат односите со Русија поради Грузија. “[176]

Овие дилеми побараа брз одговор од НАТО. Делимични решенија од страна на лидерите на НАТО беа понудени преку самитските документи на Алијансата, од кои може да се види дека се гради нов прагматичен пристап во справувањето со новите безбедносни предизвици, во кое централно место завзема трансформацијата и политиката на развој на нови распордливи капацитети и способности. Односно, НАТО требаше да постави нови цели кои се наметнаа како логичен одговор на промената на контексот на традиционалните конвенционални со асиметрични и неконвенционални закани по безбедноста на Алијансата.

Овие промени во основа беа групирани во пет главни области: членството на Алијансата; реформите во цивилните и во воените структури на НАТО; прифаќањето на новите улоги; развојот на новите капацитети, и промовирањето на новите односи.[177]

Во февруари 2005 година се одржа Минхенската конференција за Политиката на европската безбедност, на која тогашниот германски канцелар Шредер, истакна дека „НАТО не е повеќе главен простор во чии рамки трансатлантските партнери дискутираат и ги координираат нивните стратегии”. Десетина дена подоцна, претседателот Буш за време на посетата на Европа во Брисел ќе изјави: „НАТО останува најзначајната институција за размена и договор на сојузниците за најзначајните безбедносни и

[176] Нано Ружин, „НАТО без стратегиски концепт“, http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=1015101435238&id=23&setIzdanie=22110
[177] NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2006, стр.22.

политички прашања. "[178] Судирот на интересите и недоразбирањето е повеќе од евидентно.

Во такви услови на неизвесност, членките на НАТО решија да ги воспостават Силите за одговор со цел да ги употребуваат насекаде онаму каде се тие неопходни. Притоа, се издвојуваат три елементи, кои самите по себе претставуваат составен дел на еволуцијата на евроатлантизмот. Првиот елемент е воспоставувањето на безбедносното партнерство. Вториот елемент е употребата на сила во управувањето и стабилизацијата на кризите и тоа најнапред на Балканот, а потоа и во Централна Азија. Третиот елемент е реструктуирањето на силите кои произлегоа од студената војна.[179]

Во својот говор од 28.05.2009 година пред студентите од НАТО Колеџот за одбрана во Рим поранешниот генерален секретар на НАТО Јап де Хоп Шефер, во контекст на изготвувањето на новиот Стратешки концепт ќе истакне дека „Претходниот концепт не ги земал предвид настаните од почетокот на 21 век, како што се оние од 11.09.2001 година и ангажирањето на НАТО во Авганистан... ниту огромната трансформација на Алијансата која од евроцентрична ги надминува границите на Европа".[180]

Од Вашингтонскиот Самит од 1999 година и од тогаш усвоениот Стратегиски концепт, во Европа се случија значајни промени. Имено, во периодот од Стратегискиот концепт од 1999 година до новиот Стратегиски концепт од 2010 година, Алијансата се прошири во четири последователни круга со нови 12 земји членки, најголем дел од силите на САД се повлекоа од Европа и се стационираа на Средниот Исток и

---

[178] Нано Ружин, НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Скопје: Фондација „Фридрих Еберт", 2005.
[179] Исто.
[180] Speech, by NATO Secretary General Jaap de Hoop Scheffer at the NATO Defense College, Rome, 28 May 2009, http://www.nato.int/cps/fr/natohq/opinions_55199.htm?selectedLocale=en.

Централна Азија, се воспостави Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, која ја направи ЕУ нов стратешки партнер, Франција се врати во интегрираната воена команда и целосно и пристапи на НАТО и друго.

Сите овие промени во стратегиското безбедносно опкружување во Евроатлантската област беа солидна основа за на Самитот на НАТО во Стразбур-Келн да се најави изработката на Новиот стратегиски концепт на Алијансата кој што ќе биде усвоен на Самитот на Алијансата во Лисабон во 2010 година.

**2. Стратегиски концепт на Алијансата од Лисабон 2010 година - „Активен ангажман, модерна одбрана: Стратегиски концепт за одбрана и безбедност на членките на Севрноатлантската договорна организација“**

Во ноември 2010 година во Лисабон, НАТО го усвои својот седми по ред стратегиски концепт насловен како „Активен ангажман, модерна одбрана: Стратегиски концепт за одбрана и безбедност на членките на Севрноатлантската договорна организација“ (Active Engagement, Modern Defence: Strategic concept for Defence and Security of the members of the North Atlantic Treaty Organisation). Во овој Концепт имплементирани се искуствата и научените лекции на НАТО од учеството во операциите. Тоа го покажува и сеопфатниот пристап кој го гради Алијансата во одговорот на кризите со вклучување на политички, цивилни и воени инструменти. Овие инструменти се од посебен интерес за иднината на НАТО. Во Концептот опишани се целите и фундаменталните задачи на НАТО преку кои се одразуваат главните постулати на стратегиската околина, се прикажува новиот пристап и улога на НАТО во зачувувањето на

безбедноста и се обезбедуваат понатамошни насоки за развојот на воените капацитети и способности. Преку имплементација на решенијата од овој Концепт, НАТО планира да си ја обезбеди водечката улога во зачувувањето на безбедноста и мирот во меѓународната заедница. Тоа го прави преку развој на неговите воени способности и капацитети и преку обезбедување на долгорочна економска и финансиска поддршка на своите мисии. Новиот стратегиски концепт на Алијансата претставува и нов акционен план со кој НАТО ќе стане поефикасен од кога и да е порано. Според Генералниот Секретар на НАТО Расмусен "НАТО е заедница на слобода, мир, безбедност и заеднички вредности. Но светот се менува, а ние се соочуваме со нови закани, па со новиот концепт обезбедуваме НАТО и натаму да биде ефикасен во обраната на мирот и просперитетот".[181]

Овој Концепт содржински се состои од десет политики кои вклучуваат вовед, определување на суштинските задачи и принципи, прецизно опишување на безбедносната околина, одбрана и одвраќање, безбедност преку кризниот менаџмент, промовирање на меѓународната безбедност преку соработка, контрола на вооружувањето, разоружување и непролиферација, политика на отворена врата, партнерска политика, процес на реформи и трансформација и визија за Алијансата во 21 от век.

Во вовениот дел се потенцира дека „овој Стратегиски концепт ќе не води во следната фаза од еволуцијата на НАТО која продолжува да биде ефективна во променливиот свет, против новите закани со нови способности и партнери".[182] На партерите им се нуди зголемен ангажман не само во придонесот во операциите предводени од НАТО туку и во работата на структурите и воените команди на Алијансата. Своите мисии

---

[181] „Нови задачи за НАТО", http://www.dw-world.de/dw/article/0,,6220230,00.html.

[182] Active Engagement, Modern Defence, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organisation adopted by Heads of State and Government in Lisbon on november 2010, Preface, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_68580.htm.

за заштита на мирот, безбедност и стабилност во променливиот свет, НАТО планира да ги реализира со одбрана на земјите членки и промоција на заедничките и споделени вредности, со распоредување на робусни сили каде што ќе биде побарано и каде што има потреба во соработка и со партнерите.[183]

Во однос на политиката на суштинските задачи и принципи на Алијансата, се наведува дека тие произлегуваат од принципите од Вашингтонскиот договор од 1949 година. Меѓутоа, современата безбедносна околина и променливите закани побаруваат и посеопфатен пристап во зачувувањето на безбеднсота, стабилност и мирот на земјите членки и на меѓународната заедница. Својот фокус НАТО го става на исполнувањето на следните суштински задачи во согласност со меѓународното право:[184]

- Колективната одбрана. НАТО ќе ја остварува во согласност со член 5 од Вашингтонскиот договор;

- Кризен менаџмент. НАТО располага со уникатен и робусен сет на политички и воени капацитети и способности за изведување и справување со операциите од кризниот менаџмент пред појавата, за време или после појавата на кризата. Единствено што му недостасува на НАТО е располагањето со сопствени економски и финансиски ресурси;

- Кооперативна безбедност. Оваа задача е новина за НАТО и истата ќе се реализира преку активно ангажирање во унапредувањето на меѓународната безбедност, преку проширување на партнерствата со релевантните земји и меѓународните организации, со активен придонес во контролата на вооружување,

---

[183] Active Engagement, Modern Defence, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organisation adopted by Heads of State and Government in Lisbon on november 2010, Preface, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_68580.htm.
[184] Ibid, paragraph 4.

разоружувањето и непролиферацијата и продолжување на политиката на отворена врата за нови членки.

Исполнувањето на овие суштински задачи ќе биде поддржано со континуиран процес на трансформација, модернизација и реформи на Алијансата. Една од визиите и перспективите на НАТО е градењето на единствена колективна безбедност, од Ванкувер до Владивосток, како и поширока соработка со Русија.

Во однос на проценката на безбедносната околина и на безбедносните предизвици и ризици, НАТО поаѓа од главната премиса дека „во Евроатлантската област опасноста од конвенционална војна против НАТО е ниска, но истата не може во потполност да се игнорира.“[185]

Новата безбедносна околина дефинирана е како еволуирачки сет на закани. Централно место завзема борбата против тероризмот и верскиот екстремизам, но значење им се придава и на безбедносните предизвици и закани како што се пролиферацијата на нуклеранoто оружје и оружјето за масовно уништување и на средствата за негова испорака, појавата на нестабилност или конфликт надвор од границите на НАТО, банкрот на државите, сајбер-напади, на енергетската зависност, пиратеријата и климатските промени.[186]

Во однос на политиката за одбрана на територијата на земјите членки и одвраќањето на намерите за агресија, суштинска задача на Алијансата и понатаму останува како во претходните концепти односно потпирањето врз основа на членот 5 од Вашингтонскиот договор за колективна одбрана. Според Расмусен, НАТО само ги модернизира начините на одбрана за соодветен одговор на новите закани по безбедноста.

Во однос на одвраќањето, Алијансата предвидува да се потпира и да одржува соодветен микс на конвенционални капацитети и способности,

---

[185] Ibid, paragraph 7 and 8.
[186] Ibid, paragraph 9, 10, 11, 12, 13, 14 and 15.

ракетно-одбранбени сили и на нуклеарните потенцијали, Нуклеарните потенцијали на САД, Франција и на Обединетото Кралство се интегрален дел и клучен елемент на одвраќањето и колективната одбрана. Се додека постои нуклеарното оружје НАТО ќе остане нуклеарна сила.[187]

Остварувањето на безбедноста преку кризниот менаџмент се заснова на премисата дека конфликтите и кризите надвор од територијата на Алијансата можат да претставуваат директна закана по безбедноста на Алијансата. Тоа го покажуваат и научените лекции од ангажманот на НАТО во Авганистан и во Западен Балкан. Во изведувањето на овие операции ќе се користи сеопфатниот пристап на примена на политички, воени и цивилни механизми. Оваа политика НАТО планира да ја спроведе преку унапредување на разузнавачките капацитети и способности, понатамошниот развој на воените капацитети и способности, развој на способности за обука на локалните сили во кризните подрачја и преку зајакната соработка и консултации со партнетрите.[188]

И во овој Концепт, НАТО ја задржува политиката за унапредување на меѓународната безбедност преку соработка во контролата на вооружувањето, разоружувањето и не пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и нуклеарното оружје со неговите средства за испорака. Целта е да се создаде свет без нуклеарно оружје и со транспарентен пристап кон конвенционалното вооружување. Според шефот на германската дипломатија Гидо Вестервеле „НАТО не е единствено воен сојуз, тој е трансатлантска заедница на вредности! Со овој НАТО - стратегиски концепт НАТО ќе се позанимава со разоружувањето и контролата на вооружување“[189]. Ова треба да обезбеди постабилен и побезбеден свет за живеење. Во основа тоа е визијата на

---

[187] Ibid, paragraph 16 and 17.
[188] Ibid, paragraph 20,21,22,23,24, and 25.
[189] „Нов концепт на НАТО за 21-виот век“,http://www.makdenes.org/content/article/2225526.html.

Обама „за создавање свет без атомско оружје“[190], но НАТО сепак останува нуклеарна сила. Визијата на Обама подразбира НАТО да ги спознае сопствените граници на нуклерното вооружување, а САД да го повлечат своето нуклеарно оружје од Европа.

Во поддршка на суштинските задачи, НАТО останува и понатаму отворен за прием на нови земји членки кои ќе ги исполнат неопходните критериуми. Според претставниците на НАТО во глобалниот свет, за НАТО и натаму многу важни остануваат партнерствата со државите кои ги делат интересите за безбедност, па оттука битно е и проширувањето на Алијансата.[191] Приемот на нови членки ќе придонесе за зацврстување на трансатлантската врска и консолидирање на Европа, но и за остварување на визијата за Европа целовита, слободна и во мир.

Проширувањето и продлабочувањето на партнерската политика на НАТО игра централна улога во овој Концепт и во реализацијата на суштинските задачи. Со понудените концептуални решенија, НАТО се повеќе ги отвора своите политички и воени структури кон партнерите и се обидува да ја продлабочи соработката и во сферата на политички консултации и во доменот на носењето на одлуки за областите од взаемен интерес. Во тој контекст, предложен е нов формат за соработка, консултации и политички дијалог - Северноатлантскиот совет плус земјата партнер. Од посебен интерес е развојот на автентичното партнерство со Русија. Тоа подразбира исчезнување на линиите на поделба и различното ниво на безбедност. Особено за НАТО е важно да се воспостави зајакната соработка со Русија во делот на антиракетниот штит преку вистинско партнерство. Според зборовите на претседателот на САД Барак Обама подобрувањето на односите со Русија има за цел „да се развие против

[190] „Нови задачи за НАТО“, http://www.dw-world.de/dw/article/0,,6220230,00.html.
[191] „Нов Стратегиски концепт на НАТО“, Лисабон 2010.

ракетна одбрана која ќе ги покрива и територијата на цела Европа и Соединетите Држави"[192].

Насоките за реформа и трансформација на Алијансата се очекува да обезбедат надминување на недостатокот на финансиски, воени и човечки ресурси кои се потребни за изведување на операциите. Со нивната имплементација предвидено е да се максимизираат распоредливите капацитети и нивната одржливост во операциите, да се обезбеди максимална кохерентност во одбранбеното планирање согласно Концептот за „паметна одбрана", да се развиваат здружени оперативни капацитети со почитување на солидарноста, да се зајакнат заедничките капацитети и да се продолжи со процесот на трансформација.[193] Притоа, предвидено е намалување на Комитетите на не повеќе од 100, проследено со намалување на командите за 35% персонал и околу 5.000 позиции. Ова треба да овозможи нова организација и нови релации со националните штабови врз регионална и географска основа и врз структурно организациска основа која ќе обезбеди најдобро донесување на одлуки. Ваквата реорганизација и трансформација на Алијансата треба да биде поткрепена со најмалки 1.6% издвојувања од БДП на сите зеји членки. Овие финансиски ресурси би биле доволни за одржување и унапредување на веќе постојните воени капацитети и способности.[194]

Имплементацијата на предложените концептуални решенија во овој Стратегиски концепт треба да го направат НАТО во Алијанса на 21 от век.

---

[192] „Нов концепт на НАТО за 21-виот век",http://www.makdenes.org/content/article/2225526.html.
[193] Ibid, paragraph 36 and 37.
[194] Sašo Kuzmanovsk „New Contemporary Security on the Aftermath of NATO Summit. Cognition and Understanding of the Lisbon Summit Declaration",http://ecbs.org.mk/index.php?option=com_docman&task=cat_view&gid=9&Itemid=17&lang=mk.

## 2. Одлуки на шефови на држави и влади од Самитите на НАТО 2010-2014 година

### *2.1 Самит на НАТО во Лисабон 2010 година*

Самитот на Алијансата во Лисабон кој се одржа во ноември 2010 година беше трет последователен Самит во последните две години. Истиот претставува континуитет на претходните како по однос на политикете на Алијансата така и по однос на темите за кои се дискутираше. Главни теми за дискусија беа усвојувањето на новиот Стратегиски концетп насловен како „ „Активен ангажман, модерна одбрана: Стратегиски концепт за одбрана и безбедност на членките на Севрноатлантската договорна организација“, потоа тековната трансформација и реформа на Алијансата и најважната тема сосотојбата и плановите за транзиција во Авганистан.

Во однос на Новиот стратегиски концепт од 2010 година зборувавме во претходниот поднаслов, а овде ќе се задржиме на останатите документи – „Декларацијата од Самитот во Лисабон“, „Декларацијата за ИСАФ“ и „Декларацијата за Партнерство со Авганистан“.

Како што претставува вообичаена пракса после секој самит на Алијансата се усвојуваат методолошки кратки и јасно структуирани документи кои ги презентираат основните вредности, принципи, планови и визии поодделно по секоја област. Во Декларацијата од Самитот од Лисабон опфатени се конкретните заложби и планови на Алијансата кои произлегуваат од концептуалните решенија понудени во Новиот стратегиски концепт од 2010 година.

Декларацијата е структуирана во 54 параграфи во кои се даваат насоки како да се реализираат конкретните политики на Алијансата за да се постигнат суштинските задачи и принципи врз кои се потпира НАТО, а

кои произлегуваат од Вашингтонскиот договор, Стратегискиот концепт од 2010 година, од Повелбата на ООН, солидарноста и меѓународното право. Истите претставуаат континуитет на претходните Самитски и концептуални заложби на Алијансата. Новина претставува јасното дефинирање на суштинските задачи кои покрај традиционалните колективна одбарна и кризен менаџмент вклучуваат и кооперативна безбедност.[195]

Во однос на проценета на стратегиското безбедносно опкружување и заканите со кои се соочува Алијансата, дадени се истите предвидувања изложени во Новиот стратегиски концепт од 2010 година. Справувањето со безбедносните предизвици и закани ќе се спорведува преку примена на постојната палета на мерки, активности и операции кои ги изведува Алијансата во постојните мисии. Реафирмирана е и зајакнатата соработка со меѓународните организации и другите институции врз принципите на меѓународното право. Останува дилемата зошто НАТО повторно го потенцира почитувањето на принципите на меѓународното право, кое во поголем дел на случаеви беше заобиколувано. Најверојатно идејата е резултат на заложбите за сеопфатниот пристап кон безбедноста и изведувањето на мисиите за стабилизација и реконструкција кои сега побаруваат вклучување покрај воените сили, и на цивилните и политичките елементи. Од друга страна тоа може да се разбере и како подадена рака за унапредување на односите со другите меѓународни институции и ООН.

Опфатени се и тековните операции во кои е ангажирана Алијансата, но безбедноста на Авганистан се уште е клучниот приоритет. Во тој контекст, дадени се проекциите и плановите како ќе се одвива транзициониот период проследен со нова мисија која ќе има тежиште на

[195] Lisbon Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Lisbon, on 20 Nov. 2010.

реконструкцијата и стабилизациојата во оваа земја. Предвидено е постојната мисија ИСАФ да заврши до крајот на 2014 година, а новата мисија за стабилизациоја и реконструкција да брои помалку ангажиран персонал.[196] Со цел да се зголеми довербата помеѓу Алијансата и авганистанската влада, реафирмирано е партнерството со Авганистан во насока на сеопфатниот пристап кон воспоставувањето на безбедноста и стабилноста во оваа држава. Со реафирмираното партнерство на Авганистан му се нудат зајакнати механизми за политички консултации и воен дијалог кои се потребни за поддршка на изградбата на демократски институции.[197] Тоа треба да овозможи засилена подготовка на авганистанската влада за прифаќање на безбедносните обврски и борбените дејства после 2014 година. Со тоа земјите членки на Алијансата и нејзините партнери, го започнаа процесот на подготовка за транзиција во Авганистан кој треба да вклучува и намалување на бројот на распоредените воени сили.

Политичките насоки предвидуваат Алијансата да располага со одбранбени планирачки капацитети кои се потребни за ангажирање и координација помеѓу воените и цивилните способности за изведување на операциите од кризниот менаџмент. Предвидувањата се дека цивилните планирачки капацитети би спровеле поефикасно и поадекватно планирање во кризниот менаџмент.

Во Декларацијата посветено е внимание и на продолжувањето на политиката на отворена врата и се охрабруваат земјите аспиранти да продолжат со спроведувањето на реформите. Воедно, се одразува и поефикасната и пофлексибилна парнерска политика, како и зајакнатиот однос со партнерите и зголемените побарувања во однос на придонесот во

[196] Declaration by the Heads of State and Government of the Nations contributing to the UN-mandated, NATO-led International Security Assistance Force (ISAF) in Afghanistan Issued on 20 Nov. 2010.
[197] Declaration, by the North Atlantic Treaty Organisation (NATO) and the Government of the Islamic Republic of Afghanistan on an Enduring Partnership signed at the NATO Summit in Lisbon, 20 Nov 2010, Portugal.

меѓународните операции. Посебно се нагласува потребата од зајакната соработка и вистинско партнерство со Русија и се нудат конкретни области каде е потребно продлабочување на соработката. Од особен интерес за Алијансата е соработката цо Русија во делот на развојот на капацитетите за ракетна одбрана, со отворена можност за вклучување и на други заинтересирани земји од случај до случај.[198]

Реформата и трансформацијата на Алијансата е во фокусот на интерес и на овој самит. Тежиштето е ставено на редукција на постојните воени командни структури. Редукцијата на структурите и персоналот треба да и овозможи финансиска заштеда на Алијансата која би била употребена во поддршка на развојот на неопходните капацитети за справување со импровизирани експлозивни направи, на медицинските и логистичките капацитети за поддршка, за одбрана против сајбер нападите, развој на поефикасен комуникациски систем и слично. Најголем дел од предвидените проекции по одредените области поврзани се со конкретни акциони планови со соодветни механизми за спроведување и соодветна методологија за следење на нивната имплементација.

На овој Самит, за разлика од минатото, се зајакнува одговорноста и овластувањата на Генералниот секретар во однос на процесот на реформа и трансформација на Алијансата.

### *2.2 Самит на НАТО во Чикаго 2012 година*

Во мај 2012 година во Чикаго се одржа Самитот на НАТО на кој се дискутираше за консолидирање на постојните и прецизирање на идните правци на дејствување на Алијансата. Лидерите на НАТО отворија и низа

[198] Lisbon Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Lisbon, on 20 Nov. 2010.

прашања поврзани со безбедносните предизвици и закани со кои актуелно се соочува Алијансата и со кои се очекува да се соочува во иднина. Главен предизвик со кој се соочија Шефовите на држави и влади на овој Самит беше оној „со финансиските потешкотии на современото војување и мировните операции, како и со континуираната надградба на способности и капацитети и постигнувањата на „повеќе со помалку" што неминовно побарува реформи и во функционирањето на Алијансата."[199] Односно, според Претседателот на САД, Барак Обама, „тука сме да инвестираме во одбранбените способности и новите технологии кои се потребни за колективната одбрана"[200]. Ваквите предизвици ја поттикнаат Алијансата да превземе нов чекор на реформи и усогласување на ставовите по однос на „нуклеарното одвраќање наспроти одбрана од проектили, предавање на надлежностите за безбедноста во Авганистан и обезбедување на финансиски средства наместо борбените операции по 2014 година и изградба на нови заеднички капацитети и способности со проекција до 2020 година наместо нарушена интероперативност."[201]

Од Самитот во Чикаго произлегоа четири документи во кои се дадени политичките насоки и принципи по кои треба да постапуваат и да се водат земјите на НАТО во иднина. Четирите главни документи се: Декларацијата на шефови на држави и влади од Чикаго, Декларацијата за развој на одбранбените способности и НАТО силите до 2020 година, Декларација за Авганистан и Преглед за поставеност на одвраќање и одбрана.

Најважен Документ е Чикашката декалрација во која се содржани основите на останатите три документи. И во оваа Декларација, како и на

[199] Ѓорески, И. „Република Македонија и Самитот на НАТО во Чикаго - Ден потоа", ШТИТ, Министерство за одбрана, бр.35, јули 2012 година, стр.47.
[200] Barrack Obama, "Opening Session of the North Atlantic Council", 20 May Chicago, 20 May Chicago, http://www.youtube.com/watch?v=LUzaVKl7rk8.
[201] Ѓорески, И. „Република Македонија и Самитот на НАТО во Чикаго - Ден потоа", ШТИТ, Министерство за одбрана, бр.35, јули 2012 година, стр.47.

претходните самитски Декларации, лидерите на НАТО ги реафирмираа основните заложби и принципи на Алијансата посветени на јакнењето на трансатлантската врска и солидарноста со потенцирање на поврзаноста и неделивоста на безбедноста во Евроатлантската област. Во својот говор по повод отворањето на состаноскот со Северноатлантскиот совет, Генералниот секретар на НАТО, Андреас фог Расмусен ќе потенцира дека „ние ќе продолжиме да градиме свет кој ќе биде побезбеден и подобро место за живеење"[202] Ваквиот пристап треба да обезбеди унапредување на колективната безбедност на Алијансата, а значење и се придава на секоја земја, без разлика дали е членка или партнер. Тоа најдобро е искажано со зборовите на Претседателот на САД Барак Обама кој вели дека „секоја земја на различни начини, воено, политички, финансиски придонесува во операциите на НАТО и сите сакаат да работиме повеќе заедно. Да се види широкоградоста на овие земји претставени на состанокот е да се види како НАТО навистина стана центар на глобалната безбедност."[203]

И на Самитот во Чикаго посебен акцент беше ставен на „Срцето на Азија" („Heart of Asia") односно на безбедноста и стабилноста на Авганистан, која и понатаму останува приоритетна за Алијансата.[204] Тука лидерите на Алијансата ги потврдија своите заложби од Самитот во Лисабон по однос на плановите за повелкување од Авганистан и започнување на новата фаза на транзиција посветена на реконструкција и стабилизација на земјата. „Во последните две години, ние постигнавме значителен прогрес...оваа недела видовме уште повеќе прогрес...денес ние ќе одлучиме за следната фаза од транзицијата".[205] Повелекувањето на

---

[202] Andreas Fogh Rasmussen, "Opening Session of the North Atlantic Council", 20 May Chicago, http://www.youtube.com/watch?v=LUzaVKl7rk8.
[203] Атанасов,Гоце., „Обама: НАТО е посилен по самитот во Чикаго", Макденес, http://www.makdenes.org/content/article/24588838.html.
[204] Chicago Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Chicago on 20 May 2012.
[205] Welcoming remarks by United States President Barack Obama at the meeting on Afghanistan in Head of States and Government Format, 21st May 2012, Chicago.

силите од ИСАФ мисијата во Авганистан треба да заврши до 31 декември 2014 година со што ќе се покаже подготвеноста на Авганистанските безбедносни сили за контрола на над 75% територијата на државата. Во овој транзициски процес Сојузниците тежиштето ќе го фокусираат на помошта на Авганистанските безбедносни сили во делот на обуката, извежбувањето и менторството. Предложени се и неколку иницијативи, како продолжение на залагањата на државниот секретар Хилари Клинтон од 2012 година во однос на порецизно определувањето на односите помеѓу Сојузниците и Авганистанската влада, зајакната поддршка во транзициониот период и помошта на Авганистанските безбедносни сили.[206]

Во Декларацијата посветено е и внимание по однос на кризата во Сирија и во Либија. За состојбата во Либија се вели дека благодарение на брзата и одлучна интервенција на пошироката меѓународна заедница „Алијансата играше критична улога во заштитата на цивилите во Либија“[207]. Додека во случајот со кризата во Сирија, Алијансата изрази само загриженост за состојбата и ја даде својата поддршка на Арапската лига и на Советот за безбедност на ООН да изнајдат соодветно решение со кои би и се ставило крај на состојбата во која се наоѓа оваа држава.

Развојот и унапредувањето на партнерската политика со стратегискиот партнер ЕУ, со останатите партнерства и соработката со меѓународните заедници е од витално значење за Алијансата. Тука е реафирмирана заложбата за континуитет во политиката на „отворена врата“ со потенцирање на прогресот кои го имаат заемјите аспиранти. Целта на Алијансата е да се развие зајакната регионална соработка и „поефективна и флексибилна партнерска политика“. Ваквата партнерска

[206] Chicago Summit Declaration on Afghanistan, Issued by the Heads of State and Government of Afghanistan and Nations contributing to the NATO-led International Security Assistance Force (ISAF).
[207] Chicago Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Chicago on 20 May 2012.

политика не е насочена само кон земјите од Западен Балкан туку и кон односите со Украина и Русија. За НАТО стабилноста и демократијата во Украина се едни од круцијалните фактори за зајакнатата стабилност и безбедност во Евроатлантската област. Додека на соработката со Руската Федерација, НАТО ја гледа стратегиската улога на Русија во унапредувањето на безбедноста, стабилноста и мирот во светски рамки. Ваквата, повеќе декларативна изјава е насочена кон поголема транспарентност во соработката помеѓу „НАТО и Русија во Центарот за собирање на ракетни податоци“ (NATO – Russia Missile Data Fusion Centre).[208]

Како и во Декларацијата од Лисабон и во оваа Декларација се гледа загриженоста на Алијансата од ширењето на оружјето за масовно уништување од страна на „клубот на држави“ на кои им е забранет пристапот до овој вид на оружје, како Северна Кореја и Иран. Посебно е критикувана ракетната програма на Северна Кореја. Ваквото непридржување и на други земји кон Договорот за непролиферација на оружјето за масовно уништување, беше една од причините НАТО со Стратегискиот концепт од 2010 година во својата зона на интерес да го стави и развојот на Антиракетните одбранбени способности во поддршка на колективната самоодбрана. Тоа подразбира зајакната воздушна и друг вид на контрола над небото на Сојузниците. Како прв чекор во реализација на оваа идеја е развојот и воспоставувањето на Активно поврзани проектили за антибалистичка одбрана на Алијансата. Ваквиот приод е во согласност со концептуалното решение од Стратегискиот преглед од 2010 година за одвраќање, колективна самоодбрана и кооперативна безбедност. Остварувањето на овие концепциски цели побарува и соодветни

[208] Ibid,

конвенционални и нуклеарни потенцијали особено во еволуирачкото безбедносно опкружување во кое се наоѓа Алијансата.[209]

Во однос на реформата на командите структури и служби на Алијансата се предвидува нивна рационализација до крајот на 2015 година, преселување во новиот Штаб во 2016 година, како и во реформите на НАТО агенциите и ресурсите.

Со Декларацијата за развој на одбранбените способности и НАТО силите до 2020 година тежиштето се става на реализација на заедничките заложби за развој на заедничките сили со соодветни способности за извршување на фундаменталните принципи и клучните задачи на Алијансата кои произлегуваат од колективната самоодбрана, кризниот менаџмент и кооперативната безбедност. Преку развојот на заедничките способности, лидерите на НАТО го реафирмираат и принципот на солидарност со кој се зајакнува трансатлантската врска помеѓу Северна Америка и Европа и соработката со партнерите во рамките на партнерската политика. Посебно важно за Алијансата е развојот на стратегиското партнерство и воените способности на ЕУ. На тој начин ќе се зајакне целокупната распоредлива способност на Алијансата во дефицитарните капацитети и способности неопходни за справување со постојните и идните предизвици по безбедноста, стабилноста и мирот не само во Евроатлантската област, туку и пошироко. [210]

На овој Самит, Алијансата си постави за цел до 2020 година да ги модернизира, опреми, извежба обучи и цврсто да ги поврзе своите распоредливи сили за да бидат подготвени да дејствуваат заедно со партнерите во секоја ситуација и средина. Ваквата цел е пред голем предизвик особено предизвикувачки се економските услови наспроти

[209] Deterrence and Defence Posture Review, Issued on 20 May. 2012, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_87597.htm?mode=pressrelease.
[210] Summit Declaration on Defence Capabilities: Toward NATO Forces 2020, Issued on 20 May. 2012, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_87594.htm?mode=pressrelease.

континуирана редукција на воените буџети. Планерите на Алијансата, како решение за постигнување на максимална ефективност и ефикасност на развојот на неопходните способности и рационализација на трошоците го понудија Концептот на НАТО за паметна одбрана. Овој Концепт треба да им овозможи на земјите членки, но и на партнерите да го избегнат дуплирањето во развојот на критичните способности преку заеднички мултинационални проекти во сферите од заеднички интерес. На овој начин, Сојузниците очекуваат Силите за одговор на НАТО да ја зголемат својата способност за заедничко дејствување во актуелните операции во кои е инволвирана Алијансата, но и во идните операции.[211]

На прес конференцијата, Генералниот секретар на НАТО Расмусен ќе потенцира дека „дојдовме во Чикаго со цели и истите ги исполнивме...решивме да инвестираме паметно во нашата одбрана во време на штедење и се ангажиравме со нашите партнери во светот да ги пресретнеме предизвиците со кои сите се соочуваме во 21 век".[212] Слично размислување има и претседателот на САД, Барак Обама кој на прес конференцијата изјави дека ...„во крајна линија сите земји заминаа од Чикаго со Алијанса кој е посилна, поспособна и поподготвна за иднината. Како резултат на тоа сите членки, вклучувајќи ги и САД, се побезбедни и ние сме во посилна позиција во однос на безбедноста, просперитетот и слободата во светот."[213]

### *2.3 Самит на НАТО во Кардиф 2014 година*

Самитот во Велс се одржа во период кога НАТО се соочуваше со низа комплексни предизвици и закани кои се провлекуваа последните две децении и кои не беа земени за „сериозни закани" со Новиот стратегиски

---

[211] Ibid

[212] Press Conference by the NATO Secretary General, 21 May 2012, Chicago, http://www.nato.int/cps/en/natolive/events_84074.htm.

[213] Press Conference by the US President, 21 May 2012, Chicago, http://www.nato.int/cps/en/natolive/events_84074.htm.

концепт од Лисабон од 2010 година. Имено, со повлекувањето на Сојузниците од Ирак во 2008 година, не се предвиде заканата од растечкиот верски и милитантен радикализам во овој дел на Блискиот Исток. Неколку месеци после усвојувањето на Новиот стратегиски концепт во Лисабон, слично како и со усвојувањето на претходниот од Вашингтон со терористичките напади на САД, се случи „Арапската пролет“ во земјите од Северна Африка и на Блискиот Исток. Овие настани предизвикаа смена на долгогодишните автократски секуларни режими во овие земји и на сцена ги донесоа долгогодини забрануваните радикални верски политички движења. Трет елемент кој не беше земен за сериозна закана беше економски, политички и воено ревитализираната Русија која во последните две декади играше пасивна улога во настаните во Евроатлантската област и пошироко. Русија од една страна тивко се противеше на експанзијата на Алијансата кон Источна и Централна Европа, а од друга страна се обидуваше да изгради зајакнат партнерски однос со НАТО со цел да ги заштити своите стратегиски интереси во Европа и во Кавказот. Чувствувајќи дека се загрозени нејзините интереси во регионот на Црното море, Русија одлучно ја демонстрира својата моќ во ситуацијата со Украина.

Дополнително Алијансата беше соочена и со предизвиците поврзани со редукцијата на командата структура, со обезбедувањето на стабилно финансирање на нејзините операции кое драстично беше намалено во претходните години како резултат на економската криза. А нов предизвик претставуваше и воспоставувањето на новата мисија за стабилизација и реконструкција во Авганистан. Сето ова беше основа за дискусија на Самитот на НАТО во Обединетото Кралство во септември 2014 година.

Од Самитот произлегоа „Декларацијата од Велс“, „Декларацијата за трансатлантската врска“ и Декалрацијата за Авганистан. Низ сите

самитски документи се забележува „загриженост“ и „вознемиреност“ од актуелните промени во безбедносната околина во Евроатлантската област.

Во „Декларацијата за трансатлантската врска“, јасно се гледа „вознемиреноста“ и „загриженоста“ на Алијансата од заканите со кои се соочува визијата за Европа целовита, слободна и во мир. Заканите пред се се резултат на како што се вели „нелегитимната анексија на Крим од страна на Русија“[214], како и на растечкото насилство во Северна Африка и Блискиот Исток. Охрабрени од дводеценисната моќ на водечки промотори на демократските вредности на либерал демократијата, лидерите на НАТО „малку подзаборавија“ на предупредувањата на „опоравената и зајакната“ Русија за немешање во нејзините интереси со Украина, Белорусија и во регионот на Кавказот. Демонстрацијата на одлучност и моќ на Русија во случајот со Украина, предизвика „паника“ кај лидерите на НАТО и ја актуелизира две децении заборавената закана од конвенционална војна во Евроатлантската област. Економските мерки кои ги превзедоа земјите на ЕУ и земјите на НАТО, со цел да ја „казнат“ Русија, на мала врата ја актуелизираат и можноста од „Нова Студена војна“ проследена со „Нова трка во вооружувањето“. Ваквиот развој на настаните би предизвикал сериозни последици по мирот, безбедноста и стабилноста во Евроатлантската област. Меѓутоа, Алијансата не претставува закана по безбедноста на Русија.[215]

Со цел да се спречи понатамошното „изненадување“ од слични ситуации, НАТО го усвои Акциониот план за готовност на силите на Алијансата. Овој Акционен план вклучува низа на кохерентни и напредни мерки неопходни за јакнење на колективната одбрана и одговор на

[214] The Wales Declaration on the Transatlantic Bond, Issued on 05 Sep. 2014, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_112985.htm.
[215] Wales Summit Declaration, Issued on 05 Sep. 2014 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Wales.

промените во безбедносната околина.[216] Со овој Акционен план се предвидува да се искористи дводецениското искуство од меѓународните операции, да се зајакнат воените способности и да се зголеми готовноста и одговорноста на способностите на Алијансата вклучувајќи ја и распоредливоста. Овие проекции во прв ред го вклучуваат унапредувањето на одговорноста на Силите за брз одговор преку развој на пакет на сили кои ќе бидат способни да се движат брзо и да одговорат на заканите. Како дел од овие сили се воспоставуваат и „ Здружени наменски сили со многу високо ниво на готовност“, кои ќе бидат распоредени на границите на НАТО и способни да одговорат на кризата за неколку денови. Ваквите сили ќе бидат поддржани со соодветна ефективна командна структура.[217]

Меѓутоа, посочените проекции неопходно е да бидат поддржани со силни економии кои ќе овозможат соодветно долгорочно и стабилно финансирање. Поради тоа, Алијансата препорачува сите земји членки, во наредната декада да ги консолидираат своите издвојувања за одбранбените трошоци до најмалку од 2% од Бруто домашниот производ. Но, за да се оствари оваа проекција за зголемување на трошоците за потребите на одбраната, неопходна е и здрава економија за да ја поддржи реализацијата на поставените приоритети во развојот на способностите. Зајакнатата трансатлантска врска ќе обезбеди и „балансирано споделување на трошоците и одговорностите помеѓу НАТО сојузниците и ЕУ членките“[218]. Силната европска одбрана ќе придонесе за уште посилен НАТО во промоцијата на споделените заеднички демократски вредности.

[216] Wales Summit Declaration, Issued on 05 Sep. 2014 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Wales.
[217] Wales Summit Declaration, Issued on 05 Sep. 2014 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Wales.
[218] The Wales Declaration on the Transatlantic Bond, Issued on 05 Sep. 2014, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_112985.htm.

Ваквите проекции треба да бидат поддржани од широко воспоставената мрежа на партнерства.

На партнерите им се нуди нов механизам за соработка и за изградба на капацитети и способности за придонес во операции без распоредување на поголеми борбени сили. Ваквиот механизам е воспоставен преку „Иницијативата за градење на капацитети поврзани со безбедноста и одбраната". Оваа иницијатива е составен дел од политиката на Алијансата за придонес во меѓународната безбедност, стабилност и превенција на конфликти. Оваа Иницијатива е отворена и за сите заинтересирани партнерски и не партнерски земји, како и за меѓународните и регионалните организации.[219]

Во однос на партнерството и ситуацијата во Авганистан, НАТО останува на плановите за завршување на ИСАФ мисијата до крајот на 2014 година. во „Декларацијата за Авганистан" се изразува одлучноста на Алијансата од почетокот на 2015 година да ја започне фазата на реконструкција и стабилизација која ќе се потпира врз следните постулати:

- на краток период, како што беше договорено во Чикаго во 2012 година, Алијансата воспоставува нова не борбена мисија „Одлучна поддршка". Преку воспоставувањето на оваа мисија, НАТО сака да демонстрира поддршка во подготвеноста и способноста на Авганистанските безбедносни сили да ја контролираат територијата на државата. Мисијата „Одлучна поддршка" е поддржана од Советот за безбедност, а е воспоставена врз основа на Билатералниот безбедносен договор помеѓу САД и Авганистан и Договорот за статусот на силите на НАТО во Авганистан.

---

[219] Wales Summit Declaration, Issued on 05 Sep. 2014 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Wales.

- на среден рок, до 2017 година, НАТО ќе пружи финансиска поддршка на Авганистанските безбедносни сили со тенденција финансирањето на овие сили да премине во надлежност на Авганистанската влада до 2024 година.

- долгорочно, Алијансата ќе продолжи да го развива и унапредува своето партнерство со Авганистан во согласност со партнерската политика на НАТО.[220]

Од Декларацијата од Велс, може да се забележи загриженост од рстечката експанзија на Исламската држава во Ирак и од нивните успеси во Сирија. Заедничка проценка на лидерите на НАТО е дека воспоставувањето на нови Исламски држави на Блискиот Исток ќе го наруши балансот на моќ и ќе претставува сериозна закана по регионалната стабилност во овој дел на Азија.

[220] Wales Summit Declaration on Afghanistan, Issued by Heads of State and Government of Allies and their International Security Assistance Force (ISAF) troop contributing partners Issued on 04 Sep. 2014.

**Заклучок**

После крајот на Втората светска војна, земјите од Западна Европа се соочуваа со повеќе предизвици по нивната безбедност. Имаа разнишани политички системи кои беа под силно влијание на комунистичката идеологија, уништена инфраструктура и економија, слаби армии, голема маса на сиромашни и невработени граѓани. Од другата страна се наоѓаше моќната машинерија на Советскиот Сојуз и новите комунистички земји од Источна Европа кои беа реална закана комунизмот да се прошири до Атлантскиот океан. Земјите од Запдна Европа соочени со ваквите предизвици, излезот го побараа во Сојузништвото со САД која беше единствената сила способна да му парира на СССР во секој домен. Така во 1949 година, во Вашингтон беше потпишан Основачкиот акт за создавање на Северноатлантската договорна организација – НАТО. Со потпишувањето на Вашингтонскиот договор од 1949 година, НАТО се обврза дека ќе се грижи за заштита на демократските вредности произлезени од либерал демократијата, безбедноста, стабилноста и мирот на земјите потписнички на договорот. Таа заштита ја остварува преку колективната одбрана на земјите членки и во согласност со принципите на Основачкиот акт за Северноатлантската договорна организација и Повелбата на Обединетите нации.

На почетокот, НАТО претставуваше Алијанса која се потпираше на нуклеарната моќ на САД и на поморските капацитети на Обединетото Кралство и на дивизиите составени од „работници“ наместо од војници. Во вакви услови беше усвоен и првиот стратегиски концепт на Алијансата „Иницијална стратегија на одвраќање и одбранбена специјалиизација“ (Initial Strategy of Deterrence and Defence Specialisation) усвоен во 1949 година. Овој Концепт имаше за цел да понуди концептуални решенија во

случај на евентуална нова голема војна со довчерашните сојузници од Антифашистичката коалиција. Со овој Концепт беа воспоставени и основните постулати и принципи врз кои ќе се потпира колективната одбрана на новоформираната Алијанса. Меѓутоа како што ситуацијата се влошуваше и се менуваше, така се менуваше и самата Алијанса и се прилагодуваше на новонастанатите ситуации во променливото стратегиско опркужување. Така ги прилагодуваше и своите концептуални решенија, но и се трансформираше. Во 1951 година беше усвоен вториот Стратегиски концепт на Алијансата МС 14/1 насловен како „Изградба на НАТО одбрана и колективна одбрана“ (NATO Defence Building and Collective Defence) кој беше во официјална употреба до 1957 година. Во овој период, Алијансата се фокусира на изградбата на колективната одбрана и на воспоставување на воена командна структура во земјите членки. Започна периодот на консолидација и изградба на Армиите на земјите членки проследено со нивна модернизација и опремување. Беа воспоставени Врховниот командант на сојузничките сили во Европа (SACEUR – NATO's Supreme Allied Commander Europe) и Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа (SHAPE HQ – Supreme Headquoters Allied Powers Europe), Северностлантскиот совет на ниво на шефови на држави и влади, се зголемија одбранбените трошоци за три пати во периодот од 1950 до 1954 година, „воспостави нови команди, постигна баланс помеѓу активната и резервната компонента на силите. Во Западна Европа вистинската воена моќ беше зголемена од 350 000 во 1949 на 600 000 војници во 1954 година. Со овој Концепт, Алијансата започна полека структурно да се оформува и да ги зајакнува своите воени капацитети и способности. Исто така, во овој период се случи и првото проширување со нови земји членки и тоа во 1952 година со Грција и Турција, а во 1955 година и со Западна Германија. НАТО полека заочна нова фаза во својата историја со тоа што сега тежиштето во колективната одбрана го префли на

стратегисксата нуклеарна моќ на САД и на ново формираните и консолидирани армии на земјите од Западна Европа.

Во 1957 година беше усвоен и третиот Стратегиски концепт „Стратегија за масовна одмазда“ (M.C. 14/2 Strategy for Massive Retaliation) и беше во функција во до 1967 година. Овој Концепт се јави како одговор на напредокот направен од страна на СССР во развојот на воените системи и оружје, а посебно во развојот на нуклеарното оружје и средствата за негова испорака на далечина. Наоѓајќи се во ситуација на се уште недоволно зајакнати конвенционални воени капацитети, а во екот на „Студената војна“ и трката во вооружување, земјите членки на НАТО фокусот во новите концептуални решенија го ставија на нуклеарната одмазда во случај на евентуален напад од СССР и Варшавскиот пакт. Меѓутоа, забрзано ги развиваа своите конвенционални сили, ги опремуваа со тогаш најнапредната технолошка воена опрема со тенденција конвенционалните сили да бидат подготвени за војување и во случај на нуклеарна војна. Во овој период, Западна Германија започна да ги развива своите воени капацитети, но со ограничување за развој на нејзините нуклеарни способности.

Во 1967 година, НАТО го промовира својот четврти Стратегиски концепт именуван како „Стратегија на флексибилен одговор“ (M.C. 14/3 Strategy of Flexible Response) чии период на важност беше до 1991 година. Овој Концепт беше заснован на контраверзниот предлог на Државниот секретар на САД Роберт Макнамара во 1962 година кој повикуваше на зацврстување на конвенционалните сили и нивно модернизирање со најсовремените технолошки достигнувања. Во основа во овој период, НАТО ги прифаќа концептуалните и доктринарни решенија на САД за тоа како најефективно и најефиксно да му се спротивстават на идеолошкиот противник во „Студената војна“ и во „трката во вооружувањето“. Времето ќе покаже дека, пренесувањето на тежиштето во „трката во вооружување“

од нуклеарните на конвенционалните сили е она „вистинското“ кое ќе доведе до крај на биполрната поделеност и до конечна победа во „Студената војна“. Имено, со концептуалните решенија во овој Концепт, НАТО поголемо значење им придава на развојот на конвенционалните сили и на нивното континуирано опремување и модернизирање со најсовремените достигнувања во науката и технологијата. Главната девиза беше дека во ваквата трка во креирањето на современи техничко-технолошки борбени системи ќе ја „исцрпи“ до крај економијата на СССР и ќе доведе до крај на конфронтацијата во 1991 година.

Крајот на „Студената војна“ по малку беше и изненадувачки за самиот НАТО кој не очекуваше дека толку брзо може да се сруши некогаш толку „силниот и моќен“ Советски Сојуз. Наоѓајќи се во вакава ситуација, пред Алијансата се постави дилемата дали да продолжи да егзистира како Алијанса на „ограничен“ број на земји членки или пак да се трансформира во Алијанса промотор на споделените демократски вредности на сите земји од Евроатлантската област. На Самитот на НАТО во Лондон во 1990 година, лидерите на земјите членки донесоа историска одлука со која се обврзаа да започнат процес на трансформација на Алијансата во насока на нејзино идно проширување со нови земји членки од Европа. НАТО одлучи „да им подаде рака на пријателство“ и соработка на довчерашните идеолошки портивници, кои одлучија својата иднина да ја градат врз демократските принципи на повеќепратиските избори, пазарната економија, почитувањето на човековите слободи, владеењето на правото. Беше донесена и одлука да се подготви и нов Стратегиски концепт на Алијансата кој ќе ја рефлектира новонастанатата состојба во променливото стратегиско безбедносно опкружување во Евроаптлантската област.

Новиот стратегиски концепт на Алијансата, беше усвоен на Самитот на НАТО во Рим во 1991 година. За прв пат во својата понова историја,

НАТО својата проценка на стратегиското безбедносно опкружување ја базираше на претпоставката дека „заканата од конвенционална војна во Европа е многу мала, но не може да се исклучи во потполност“. Тешиштето на овој концепт беше ставено на соработката со новите партнери од Европа, но и на почитувањето на завршниот документ на КЕБС од Хелсинки и на придржувањето кон договорите за разоружување во Европа. Креира бројни механизми и алатки за соработка со земјите од Источна и Централна Европа. Овие механизми и алатки имаа за цел да им се даде помош и поддршка на земјите да ги реформираат своите безбедносни и одбранбени системи. Целта беше да се подготват армиите на овие земји за идно членство во Алијансата. Еден од најпрепознатливите механизми на НАТО е Партнерството за мир промовирано на Самитот на Алијансата во Брисел во 1994 година. Иако примено со одредена доза на разочарување и недоверба, ПзМ придонесе, три години подоцна НАТО да ја донесе својата историска одлука за проширување со нови земји членки од Источна Европа. На Самитот на Алијансата во Мадрид од 1997 година им беше упатена покана на три земји Полска, Унгарија и Чешка да се приклучат кон НАТО.

Покрај интегративните процеси во Европа се случуваа и дезинтегративни процеси проследени со крвави граѓански конфронтации на просторот на поранешна Југославија. Благодарение на ангажманот на ЕУ, на НАТО и на пошироката меѓународна заедница, на овие крвави конфронтации им беше ставен крај со Дејтонскиот мировен договор од 1995 година.

Во овој период, во рамките на својата партнерска политика, НАТО успеа да воспостави и поблиска соработка со Русија и со Украина. Ваквата соработка преку посебните тела Советот НАТО – Русија и Советот НАТО – Украина, придонесе да се продлабочи взаемната соработка и доверба и покрај негодувањата од Москава против ширењето на НАТО кон Исток.

Поучени и охрабрени од ваквиот развој на настаните и поканата за проширување со нови земји членки, НАТО одлучи да го ажурира својот Стратегиски концепт од 1991 година. Новиот ажуриран концепт беше прилагоден на промените кои настанаа во Евроатлантската област во изминатата декада и вклучуваа и нови безбедносни предизвици и закани претежно од асиметрична природа. На Самитот во Вашингтон во 1999 година беа официјално примени новите земји членки, а беше усвоен и Новиот стратегиски концепт на Алијансата од 1999 година. Со овој концепт, НАТО полека започна да го префрла своето тежиште на интерес од Европа кон Блискиот и Средниот Исток во Азија. На овој Самит беше воспоставен и нов механизам за земјите аспиранти за членство во НАТО односно беше воспоставен Акциониот план за челнство во Алијансата. Идејата беше преку изработка на темелна програма да се подготват земјите за забрзано спроведување на реформите и исполнување на неопходните стандарди за членство во НАТО.

Неполни две години по усвојувањето на Новиот стратегиски концепт во 1999 година, се случија настани кои бараа итен одговор и корекција на одредени концептуални решенија. Имено, САД беше погоден од терористички напади во септеври 2001 година, кои беа нов вид на конфронтација непоимлив дотогаш. Алијансата се најде пред предизвик да се бори против „феноменот " тероризам кој нема своја држава но има држави кои го поддржуваат. Соочен со ваквиот безбедносен предизвик, а повеќе водени од „желбата за одмазда", САД за прв пат во историјата на НАТО се повикуваат на членот 5 од Вашингтонскиот договор за колективна самоодбрана. Истата година, НАТО ја започнува својата глобална војна против тероризмот со напад на земјата која беше означена за поддржувач на тероризмот – Авганистан. НАТО после малку повеќе од една деценија го нападна Авганистан и се впушти во „војна без крај",

против оној истиот Авганистан кој што предизвика финансиско исцрпување и пад на тогашниот СССР.

Во годините што следеа, односно во 2002 година, НАТО го одржа својот прв Самит во една поранешна комунистичка земја во Прага во Чешката Република. Тоа беше еден од симболите на новиот НАТО. На овој Самит беше воспоставена и идејата за формирање на НАТО Силите за одговор кои треба да ја достигнат својата финална оперативна готовност во 2006 годона. Во 2004 година на Самитот во Истанбул се случи новиот циклус на проширување кога на седум земји од т.н Вилнус група им беше упатена покана да ги започнат преговорите со Алијансата за членство. Официјално овие земји беа примени во НАТО во 2006 година на Самитот на Алијансата одржан во Рига во Литванија. На овој Самит веќе се наѕираа првите знаци насочени кон подготовка на Нов стратегиски концепт на Алијансата преку носењето на Сеофатните политички насоки на Алијансата. Со овие Сеопфатни политички насоки за прв пат официјално се поставија и политички цели кои се обврзувачки за земјите членки, но и за земјите аспиранти за членство. Овие насоки се однесуваа на развојот на распоредливи способности до ниво од 40%, како и на одржување на 8% едновремено распоредени способности. Заклучокот е дека новиот Концепт треба да ги одрази еволуирачките промени во безбедносните закани кои се јавуваат во поширокот стратегиско безбедносно опкружување и со кои се соочува или пак се очекува да се соочува во блиска иднина Алијансата. Меѓутоа, во континуитет Алијансата се соочуваше со предизвикот од глобалната војна против тероризмот, која во меѓувреме се прошири и врз Ирак. На Самитот во Букурешт се случи и третиот бран на проширување на НАТО со земјите од Западен Балкан односно со Хрватска и Албанија.

Охрабрени од брзиот успех на бојното поле, НАТО ја започнува мисијата ИСАФ во Авганистан, која има за цел да го искорени тероризмот од оваа земја. Во оваа мисија, за прв пат Алијансата ги покани да

учествуваат и земјите кои не се членки, односно земјите Партнери. Во 2009 година светот го погоди голема економска криза која што силно се одрази не само врз одбранбените буџети на земјите членки на Алијансата, но и врз земјите партнери. Последиците беа изразени со значително редуцирање на издвојувањата за одбраната, а со тоа и на иднината на мисијата на НАТО во Авганистан. Соочени со ваквиот предизвик од за време на „Студената војна“ и потоа „недопирливите“ издвојувања за одбраната, земјите членки на Алијансата започнаа да ги редуцирраат своите контингенти во мировните операции. Алијансата започна процес на трансформација на својата командна и организациона структура со цел да се обезбедат повеќе средства за поддршка на ИСАФ мисијата. Како што одминуваа годините, „постарите“ земји членки започнаа да ги редуцираат своите воени контингенти во ИСАФ, а тежиштето полека го префрлаат на земјите партнери. Ваквиот тренд најмногу дојде до израз за време на светската економска криза.

На Самитот во Лисабон во 2010 година, НАТО го усвои својот седми стратегиски концепт насловен како „Активен ангажман, модерна одбрана: Стратегиски концепт за одбрана и безбедност на членките на Северноатлантската договорна организација“. Со концептуалните решенија понудени во него може да се виида дека Алијансата своето тежиште го става на понатамошното јакнење на соработката со партнерите, но и на развојот на конвенционалните сили. Безбедноста на Евроатлантската област сега тесно се поврзува со безбедноста на Авганистан. Според овој Концепт, НАТО мора да располага со високо опремени, модернизирани, брзо подвижни, интероперативни сили и сили со висок степен на готовност подготвени во секој момент да дејствуваат каде што има потреба. Потребата од вакви сили е неопходна пред се поради еволуирачкиот сет на безбедносни закани од асиметрична природа за кои е потребно брзо дејствување. Посебно внимание се посветува на

продлабочувањето на соработката со партнерите особено со Русија. Русија му е потребана на НАТО пред се поради пружањето на логистичка поддршка на силите на Алијансата во Авганистан, но и во новата ракетна политика на Алијансата.

На Самитот во Лисабон во 2010 година, НАТО ги најви своите планови за повлекување од воената мисија ИСАФ во Авганистан и најави планови за подготовка на нова мисија. Самитот во Чикаго во 2012 година беше фокусиран на „Срцето на Азија" како што Сојузниците го нарекуваа Авганистан. Безбедноста на Авганистан е од клучно значење за Алијансата и поради тоа е одлучено борбената мисија ИСАФ да заврши до 31 декември 2014 година. После тоа треба да биде започната нова мисија посветена на транзиционата фаза проследена со реконструкција и стабилизација. Во овој транзиционен период, Аганистанските безбедносни сили и Авганистанската влада треба да обезбедат контрола над 75% од територијата на земјата. Лидерите на НАТО на Самитот во Велс го продолжија својот континуитет во развојот и спорведувањето на политиките на Алијансата. Се дискутираше на многу теми кои се од клучно значење за идниот развој на Алијансата во еволутивното стратегиско опкружување, проследено со појава на нови безбедносни предизвици и закани. Периодот на одржувањето на Самитот под притисок на настаните во Украина, под предизвикот на НАТО поврзан со мисијата „Одлучна поддршка" во Авганистан и под предизвикот на растечкиот верски милитантен радикализам во Ирак и Сирија.

Првиот предизвик, ја „разниша" мирната дводеценска концептуална премиса дека опасноста од конвенционалната војна во Европа е сведена на минимум. Тоа отвори нова димензија во зачувувањето на мирот, безбедноста и стабилноста на европско тло. Ваквиот безбедносен предизвик беше предизвикан од присоединувањето на Кримскиот полуостров кон Русија и военот конфликт во Источна Украина помеѓу

проруските сепаратисти и украинската влада. Како одговор на ваквата политика на Москава, земјите членки на ЕУ кои во најголем дел се и членки на НАТО воведоа економски санкции кон Русија со цел да ја казнат за присоединувањето на Крим кон Русија. Овој настан се одрази и врз односите на НАТО со Русија кои се на најниско ниво уште од времето на „Студената војна“. Меѓутоа, НАТО не планира воено да интервенира во Украина или против Русија.

Вториот предизвик е комплексен предизвик и нов тест за способноста на Алијансата да ја започне фазата на реконструкција и стабилизација на Авганистан. Лидерите на НАТО во оваа транзициона фаза се соочија со предизвикот од недостаток на човечки и финансиски ресурси, придружена со намалена посветеност и солидарност пред се од земјите членки на Алијансата.

НАТО изразува загрженост во однос на предизвикот со ширењето на радикалниот верски екстремизам и создавањето на Исламска држава на територијата на Ирак и успехот кој исламистите го имаат и во Сирија.

Континуитетот во развојот на Алијансата е евидентен во целокупниот период на постоење. Алијансата се развива во сите области, концептуални, доктринарни, стратегиски, територијални и слично, притоа задржувајќи ги основните постулати на нејзиното формирање. Прилагодувањето и унапредувањето на концептуалните решенија, Алијансата го врши континуирано во согласност со промените во стратегиското безбедносно опкружување и согласно појавените закани по нејзината безбедност. Резултат на тоа се седумте стратегиски концепти и мноштвото на Самитски документи преку кои се врши корекција на одредени концептуални решенија кои настанале како резултат на променливата природа на заканите. Се добива впечаток дека последните два стратегиски концепти се донесени некако прерано. Преовладува самодовербата дека само НАТО е тој кој е способен да ја гарантира

безбедноста, стабилноста и мирот во Евроатлантската област и пошироко, притоа заборавајќи на опоравената политички, економски и воено Русија. Така во концептот од 1999 година никаде не се споменува опасноста од тероризмот како закана која може да ја загрози безбедноста на земјите членки на Алијансата. Во последниот концепт, слично како и во претгодните два, заканата од конвенционална војна во Европа е сведена на минимално ниво. Но настаните во Украина, јасно покажаа дека оваа закана НАТО не смее да ја отпише во потполност. Колку и да е сведена на минимум оваа закана, таа се уште ќе бдее во Европа како последица од „Студената војна" и ќе се држи како „резерва" во однос на принудата со енергетски, економски или други елементи на присила. Започнатата „економска војна" помеѓу ЕУ, пред се поради фактот што НАТО нема своја економска политика, може да претставува вовед во „Нова студена војна" во Европа. Посебно загрижува и одговорот на Русија, која се заканува со реукција или потполно прекинување на снабдувањето на Европа со енергенси како нафтата и посебно природниот гас.

Од Самитот во Велс може да се забележи дека Алијансата полека размислува и за јакнење на нејзината економска компонента која и е толку многу неопходна за понатамошното нејзино дејствување. Едно од објаснувањата е и заложбата за стабилно финансирање на одбраната до 2% од БДП кои во наредниот период земјите членки, но и партнерите се обврзани да го реализираат.

Сите реформи и трансформации кои ги спроведе Алијансата придонесоа истата константно да се прилагодува на новонастанатите ситуации и да опстои и во периодот после „Студената војна". Придонесот на Алијансата во зачувувањето на светскиот мир и безбедност не е за потценување, но во одредени ситуации е дискутабилен. Можеби една од главните дилеми која отвора простор за жестоки дискусии е дилемата „Дали демократијата е извозна?" НАТО од почетокот на дваесети првиот

век започна нова фаза во своето постоење кое се заснова на промоција на споделените заеднички демократски вредности на либеарл демократијата. Тоа придонесе НАТО да започне неколку меѓународни мисии надвор од Евроатлантската област. Во секој случај, НАТО се промовира во Алијанса на денешнината, но и во Алијанса за иднината.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Active Engagement, Modern Defence, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organisation adopted by Heads of State and Government in Lisbon on november 2010, Preface, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_68580.htm.
2. Address by the President of the United States George W. Bush, German Marshall Fund of the Unated States, 28 November 2006, Riga, Latvia.
3. Атанасов,Гоце., „Обама: НАТО е посилен по самитот во Чикаго", Макденес, http://www.makdenes.org/content/article/24588838.html.
4. Аќимовиќ Љубивоје: Значај и домени Совјстско-америчког споразума о елиминирању ракета средњег и краќег домета „Преглед" Центар за стратегиски студии, Белград, 1988 година.
5. Announcement on Enlargement, by NATO Secretary General, Lord Robertson, Meeting of the North Atlantic Council at level of Heads of States and Government, November 2002, Prague.
6. Black, L. Joseph, Russia Faces NATO Expansion: Bearing Gift or Bearing Arms? Rowman& Littlefield Publisher INC, Boston Way, Lanham, Maryland 20706, 2000.
7. Blair Tony, Opening Remarks by the Prime Minister of the United Kingdom and Northern Ireland, Tony Blair, Washington, 23 April 1999.
8. Baldwin A. David, The concept of security, *Review of International Studies, 1997* .
9. Brauch, Hans Günter, Concepts of Security Threats, Challenges, Vulnerabilities and Risks, 2011, http://www.springer.com/978-3-642-17775-0.
10. Bucharest Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Bucharest on 3 April 2008, paragraph 3.

http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_8443.htm?mode=pressrelease.
11. Vandenberg Resolution, 1948. Avalon Project, Yale Law School, http://avalon.law.yale.edu/20th_century/decad040.asp.
12. Gallis Paul, NATO's Decision-Making Procedure, CRS Report for Congress, Updated May 5, 2003.
13. Гоцевски Трајан, „Основи на системот на националната одбрана"
14. Димошковски Слободан., Основи на националната одбрана на република Македонија, воено – политички аспекти, НИП „Глобус", Скопје, 1996 година.
15. Declaration on a Transformed North Atlantic Alliance, 06 July 1990, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_23693.htm?#top.
16. Declaration on Peace and Cooperation, issued on 08 Nov. 1991 by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council ("The Rome Declaration").
17. Developments in the Soviet Union, Issued on 08 Nov. 1991, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_23848.htm?mode=pressrelease.
18. Declaration of the Heads of State and Government, Issued on 11 Jan. 1994 by participating in the meeting of the North Atlantic Council ("The Brussels Summit Declaration"), http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_24470.htm?mode=pressrelease.
19. Defence Capabilities Initiative, Issued on 24th April 1999 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington, D.C http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99s069e.htm.

20. Declaration on Alliance Security , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl on 4 April 2009, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52838.htm?mode=pressrelease.
21. Declaration by the Heads of State and Government of the Nations contributing to the UN-mandated, NATO-led International Security Assistance Force (ISAF) in Afghanistan Issued on 20 Nov. 2010.
22. Declaration, by the North Atlantic Treaty Organisation (NATO) and the Government of the Islamic Republic of Afghanistan on an Enduring Partnership signed at the NATO Summit in Lisbon, 20 Nov 2010, Portugal.
23. Deterrence and Defence Posture Review, Issued on 20 May. 2012, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_87597.htm?mode=pressrelease.
24. D.C. 6/1, The Strategic Concept for the defence of the Nort Atlantic Area, 1 December 1949, NATO Strategy Documents 1949-1969.
25. Ѓорески, И. „Република Македонија и Самитот на НАТО во Чикаго - Ден потоа", ШТИТ, Министерство за одбрана, бр.35, јули 2012 година.
26. ISAF's Strategic Vision, Declaration by the Heads of State and Government of the Nations contributing to the UN-mandated NATO-led International Security Assistance Force (ISAF) in Afghanistan, Issued on 03 Apr. 2008.
27. Istanbul Summit Communiqué, Issued by the Heads of State and Government, participating in the meeting of the North Atlantic Council, http://www.nato.int/docu/pr/2004/p04-096e.htm.
28. Keynote speech, by NATO Secretary General Jaap de Hoop Sheffer at Riga Conference, Riga, Latvia, 28 November 2006.

29.Kuzmanovski Sašo „NEW CONTEMPORARY SECURITY ON THE AFTERMATH OF NATO SUMMIT. Cognition and Understanding of the Lisbon Summit Declaration“,http://ecbs.org.mk/index.php?option=com_docman&task=cat_view&gid=9&Itemid=17&lang=mk.

30.Lisbon Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Lisbon, on 20 Nov. 2010.

31.Madrid Declaration, on Euro-Atlantic Security and Cooperation , Issued on July 1997, by the Heads of State and Government.

32.Membership Action Plan (MAP), Issued on 24th April 1999 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington, D.C http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-066e.htm.

33.Начевски, Р. Регановата стратегија – клучен фактор на победата во меѓустратегиската борба Запад-Исток и фрагментацијата на реал-социјализмот како систем, Годишен зборник на филозофскиот факултет во Скопје, 1994 година.

34.Нацев, З. и Начевски, Р. Безбедност и национална одбрана, Куманово, Македонска ризница, 2001 година.

35.Надмоќ во Авганистан, подобрување на капацитетите, унапредување на соработката, НАТО по Рига, NATO Public Diplomacy Division, 1110 Brussels, Belgium.

36.„Нов концепт на НАТО за 21-виот век“,http://www.makdenes.org/content/article/2225526.html.

37.„Нов Стратегиски концепт на НАТО“, Лисабон 2010.

38.„Нови задачи за НАТО“, http://www.dw-world.de/dw/article/0,,6220230,00.html.

39.NATO Invites Poland, Hungary, Czech Republic to join, World News, July 8, 1997.
40.NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2001.
41.NATO Handbook, Public Diplomacy Division NATO, 1110 Brussels, Belgium, 2006.
42.NATO Transformed: new members, capabilities and partners, 21 november 2002.
43.NATO boosts efforts in Afghanistan, Meeting in Riga at the high level, NATO Heads of States and Government, Riga, 28 November 2006.
44.North Atlantic Military Committee Decision on M.C. 14/1, a Report by the Standing Group on Strategic Guidance, 9 December 1952, NATO, Strategy Documents 1949-1967.
45.Obama Barrack, "Opening Session of the North Atlantic Council", 20 May Chicago, 20 May Chicago, http://www.youtube.com/watch?v=LUzaVKl7rk8.
46.Opening remarks by US President Obama at the Strasbur/Khiel Summit, 4 April 2009.
47.Partnership for Peace: Framework Document, Issued on 11 Jan. 1994by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_24469.htm?mode=pressrelease.
48.The Partnership for Peace programme, http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_50349.htm.
49.Partnership Tools, http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_80925.htm.
50.Partnership for Peace Planning and Review Process, Last updated: 12 Jun. 2014 http://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_68277.htm.

51.„Прирачник за НАТО, Брисел, 2001“, http://www.morm.gov.mk/morm/mk/nato/about_nato.html.

52.Prague Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Prague on 21 November 2002, http://www.nato.int/docu/pr/2002/p02-127e.htm.

53.Press Conference by US President George W Bush and Vaclav Havel, President of the Czech Republic, at Castle Prague in Prague, Czhech Republic, 20 Nov. 2002.

54.Press Conference by the NATO Secretary General, 21 May 2012, Chicago, http://www.nato.int/cps/en/natolive/events_84074.htm.

55.Press Conference by the US President, 21 May 2012, Chicago, http://www.nato.int/cps/en/natolive/events_84074.htm.

56.Rasmussen Andreas Fogh, "Opening Session of the North Atlantic Council", 20 May Chicago, http://www.youtube.com/watch?v=LUzaVKl7rk8.

57.Robertson, Europe's Transformation, Speech by NATO Secretary General, Lord Robertson, at the conference of the Aspen Institute Berlin and the NATO Host Committee for the Prague Summit, 20 Nov. 2002, Prague.

58.Remarks by NATO Secretary General, Jaap de Hoop Sheffer at the opening of the NATO Summit transformation exhibition, Riga, Latvia, 27 November 2006.

59.Remarks by NATO Secretary General, Jaap de Hoop Sheffer at demonstration of C17 Strategic Air Lift, Riga International Airport, 27 November 2006.

60.Riga Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Riga on 29 November 2006.

61.Ружин Нано, НАТО во современите меѓународни односи, “Фридрих Еберт”, Скопје 2010 година, стр.33, http://www.fes.org.mk/pdf/Nano%20Ruzin%20NATO%20Publikacija%202010.pdf.
62.Ружин Нано, „НАТО без стратегиски концепт“, http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=1015101435238&id=23&setIzdanie=22110.
63.Ружин Нано, НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија, Скопје: Фондација „Фридрих Еберт”, 2005 година.
64.Sorin Ioan, Strategic Concepts in the NATO Evaluation, Strategic Planning Directorate – Vector of Euro-Atlantic Integration, Romanian Military Thinking~2/2012.
65.Solan, Stanly R. NATO:July 1997 Madrid Summit Outcome, CRS Report fpr Congres, Updaret July 14, 1997.
66.Solana Javier, Statement by NATO Secretary General, Dr.Javier Solana, Washington, 24 April 1999.
67.Study on NATO Enlargement. Brussels: NATO, September 1995.
68.Statement on Kosovo, Issued on 23rd and 24th April 1999by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington, D.C, http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-062e.htm.
69.Statement on Iraq, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Istanbul on 28 June 2004, http://www.nato.int/docu/pr/2004/p04-098e.htm.
70.Summary of the Meeting of Allied and Partner Heads of State and Government under the Aegis of the Euro-Atlantic Partnership Council, Madrid 9 July 1997.

71.Sheffer Jaap de Hoop, A New Atlanticism for the 21st Century, Speech by NATO Secretary General, Jaap de Hoop Sheffer, at Conference of the German Marshall Fund, 27 June 2004, Istanbul, Turkey.
72.Summit Declaration on Afghanistan, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl on 4 April 2009, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52836.htm?mode=pressrelease.
73.Speech, by NATO Secretary General Jaap de Hoop Scheffer at the NATO Defense College, Rome, 28 May 2009, http://www.nato.int/cps/fr/natohq/opinions_55199.htm?selectedLocale=en .
74.Summit Declaration on Defence Capabilities: Toward NATO Forces 2020, Issued on 20 May. 2012, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_87594.htm?mode=pressrelease.
75.Strasbourg / Kehl Summit Declaration , Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Strasbourg / Kehl, paragraph 1, http://www.nato.int/cps/en/natolive/news_52837.htm?mode=pressrelease.
76.Тајлер Олаф. „Безбедност преку партнерство“„„Сабја или рало“, George C Marshal, 17. февруару 2008 година, www.nato.int/docu/sec-partnership/sec-partner-mac.pdf.
77.The Ostpolitik of the Federal Republic of Germany, Federal Foreign Office, http://www.auswaertiges-amt.de/EN/AAmt/PolitischesArchiv/EinblickeArchiv/Ostpolitik_node.htm.
78.The Truman Doctrine, 1947, U.S. Department of States, Office of the Historian https://history.state.gov/milestones/1945-1952/truman-doctrine.

79. The Marshall Plan: The Economic Cooperation Act, March 1948, U.S. Department of States, Office of the Historian, https://history.state.gov/milestones/1945-1952/marshall-plan.
80. The Alliance's New Strategic Concept, agreed by the Heads of State and Government participating in the Meeting of the North Atlantic Council issued in 1991 in Rome, paragraph 1 and 2. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_23847.htm.
81. The Situation in Yugoslavia Issued on 08 Nov. 1991, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_23849.htm?mode=pressrelease.
82. The Alliance's Strategic Concept, Approved by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C, Issued on 24 Apr. 1999, Introduction, http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_27433.htm?selectedLocale=en.
83. The Washington Declaration, Signed and issued on 23rd and 24th April 1999 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington D.C. http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-063e.htm.
84. The Wales Declaration on the Transatlantic Bond, Issued on 05 Sep. 2014, http://www.nato.int/cps/en/natohq/official_texts_112985.htm.
85. Treaty of Economic, Social and Cultural Collaboration and Collective Self-Defence, http://www.weu.int/ .
86. Treaty Between The United States Of America And The Union Of Soviet Socialist Republics On The Elimination Of Their Intermediate-Range And Shorter-Range Missiles (INF Treaty), Signed December 8, 1987, U.S. Department of State, http://www.state.gov/t/avc/trty/102360.htm.
87. Twenty (20) years ago: London Declaration marks birth of new NATO, NATO News - July 2010, NATO Contact point Embassy,

http://www.mzv.cz/belgrade/sr/kontaktna_ambasada_nato/index.htm, http://www.nato.int, http://www.natochannel.tv, Belgrade, 9th August 2010.

88.Final Decision on M.C. 14/2 (revised), A Report by the Military Committee on Overall Strategic Concept for the Defence of the North Atlantic Treaty Organisation Area, 23 May 1957, NATO strategy Documents 1949-1969.

89.Final Decision od MC 14/3, A Report by the Military Committee to the Defence Planning Committee on Overal Strategic Concept for the Defence of the North Atlantic Treaty Organization Area, 16 January 1968, NATO Strategy Documents 1949-1969.

90.Final Communiqué, Ministerial of the NAC. Brussels: NATO. Dec. 10, 1996.

91.Framework Document 05/2011, The Evolution of the Concept of Security, Instituto Español de Estudios Estrategicos June 2011.

92.Clinton J William., Speech, by the President of the United States, William J. Clinton, Washington 23 April 1999.

93.Clinton J.William, Speech, by the President of the United States, William J. Clinton, Washington 23 April 1999, Comemorative event.

94.Chairman's Summary, of the Meeting of the Euro-Atlantic Partnership Council at Summit Level, 22 Nov. 2002, http://www.nato.int/docu/pr/2002/p02-128e.htm.

95.Chicago Summit Declaration, Issued by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Chicago on 20 May 2012.

96.Chicago Summit Declaration on Afghanistan, Issued by the Heads of State and Government of Afghanistan and Nations contributing to the NATO-led International Security Assistance Force (ISAF).

97. Closing press conference, by NATO Secretary General Jaap de Hoop Sheffer, Riga, Latvia, 29 November 2006.
98. Comprehensive Political Guidance, Endorsed by NATO Heads of State and Government, on 29 November 2006.
99. Šta je NATO?, Centar za demokratsku tranziciju, Info centar o evropskim integracijama, (пристапено на 10.10.2014 година), http://www.infocentarmne.net/IC/nato-i-cg/nato-info/.
100. Washington Summit Communiqué, „An Alliance for the 21st Century", Issued on 24th April 1999 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Washington, D.C. http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-064e.htm.
101. Weber Bruce, Pierre Harmel, at 98; Belgian statesman who helped reshape NATO, New York Times / November 22, 2009, http://www.boston.com/bostonglobe/obituaries/articles/2009/11/22/pierre_harmel_at_98_belgian_statesman_who_helped_reshape_nato/.
102. Wales Summit Declaration, Issued on 05 Sep. 2014 by the Heads of State and Government participating in the meeting of the North Atlantic Council in Wales.
103. Wales Summit Declaration on Afghanistan, Issued by Heads of State and Government of Allies and their International Security Assistance Force (ISAF) troop contributing partners Issued on 04 Sep. 2014.
104. Welcoming remarks by United States President Barack Obama at the meeting on Afghanistan in Head of States and Government Format, 21st May 2012, Chicago.